Ж III 121
Инв. Бр. 10 944

# ОБЛИЦИ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ТЕТОВСКИОТ КРАЈ

/ПОЛОГ/

Јуни 1965, Скопје

Блага Петроска

# У В О Д

Во последниве неколку години, во нашата земја постои голем интерес за проучување на семејството. Индустријализацијата, урбанизацијата и другите крупни промени во општествениот живот во повоениот период делуваат и во правец на менување на семејниот живот кај нас, па оттука и големиот интерес кој се појави за изучување на семејството. Во таа смисла проучувањето на семејството на едно помало подрачје, Тетовското, ќе претставува еден дел од напорите за подетално запознавање на современиот семеен живот и составување типологија на југословенските семејства.

Како во цела Југославија, така ни во Тетовско не може да стане збор за еден единствен тип на семејство поради низа околности кои делувале на неговото формирање и менување. Исто така не може да стане збор за еден единствен облик на семејство и поради тоа што различните облици на семејството нееднакво реагираат на промените како од областа на стопанството, така и од областа на правото. Бројно големите семејства, семејства со по четири генерации, високиот наталитет и морталитет, особено подредената положба на жената со разните нијанси кои ги внесува религијата и традицијата /склучувањето на бракот како работа на родителите, двоженството, "размена" итн./, се елементи кои уште го обележуваат семејниот живот на ова подрачје.

Така може да се објасни фактот што во едно подрачје, како што е Тетовското, паралелно постојат најразлични форми на семеен живот, стари па дури и најстари форми на семеен

живот како семејните задруги, купувањето и продавањето на жените, бракови склучени меѓу деца, предрасуди за авторитетот на мајката и таткото и форми на егалитарно семејство застапени во градот и во индустриските центри.

Така, на пример и покрај единственото позитивно семејно право, на ова подрачје, многу делува обичајното право и народните сфаќања, а исто така големо влијание има и православниот и муслиманскиот верски систем, кои делуваат во правец на забавување процесот на промена на семејните односи.

Секако дека постоењето на оваа шаренило во формите на семејството се резултат на делување на мноштво фактори како што се различната етничка и религиозна припадност на населението, различните типови на населби, влијанието на индустријата, занимањето и заработувачката на населението, стручното образование и школската спрема, производната дејност, навиките, обичаите итн. Сите овие промени се одразуваат на семејниот живот, влијаат на составот на домаќинството, на неговата големина, бројот на децата, фертилитетот, начинот на формирање на домот и тн.

Во изучувањето на оваа проблематика, при теренските истражувања морало да се појде од овие фактори и од нивното различно делување, па затоа било невозможно да целиот терен да се примени еден исти метод на испитување. Најопштите елементи од кои е појдено во теренското истражување се:

1. типот на населба - село, град;
2. етничката и религиозната припадност -шиптарски и турски /муслимански/ семејства и македонски семејства:
3. професионалната поделба /работници,службеници/.

База на ова испитување се најновите податоци од службената демографска и витална статистика кои можеа да се користат. Така, сите табели за Полог специјално се изработени за оваа цел, додека некои табели, поготово од виталната статистика, кои не можеле специјално да бидат изработени поради немање на такви податоци за населбите, се сумирани по општините, а тоа значи дека општината Маврово /која не спаѓа во Полог/ е изоставена во целина, додека Сараќинската општина е земена во целина. На ваквите табели во текстот ќе се обрне посебно внимание. Голема пречка за максималното ползување на статистичките податоци претставуваше фактот што овие податоци не се групирани по национален состав. Оваа пречка е отстранета на тој начин што многу податоци кои се однесуваат на различните националности во Полог се добиени директно од општините на терен.

Во ползувањето на статистичките податоци кои се однесуваат на етничкиот состав на населението во Полог се наиде на следнава тешкотија: во пописот на населението од 1961 година се јавува поголем број на турско население и турски населби отколку што фактички ги има на теренот. Ваквата ситуација е резултат на фактот штожеден голем број Шиптари и поисламени Словени се декларираат како Турци и обратно /селата Урвич, Јеловјане и др. села/, во зависност од некои моментални интереси, така што некоја практична граница меѓу турското, шиптарското и муслиманско словенското население не може да се постави. Неоспорен е фактот дека религиозниот феномен има посебно значење во овој крај, дека тој многу влијаел не само на склучувањето на бракот, туку и на карактерот

на психичките и моралните особини на мажот и жената кои се изразуваат за понатамошниот семеен живот. Печатот на верата бил толку јак што со асимилацијата доаѓало до се посилно мешање меѓу нив - Шиптарите зборуваат турски, Турците и поединни муслимански Словени Шиптарски - па оттука верската расподелба често ни ја дава и етничката расподелба. Затоа, во понатамошната обработка на материјалот се наметна потребата од групирање на населението во Полог по верска припадност, вoглавно: Шиптари и Турци и Македонци. Смалената можност да се користат статистичките податоци доаѓа и оттаму што истите не можеа да се добијат во време иако ги добивме во простор, бидејќи такви нема, или пак во колку и ги има тие не се наполно компарабилни поради разните појдовни точки кои што се применети во групирањето на податоците во различните години на пописот. Затоа, колку и да се настојувало не било возможно да се избегнат, на една страна некои празнини / поради немање податоци за важни работи/, а на друга страна оптеретување на текстовите со детали. Исто така не било возможно некои заклучоци да се доведат до крај и нивното значење доволно прецизно да се одреди.

За добивање што поверодостојни податоци за семејниот живот во Полог е извршено анкетирање. Во рамките на административната поделба единиците на истражувањето се поделени на селско и градско подрачје.

Од селското подрачје со случаен узорак се избрани 45 села или 35% од вкупниот број на села, одбрани по етнички критериуми. За одредување бројот на испитаните села решавачки бил бројот на учителите кои сакале да соработуваат. Селото во целина, не одделното семејство, не поединецот, се

јави како единица на истражувањето што е оправдано ако се има предвид интегрираноста на селското семејство во селската заедница. Учителите се покажаа многу добри соработувачи, како мештани, одлични познавачи на селскиот семеен живот и како луѓе пред кои мештаните се држат без резерва. Тие успеаја да го приберат изворниот материјал неопходен за ова проучување.

Од поделени 153 анкетни листови, за обработување се вратија 62 анкетни листови од кои 40 се однесуваат на шиптарското население, а 22 на македонското население.

Од градското подрачје се анкетирани 256 поединци, односно преку поединците се добиени податоци за 256 домакинства што претставува 3,1% од вкупниот број на домакинства.

Анкетниот лист во градот, врз база на разговор со поединци, е пополнет од група на студенти и социјални работници специјално припремени за оваа цел. Субјекти на испитувањето беа мажи и жени во брак одбрани по етнички и професионални критериуми.

При анкетирањето како на селото така и во градот посебно се инсистирало на положбата од пред војната, така што секое прашање е осветлено и од тој аспект. Анкетирањето покажа предности со тоа што слободните одговори дадоа обилство на доста емоционално обоен материјал и недостатоци со тоа што во статистичката обработка ваквите одговори многу потешко можеа да бидат уврстени во категории кои би можеле да бидат броени.

Исто така од голема важност за проучувањето на оваа тема се судските материјали, поточно бракоразводните парници

кои ни укажуваат на многу стари и нови моменти кои постојат на релацијата маж-жена. Овие материјали се ползуваат во Окружниот суд во Тетово. Од општинските судови во Тетово и Гостивар се земени податоци за малолетничките бракови, бидејќи податоците се кои располага статистиката се однесуваат на целата СР Македонија.

Од не помала вредност се и обавените разговори на теренот со општествените и простветните работници, кои укажаа на многу проблеми и осветлија многу моменти во овој замрсен комплекс на прашања од најинтимната област на човечките односи, семејните односи.

Треба да се има предвид дека ова испитување било отежнато и однапред ограничено од повеќе причини. Пред сè кај нас постојат многу малу студии кои можеа да послужат како основа за овој труд, бидејќи со емпириско истражување во оваа област посериозно е отпочнато кај нас дури пред 2-3 години. Од друга страна, ова испитување немало потребен ослонец ни од теоретската страна која, исто така, кај нас не е детално обработена.

# I

# СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРИЛИКИ КОИ ГО ДЕТЕРМИНИРААТ СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ ВО ПОЛОГ

## 1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА НА ПОЛОГ

Тетовската околија, или како во текстот што ќе биде понатаму наречувана, Полошката котлина, кратко Полог[1/], претставува една изразена природна целина. Се простира помеѓу Шар-планина на Северозапад и планината Сува Гора и Желен на југо-исток.[2/] Во форма на продолжена елипса уз најгорниот тек на реката Вардар и со правец Југозапад- североисток. Полошката котлина има должина од околу 45 км., просечна ширина 5 км/најголема 10 км/, а површина околу 232 км². Од Југоисточната страна Полог е ограничен со планините Сува Гора / а од источно-северната страна од планината/ Жеден. Тие планини ја делат Полошката котлина од Порече и Скопската Котлина. Северно-западната страна на Полог ја затвора Шар Планина која го дели од Метохија и Косово. Од југо-западната страна на Полог се наоѓаат планините Влајкица и Буковиќ преку кои е врзан со Дебар, Охрид и Кичево. Полошката котлина се дели на Горни Полог, кој ја зафаќа југо-западната половина /околината на Гостивар/ и Долни Полог, кој ја зафаќа северно-источната половина/ околината на Тетово/. Поради својата изолираност, /единна природна врска е со Скопската котлина/, ретко која друга област во Македонија претставува таква економска, социјална и историска целина како Полог.

---

1/ Назив кој се споменува уште во Средниот век.

2/ Треба да се нагласи дека Полог и Тетовската околија според политичко-територијалната поделба на Македонија која важеше од II.1962-II.1965 г.- во времето на обработката на оваа т[ема] за не се поклопуваат. Имено, Тетовската околија според поли тичко-територијалната поделба ги опфаќаше општините Гостив[ар], Маврово, Саракино, Тетово, Теарце и Жеровјане. Во Полог не влегуваат сите споменати општини во целина туку само Гостиварската, Жеровјанската, Теаречката, Тетовската, додека од Саракинската општина влегуваат само селата Долна и Горна Лешница, Папатица, Стримница, Желино и Саракино, а од општина

Маврово само селото Дуф. Тоа значи дека во Полог има 133 населби од кои две се градски: Тетово и Гостивар.

## 2. НАСЕЛЕНИЕ ПО НАРОДНОСТ

Една од главните карактеристики на Полошката котлина е таа што во неа живееат повеќе националности меѓу кои доминира шиптарската етничка група. Денешниот различен етнички сотав на населението е резултат на повеќе влијанија од поблиското и подалечното минато од кои секако најважна е турската владавина во текот на 15,16,17,18 и 19 век и навлегувањето на Шиптарите воглавно од северозапад. Тоа населување најмногу се вршело во другата половина на 18 и во текот на 19 век. Спрема пописот на населението од 1961 година во Полог живееат вкупно 154.875 жители од кои 45.675 се Македонци/29,5/ 19.236 се Турци /12,4/, 86.922 се Шиптари /56,1/, а 3.060 останати /2,0%/. Полог е област која учествува со 11,02% во вкупното население на СРМ. Од вкупниот број на Шиптари во СРМ во Полог живееат 47,52%, од вкупниот број на Турци во СРМ во Полог живееат 14,63%, а од вкупниот број Македонци во СРМ во Полог живееат 4,56%.

Табела 1

НАСЕЛЕНИЕ ПО НАРОДНОСТ

/Табела изработена спрема пописот на нас. од 1961 год./.

| | ПОЛОГ | % | СЕЛО | ГРАД |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 45657 | 29,5 | 28934 | 16723 |
| Турци | 19236 | 12,5 | 9023 | 10213 |
| Шиптари | 86922 | 56,1 | 77583 | 9339 |
| Останати | 3060 | 2,0 | 1191 | 1869 |
| Вкупно: | 154875 | | 116731 | 33144 |
| | | | 75,4 | 24,6 |

Графикон 1




Табела 2

СЕЛСКО НАСЕЛЕНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| Македонци | 28934 | 24,8 |
| Турци | 9023 | 7,7 |
| Шиптари | 77583 | 66,5 |
| Останати | 1191 | 1,0 |
| Вкупно: | 116731 | |

Графикон 2



3. ГРАДСКО НАСЕЛЕНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| Македонци | 16.723 | 43,8 |
| Турци | 10.213 | 26,8 |
| Шиптари | 9.336 | 24,5 |
| Останати | 1.869 | 4,9 |
| Вкупно: | 38.144 | |

Графикон 3




Графикон 4



## 3. ЕКОНОМСКИТЕ ПРИЛИКИ ПРЕД ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Економските, политичките и културните услови за живеење, во минатото биле многу неповолни за населението во Полог. Остатоците на феудализмот многу долго делувале, поправо тие се раскинати дури во 1918 год., со тоа што некој "чифчиски однос " продолжувал уште неколку години. Од овие причини доста долго е задржано натуралното стопанство, со тоа што понекаде почнале да се појавуваат и домакинства од мешовит карактер. Промените во економскиот состав на населението настапувале многу бавно, што впрочем е карактеристично за цела Македонија поради тоа што капитализмот релативно бавно се развивал. Крајно заостанато подрачје, национално и стопански угнетено, во составот на феудалната стопанска империја, како и цела Македонија / во која се вкрстувал феудализмот со капитализмот/, со својот економски развиток, уште еднаш ја потврдува Марксовата мисла изречена во предговорот на првото заседание на првата книга на Капиталот: "Ние страдаме не само од развитокот на капиталистичкото производство, туку и од недостатокот на неговиот развиток. Покрај модерните неволи не притиснува нас и една цела редица наследени неволи што произлегуваат од тоа што продолжуваат да вегетираат старинските, преживеаните начини на производството со нивните соодветни застарени општествени и политички односи"1/.

Стопанството на ова подрачје имало изразито аграрен карактер, селското газдинство во најголем дел било ситно и тешко можело да се прилагоди на барањата ма капиталистичкиот начин на производство.

---

1/ Капиталот I Култура,Скопје 1953 г.,страна XLIV

Замјоделството и тоа заостанато со малу стока и скоро без машини, а со многу човечка сила, ја сочинувало основната гранка на стопанството. Ваквото земјоделско стопанство се карактеризира со ниска продуктивност на трудот, малку произволи за пазар, големи производни трошкови и слаба куповна моќ на селаните. Земјишниот имот се повеќе се делел, селото се раслојувало, земјоделското население непрекинато растело доведувајќи до аграрна пренаселеност која се до денешните денови ќе претставува сериозен економски и демографски проблем.

Табела 4

ЗЕМЈОДЕЛСКО И НЕЗЕМЈОДЕЛСКО НАСЕЛЕНИЕ

/Табела изработена према пописот 1953-1961 година/

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделско | 1953 | 90062 | 65,2 | 84411 | 77,8 | 5651 | 19,0 |
| | 1961 | 91003 | 58,7 | 85631 | 73,4 | 5372 | 14,1 |
| Неземјоделско | 1953 | 48137 | 34,8 | 24070 | 22,2 | 24067 | 81,0 |
| | 1961 | 63872 | 41,3 | 31100 | 26,6 | 32772 | 35,9 |
| Вкупно насел. | 1953 | 138199 | | 108481 | | 29718 | |
| Вкупно насел. | 1961 | 154875 | | 116731 | | 38144 | |

Графикон 5

УЧЕСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ВО ВКУПНОТО НАСЕЛЕНИЕ



Ваквата структура на населението со таков процент на земјоделско население (кој ситурно дека бил многу поголем понапред, но за жал, немаме за тоа точни податоци/ ги упатувало луѓето, на кои обработката на земјата не можела да им го обезбеди опстанокот, на работа во индустрија и во другите неземјоделски дејности. Индустријата во Полог била многу слабо развиена и покрај тоа што постоеле предуслови за нејзино развивање. Непосредно пред Втората светска војна во Тетово, во кое била концентрирана индустријата, познати се две мали гајтанџиски фабрики, фабрика за преработка на кожи, еден моторен млин и мала фабрика за преработка на тутун "Монопол", која повеќе вапослувала сезонски работници, ( во 1939 г. работеле околу 380 луѓе). Во близината на Гостивар позната е една циглана и една помала хидроцентрала во селото Вруток која служела за осветлување на Гостивар. Во тој период и занаетчиството бил еден од главните фактори за опстанокот на населението. Најповеќе биле застапени кондуро-папучарскиот занает, ковачкиот, кројачкиот и столарскиот. Домашната ракотворба била доста развиена и на село и во градот, а и со трговија се занимавале еден добар дел на градското население.

а/ Печалбарство

Бидејќи слабо развиената индустрија и другите неземјоделски дејности не биле во состојба да го апсорбираат во целина населението кое не можело да опстане од овие дејности, најповеќе тоа било упатено на печалба како внатре во Југославија, така и во странство. Печалбарските движења претставувале и уште претставуваат еден од многу значајните фактои за

за стопанството на ова подрачје. Печалбарството датира доста одамна. "Од Тетово и од селата многу мажи одат на печалба. До 1913 год. оделе во Бугарија, Србија, Романија. Неколку биле и во Русија. Во странство положаните работаат мако пекари, бозаџии, меанџии, касапи, алваџии, каменоресци. "Доста света из ове области, и Срба и арнаута, одлазе на гурбет. До пре тридесетак година мало је света одлазило, а сада /1909/ већина одлазе на гурбет... На гурбет их је почела одводити и железничка вез Скопља са Србијом, Бугарском и Стамбулом... Гурбетчије из ове области раде на гурбету разноврсне послове[2/].

Колку неминовно за опстанокот било печалбарството се гледа и од следниот напис во "Глас Полога" - Неделниот лист кој излегувал од 1933 па до Втората светска војна во Тетово. "Со Митровден, положкиот селанец ги завршува сите полски работи и приготвува се што му треба на семејството за зима. А тогаш? Тогаш патува во туѓина, пак на тешка телесна работа, во немање, дали од уста и спечалува пари со кои ќе си ги плати долговите /борџот/ и тоа со зеленашка лихва - фајде, на селски или градски зеленаш, или ќе го исплати данокот на прирез на државата. И така во крајни случаи, успева ше да си купи уборок-два нивче или ливада. Положкиот селанец оди на печалба во туѓина, каде што често останува и по десет години и повеќе,да се мачи, страда и штеди до гладување, за да донесе што повеќе и по смрт да остави на децата.

А каде не ќе сретнеме положки селанец? Во Романија тој е во провинцијата, на село и во Букурешт; Во Бугарија нај-

---

1/ А. Селинчев: "Пологъ и его Болгарское население", Софија, 1829 год. стр. 18

2/ Јован Х. Василевиќ: "По Тетовској области" - БратствоXXIX, Београд, 1933, стр. 192-3./

многу во Софија; во Турција - Цариград; во Грција - Солун и Атина; во Египет - Каиро, Александрија; во цела Африка; во Русија: Москва, Одеса, Киев и во други европски земји, а најмногу положанинот останува во својата земја - во Белград. Надвор од Европа, положкиот селанец најмногу оди во Северна Африка. Оди насекаде, кретари неуморно во борба за опстанок, зошто плодната положка земја е мала во своите приноси да ги задоволи неговите потреби"[1]

---

1/ Цитирано од "Тетово во минатото", од Кузман Најдевски, Тетово 1964 г., стр. 95-6.

Уште една статија од "Глас Полога", која зборува за тешкиот живот на печалбарското семејство од истата книга на стр. 101-103, на тетовско наречје: "Една вечер селанецот Серафил се вратил од работа нажален. Влагајќи у двор у негоа сиромашна куќица, чукнуе на врата и викнуе по жена му: - Еи, мори Босилке...- Еве ме, му се огласна она и излага од куќа... Селанецот Серафил седи замислен допрек до едно дрво чрничоо, туку што беше се вазеленило. Когај го виде тргна на кај нега па и рече, недоветно: - Спреми ми најпотребни долни алишта. Утре идем на гурбет.
- Што? Идеш?...- Здрвена, го праша Бисерка.
- Ти идеш, а нас не оставуеш сами и без леп...?
- Нема што. Нема што, треба да се живи. Ти сама видаш, да неможеме веќе у село да живиме. По цел ден работам на свакојпут не можем за леб да извадим...
Скупија... Сиромаштија...

Нак жената очите и светеле од солзи. Таа запомена наведнала глава накај земја и нажалено мисли, Серафил трае. Двајцата замислени.
- А кај идеш? - Го праша жена му
- Тамо далеку преку море, у Америка... У Америка...
Кажуа, да има тамо цели планине злато. Тамо свакој што работа се озенгинуе. Видеш; Има многу селјани мој најпре стигнати. Отишол тамо дедо ми, ми умрел еден брат тамо, а сега идем и ја у непознат свет да си го тражим к сметот; Когај пред мене многина го нашле, па белки и ја ќе го најдем, да иде па како рекол господ...
- А ние...
Остануете дома. Ќе живите како досега, ќе ви праќам сваки месец по нешто што ќе спечалим.
- Ако не печалиш?
- Ќе печалим, сигурен сум, зошто господ је милостив, он невидимо праќа на сиромаси.

Како ова рече он влезе у соба. Жена му по него отиде тресејќи се од жал. Влагајќи седна на рогожа, се допре на перница со лактот и се замисли. Жена му запали гасниче и седна карши него покрај постелата од децата.

Многу време седеа двајцата замислени и тресојќи. И кога саатот чукнуе десет алафранга двајцата заспале уморени од работа и многу мислење.

Утрето сабајле уште пред зора Серафим станал, без ѓурултија се спремуе за пут. Се помолил пред икона господу па па па га разбудуе жена му...

- Сеј со здравје Босилке, ја идем...

Не не сабравај нас, - му рече жена му прегрнувајќи го и плачејќи. Он га цуна па отиде у куше каде спија децата уште. Ги цуна двете поголемите неколку пута у образ и у коса, па после најмалото /сугарето/. Малиот се разбуди и му се насмеа на татко му. Серафиму солзе му протекоа. Он го зеде на руке, го подигна пред него и го погледа нажалено. Жена му ги гледала плачејќи. После малку држејќи го така уште еднаш го цунуе сугарето и го пушта детето на рогожа да спие.

- Идем...

Итајќи Серафим фати пут за град, да иде на гурбет...

- А жена му останала плачејќи на праг од вратата и гледајќи по него нажалена и уплакана, кој и се кажуе нешто дека више не ќе го види. А когај се скри Серафим зад планинче, наведнала глава како да и е скинат и полеку рекла: Господ нека го чуа и него и нас...

-"Глас Полога" 13.VIII.1938/

---

Повеќе податоци за печалбарството во овој крај дава Рудолф Петровиќ во неговата докторска десертација "Полог", антропогеографски приказ", издадена во Загреб 1942 г. Тој наведува дека од Тетово до 1914 год. поаѓале годишно околу 500 луѓ во Америка, околу 10.000 во Романија, околу 2.000 во Бугарија, околу 500 во Русија и исто толку во Србија и Турција. Тоа изнесува една седмина од целокупното население на тогашниот Полог. Првата светска војна го пореметува одењето на печалба, а по војната повторно цути печалбарството. Печалбарството сврзано за странство е погодено со економската криза од 1931 год. која ги опфаќа скоро сите европски држави, /одењето во Америка е намалено поради донесување на Законот за забрана на уселување/ па печалбарството се повеќе јакне внатре, во различните краишта на бивша Југославија, така што во 1936 година од Полог на печалба се наоѓаат вкупно 8.599 мажи од кои 1467 во странство, а 7.132 во Југославија. Според

пописот од 1921 год. тоа изнесува една десетина од целокупниот број на жителите или секој трет маж.

4. ОПШТЕСТВЕНО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВИТОК ПО ВОЈНАТА

Во втората светска војна паралелно со напорите кои се вршеле на сите полиња во целата наша земја, сторено е многу и за економскиот развиток на ова подрачје кое спаѓало меѓу доста заостанатите во минатото. Карактеристично за целото Југословенско стопанство е перманентното зголемување на производството и брзиот развиток на многу негови гранки. Ваквиот развиток кој немал иста брза не ги дал истите резултати во нашата земја. Наследената неразвиеност не можела да остане без последици во целата наша Република, а особено на ова подрачје. Но, и покрај тоа, очигледни се постигнатите резултати во сите области на општествениот живот, особено во областа на стопанството, што може да се констатира од бројот на активните лица во разните дејности.

Табела 5

АКТИВНИ ЛИЦА СПРЕМА ДЕЈНОСТ

/Попис на населението 1961 г/.

| | ПОЛОГ | СЕЛО | ГРАД |
|---|---|---|---|
| Рударство | 612 | 525 | 87 |
| Индустрија | 5.570 | 1.939 | 3.631 |
| Земјоделство | 32.156 | 30.464 | 1.692 |
| Шумарство | 170 | 102 | 68 |
| Градежништво | 1.554 | 809 | 745 |
| Саобраќај | 717 | 285 | 432 |
| Трговија и угост. | 1.186 | 345 | 841 |
| Занаетчиство | 2.435 | 1.015 | 1.420 |

| | ПОЛОГ | СЕЛО | ГРАД |
|---|---|---|---|
| Лични услуги | 134 | 38 | 96 |
| Комуналии | 453 | 147 | 306 |
| Културно-просветна и научна | 1.144 | 543 | 601 |
| Здраствена и социјална | 518 | 133 | 385 |
| Државна управа и прасудје | 969 | 319 | 650 |
| Банкарство и осигурување | 166 | 11 | 155 |
| Останати | 625 | 264 | 361 |
| Лица со лични приходи | 1.396 | 584 | 812 |
| Останати лица | 1.310 | 739 | 571 |
| Незапослено и непознато | 1.919 | 1.671 | 248 |

Додека во 1961 година во цел Полог во индустрија биле ангажирани 5.570 лица, во јануари 1965 година, само во градовите Тетово и Гостивар во индустрија се запослени 8.244 лица, од кои 6.447 мажи, а 1797 жени.

Во целата Тетовска околија /според административно-територијалната подела/ народниот доход изнесувал во 1952 година 4.500 милиони, во 1960 година, 14.033 милиони, додека во 1964 година 18.444 милиони динари. Во истиот период народниот доход по жител од 29.000 динари колку изнесувал во 1952 година достигнал 97.000 динари во 1964 година по жител, податок што многу релјефно го илустрира бранот стопански развиток на ова подрачје. /Во 1963 год. народниот доход по жител во СРМ изнесувал 151. 796 динари/. Сличен е и порастот на општествениот бруто производ: 1952 год.-8.300 милиони, 1960 год.-27.081, милион, 1964 год.- 41.583 милиони динари. Фондот за

станбена изградба кој во 1961 год. изнесувал 741, милион динари, во 1964 година, се покачил на 2.769 милиони динари, фондот за школство од 884,4 милиони од 1963 год. порасна на 1.160,8 милиони динари, додека фондовите на стопанските организации од 6.200 милиони динари во 1961 год., на 6.800 милиони во 1963 година. Средствата за лична потрошувачка од 8.437,5 милиони колку беа во 1962 г. се покачила на 10.265,7 милиони динари во 1964 година.

Во вакви те услови активното население во Полог од 47.782 / без лицата со лични приходи/ во 1953 год. порасна до 51.638 во 1961 г. Според пописот од 1961 год. структурата на населението по активност изгледа вака:

Графикон 6




Процентот на активното население во однос на вкупното население е под македонскиот просек кој во 1961 год. беше 39,0 и далеку под југословенскиот просек 45,0. Во однос на

сите други Републики во нашата земја процентот на активното население во Полог е помал.

Табела 6

| Полог | СРМ | Босна и Херцег. | Црна Гора | Хрватска | Словенија | Србија Вкупно | Србија Уже подрачје | Србија Војводина | Србија Косово и Метохија | СФРЈ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33.4 | 39.4 | 39.4 | 34.3 | 47.0 | 48.3 | 47.3 | 51.1 | 44.0 | 34.7 | 45.0 |

Ако го споредиме овој процент со други земји во светот, Полог ќе го најдеме скоро на исто ниво со Куба во 1953 год./33.8 активно население/ или Тунис 1956 год./35.8 активно население/, додека Романија во 1956 год. имала 50.7 активно население, а Бугарија 54.5 активно население[1/]

Развитокот на производните сили во ова подрачје се одвивал во услови на пониски стартни основи во однос на степенот на развитокот на стопанството во други подрачја во нашата Република и во другите Републики во нашата земја, оттука и белезите на заостанатост и неразвиеност, поголема аграрна населеност, помал обем на инвестициони вложувања, полоша квалификациона структура на запослените итн.

Додека во предвоениот период имаме многу малу население кое зависи од неземјоделските дејности, во повоениот период се запазува смалување на аграрното население. Според секторите на дејност населението во Полог е распоредено вака:

1/ Податоци земени од Статистичкиот годишник на СФРЈ.1964 г.

Табела 7

НАСЕЛЕНИЕ СПРЕМА СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТ

| | | Активно | I | | II | | III | | Непознато и вон дејност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛОГ | 1953 | 47.782 | 31.881 | 66,1 | 8.021 | 16,8 | 4.697 | 9,8 | 3.183 | 6,7 |
| | 1961 | 51.638 | 32.326 | 62,6 | 10,171 | 19,7 | 5.912 | 11,5 | 3.229 | 6,2 |
| СЕЛО | 1953 | 38.293 | 30.133 | 78,7 | 4.390 | 11,5 | 1,702 | 4,4 | 2.068 | 5,4 |
| | 1961 | 39.349 | 30.566 | 77,7 | 4.288 | 10,8 | 2.085 | 5,3 | 2.410 | 6,1 |
| ГРАД | 1953 | 9.489 | 1.748 | 18,4 | 3.631 | 38,2 | 2.995 | 31,6 | 1.150 | 11,8 |
| | 1961 | 12.289 | 1.760 | 14,3 | 5.883 | 47,9 | 3.827 | 31,1 | 819 | 6,7 |

Графикон 7
НАСЕЛЕНИЕ СПРЕМА СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТ




И покрај брзите промени во економскиот состав на населението, големото учество на аграрното население го дава основниот белег на населението во Полог кое може даж се карактеризира како аграрно, и покрај порастот и значењето на индустријата. Од горната табела се гледа дека голем процент на популацијата зависи од примарните,дејности, процент кој е скоро идентичен со македонскиот просек а од 1953 година-62,1 и над Југословенскиот од 1953 год.- 60,2. Ако ја спо-

редиме положбата на населението по сектори на дејности од 1953 г./за 1961 г. немаме такви податоци/ со другите Репу-блики и Покраини во Југославија ќе видиме дека Полог според процентот на лица во примарните дејности се наоѓа едино по Космет.

Табела 8

ПРИМАРНА ДЕЈНОСТ ПО РЕПУБЛИКИ

/Работена спрема "Становништво и радна снага" М. Мацура, - Бг.1957,стр.125./

| Подрачје | Примарни дејности |
|---|---|
| Југославија | 60,7 |
| Србија-вкупно | 65,7 |
| Потесна Србија | 66,0 |
| Војводина | 62,1 |
| Космет | 71,2 |
| Хрватска | 36,4 |
| Словенија | 42,1 |
| Босна и Херцеговина | 63,2 |
| Македонија | 62,1 |
| ПОЛОГ | 66,7 |
| Црна Гора | 60,9 |

Според процентуалното учество во вкупната работна сила, индустриската работна сила е застапена со мал апсолутен и релативен број во вкупната работна сила. Оттука малиот процент од популацијата кој е зависен од индустријата во однос на земјоделството. Уште еднаш се потврдува дека денешниот обем и структура на запослување во многу зависат не само од актуелната економска политика туку и од тоа, какво биле развиени производните сили во минатото.

Табела 9

ПРОЦЕНТИ НА АКТИВНИ И ИЗДРЖАВАНИ ЛИЦА ВО

ИНДУСТРИЈА И ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

- Попис од 1961 год.

| | Земјоделство | | Индустрија | |
|---|---|---|---|---|
| | Активно | Издржавано | Активно | Издржавано |
| ПОЛОГ | 57,8 | 60,6 | 10,5 | 11,4 |
| СЕЛО | 54,2 | 57,4 | 3,7 | 5,1 |
| ГРАД | 3,2 | 3,6 | 6,8 | 6,3 |

Како веќе е нагласено населението во Полог може да се карактеризира како аграрно население поради големиот процент на земјоделското население 58,7 - 1961 год. кој е над македонскиот просек, 51,1 и над југословенскиот 49,4. Едино Космет има повеќе активни лица во земјоделството 64,2.-

Табела 10

НАСЕЛЕНИЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

| По Републики<br>Подрачје | Попис 1961 год.<br>Земјоделство |
|---|---|
| СФР ЈУГОСЛАВИЈА | 49,4 |
| СР Босна и Херцеговина | 50,0 |
| СР Црна Гора | 47,0 |
| СР Хрватска | 43,7 |
| СР Македонија | 51,1 |
| ПОЛОГ | 53,7 |
| Словенија | 30,9 |
| СР Србија | 55,9 |
| Потесно подрачје | 56,0 |
| Војводина | 51,6 |
| Косово и Метохија | 64,2 |

Но и покрај тоа што стопанството на ова подрачје е изразито аграрно, брзиот пораст и значењето на индустријата може да се забележи со самиот податок што 11,1%, колку што го сочинува индустриското население во Полог, е над македонскиот просек - 9,2 - и многу близу до југословенскиот просе - 11,8 , а зад себе ги остава Босна и Херцеговина, Србија - потесното подрачје, Црна Гора и Косово.

Табела 11

НАСЕЛЕНИЕ ВО ИНДУСТРИСКА ДЕЈНОСТ ПО РЕПУБЛИКИ

Попис 1961 год.

| Подрачје | Индустрија |
|---|---|
| СФР Југославија | 11,8 |
| СР Босна и Херцеговина | 10,8 |
| СР Црна Гора | 8,1 |
| СР Хрватска | 13,3 |
| СР Македонија | 9,2 |
| ПОЛОГ | 11,1 |
| СР Словенија | 20,5 |
| Потесно подрачје | 10,6 |
| СР Србија | 10,3 |
| АП Војводина | 12,5 |
| АП Косово и Метохија | 4,7 |

Промените во економскиот состав на населението во смисла на смалување на аграрното население неоспорно дека се резултат и на специфичните движења на населението и работната сила од село кон град кои настанувале во повоениот период. Од една страна дел на населението во смисла на смалување на аграрното население неоспорно дека се резултат и на специфичните движења на населението и работната сила од село кон град кои настанувале во повоениот период.

Од една страна дел на населиeто со завршување на школото го напушта земјоделството, а други дел на земјоделското население наоѓајќи запослување во неаграрните дејности и потаму останува во симбиоза со земјоделското домаќинство

Оттука,тргнувајќи од економската структура на населението во Полог како мешовити населби /преодни демографски облик меѓу земјоделска и неземјоделска населба/ се јавуваат селата Вруток, Јегуновце, Раотинце, Рогачево, Вратница и Ѕубовце.[1]

Соодветно на изворите на приходите на домакинствата запазуваме во Полог и релативно голем процент на мешовити домакинства. /Домакинства кои дел од приходите го реализират од неземјоделските дејности/.

Табела 12

ДОМАЌИНСТВА СПРЕМА ИЗВОРОТ НА ПРИХОДИТЕ -1961 год.

| | Полог | | Село | | Град | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделски | 11.478 | 44,6 | 10.653 | 60,8 | 825 | 10,1 |
| Мешовити | 6.344 | 24,7 | 5.310 | 30,3 | 1034 | 12,6 |
| Неземјоделски и непозн. | 7.897 | 30,7 | 1.560 | 8,9 | 6334 | 77,3 |
| Вкупно: | 25.719 | | 17.526 | | 8193 | |

Табела 13

ПРОЦЕНТ НА ДОМАКИНСТВАТА СПРЕМА ИЗВОРОТ НА ПРИХОДИТЕ 1961

| Подрачје | Земјоделски | Мешовити | Неземјоделски и непознато |
|---|---|---|---|
| СФР Југославија | 34,9 | 21,7 | 43,4 |
| СР Босна и Херц. | 36,1 | 27,2 | 36,7 |
| СР Црна Гора | 35,5 | 24,1 | 40,4 |
| СР Хрватска | 30,8 | 23,8 | 45,4 |
| СР Македонија | 37,2 | 19,2 | 43,6 |
| ПОЛОГ | 44,6 | 24,7 | 30,7 |
| СР Словенија | 20,2 | 18,2 | 60,6 |
| СР Србија | 39,9 | 19,3 | 40,8 |
| ПОТЕСНО ПОДРАЧЈЕ | 39,3 | 18,4 | 42,3 |
| АП Војводина | 40,4 | 19,7 | 39,9 |
| Космет | 43,7 | 24,9 | 31,4 |

1/ Од списокот на мешовитите населби во Југославија, обработен во Сојузниот завод за статистика во февруари 1965 година, врз база на трипартитната поделба на населбите.

Во однос на земјоделските домакинства забележуваме дека во Полог тие се застапени во најголем процент како во однос на другите видови на домакинства, така и во однос на другите места во нашата земја. Но, и процентот на мешовити домаќинства не е мал, што е резултат на тенденцијата на смалување на бројот на земјоделските домакинства. Ако имаме предвид дека мешовитите домакинства /кои имаат приходи и од земјоделството/ заедно со земјоделските домакинства сочинуваат 69,3 од вкупниот број на домаќинства, додека неземјоделските и непознато 30,7, најмал процент на табелата, што и се очекува со оглед на подрачјето кое се испитува, уште еднаш се потврдува дека Полог е изразито аграрно подрачје.

Индустријализацијата и промената на економскиот состав на работната сила доведува и до преселување на населението од село во град, така што неземјоделското население воедно е и урбанизирано, додека земјоделското население е неурбанизирано што не е случај со други краишта во нашата земја /процентот на неземјоделска работна сила е поголем од процентот на градското население во економски развиените средини/, што значи дека деаграризацијата ишла скоро паралелно со урбанизацијата.

Табела 10

| | Тетово | Гостивар |
|---|---|---|
| 1951 | 16.359 | 5.952 |
| 1949 | 17.159 | 7.832 |
| 1953 | 20.209 | 9.503 |
| 1963 | 25.357 | 12.787 |

ГРАФИКОН 8




Периодот од 1953 до 1961 година кога градското подрачје порасnalo од 21,5 до 24,6 во однос на целокупното подрачје, укажува на еден доста бавен процес на урбанизација бидејќи градското население уште зафаќа само скоро четвртина од вкупното население во Полог /1953 г. Македонија имала 26,6 градско население, Југославија 21,3, 1950 г. Бугарија имала 24,6 градско население, а Романија 23,4/[1].

И од следната табела може да се констатира бавниот пораст на градското население во однос на порастот на вкупното население.

---

1/ Податоците од цитираната книга на Ж. Мацура, стр. 78/.

Табела 14

ГРАДСКО НАСЕЛЕНИЕ 1953

/Обработено спрема М. Мацура: Стопанство и работна сила, Загреб 1957 г. стр. 80/
Белград

| ПОДРАЧЈЕ | ГРАДСКО НАСЕЛЕНИЕ - ПРОЦЕНТ |
|---|---|
| Југославија | 21,8 |
| Србија | 22,7 |
| Потесно подрачје | 21,5 |
| Војводина | 29,3 |
| Космет | 15,7 |
| Хрватска | 24,3 |
| Словенија | 22,1 |
| Босна и Херцеговина | 15,1 |
| Македонија | 26,6 |
| ПОЛОГ | 21,5 |
| Црна Гора | 14,3 |

За жал не можеше точно да се утврди обемот на миграцијата село-град, поради тоа што од недостиг на точни податоци немаше можност да се пресмета природниот прираст за овој период кој одземен од порастот на градското население би го дал механичкиот прираст на градското население. Сепак, ако имаме предвид дека природниот прираст е во опаѓање, а бројот на населението во градовите во се поголем пораст, развитокот на индустријата, општествената поделба на трудот и тн., можеме да тврдиме дека во повоениот период има силно миграционо движење во правецот село-град. Сите наведени елементи го индицираат фактот дека во ова подрачје економската емиграција како и внатрешната миграција во споредба со предвоениот период е прилично намалена и не и отстранета. И покрај тоа што не постои точна евиденција, од која би можело да се про-

цени обемот на преселување економски мотивиран, ќе тргнеме од некои посредни показатели кои можат донекаде да ни го осве тлат.

Табела 15

АВТОКТОНО И ДОСЕЛЕНО НАСЕЛЕНИЕ

Тетовска околија без Мавровска општина
- Попис на население 1961 год.

| | | |
|---|---|---|
| Аутохтоно население | 137.596 | 85,2 |
| Доселено од други области на СР Македонија | 18.628 | 11,5 |
| Население од други Реп. | 5.315 | 3,3 |
| Вкупно: | 161.539 | |

Автохтоното население /население родено во исто место каде што живее, плус населението родено во друго место во иста општина/ сочинува 85,2 од вкупното население во Тетовската околија / без Мавровска општина/, што секако не е мал удел во вкупното население. Од табелата може да се видя уште дека Тетовската околија повеќе е миграционо подрачје бидејќи во неа се запазува многу низок процент на доселени лица.

Земјоделското производство, како што е веќе нагласено, не е доволно за егзистенцијата на положкото население кое поради тоа е упатено на економска миграција. Дека земјоделското производство не може да ги подмири ни животните потреби на сите земјоделски домакинства може да се види и од податоците за нивното распределување према големината на земјишниот имот што го поседуваат.

Табела 16

## ВКУПНА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШНИОТ ПОСЕД ШТО ГО ПОСЕДУВА ДОМАКИНСТВОТО

Спрема пописот на населението од 1961 година

| | ПОЛОГ | СЕЛО | ГРАД |
|---|---|---|---|
| Без земја | 7771 | 1598 | 6173 |
| до 0,05 хек. | 182 | 86 | 96 |
| 0,06-0-50 хек. | 3077 | 2041 | 1036 |
| 0,51-1,00 | 4009 | 3555 | 454 |
| 1,01-2,00 | 5320 | 5025 | 295 |
| 2,01-3,00 | 2587 | 2516 | 81 |
| 3,01-5,00 | 1903 | 1867 | 36 |
| 5,01-3,00 | 597 | 590 | 7 |
| 8,01-10,00 | 113 | 112 | 1 |
| 10,01-15,00 | 57 | 54 | 3 |
| 15,01-и повеќе | 19 | 17 | 2 |
| Непознато | 74 | 75 | 9 |
| Вкупно: | 25719 | 17526 | 8193 |

Табела 17

## ПРОЦЕНТ НА ДОМАКИНСТВАТА СПРЕМА ГОЛЕМИНАТА НА ЗЕМЈАТА ШТО ПОСЕДУВА - 1961 г.

| | Полог | СРМ | СФРЈ | Б и Х | Ц Г | Хрватска | Слов. | Србија СЕ | Србија Поте. | Србија Војв. | Србија Космет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| земја | 30,2 | 47,2 | 40,7 | 31,3 | 38,7 | 41,2 | 54,4 | 99,8 | 40,1 | 41,9 | 29,9 |
| ем.до 0 | 48,9 | 25,7 | 24,2 | 33,6 | 29,9 | 26,1 | 19,1 | 20,6 | 18,8 | 22,6 | 28,9 |
| -5,00 | 17,5 | 17,5 | 20,5 | 22,9 | 15,8 | 21,1 | 10,4 | 23,1 | 22,4 | 19,0 | 25,6 |
| -10,0 | 2,7 | 7,7 | 11,2 | 10,7 | 8,7 | 9,6 | 9,7 | 13,8 | 14,0 | 13,9 | 12,0 |
| -15,01 веќе | 0,3 | 1,7 | 3,0 | 2,2 | 6,5 | 1,4 | 7,8 | 3,1 | 4,3 | 0,4 | 3,2 |

### Графикон 9

### ГОЛЕМИНА НА ЗЕМЈИШНИОТ ПОСЕД




Според процентот на домаќинствата со земја до 2,00 хек. - 48,9 - Полог е далеку над македонскиот просек - 25,7 - и над југословенскиот 24,2, а блиску до Босна и Херцеговина, Црна Гора и Космет. Според процентот на домаќинствата со земја од 2,00-5,00 хек. - 17,5 - Полог се наоѓа единно пред Црна Гора, инаку скоро до македонскиот просек - 17,3 а под југословенскиот - 20,5. Земја од 5,01-10,0 хек. во Полог има само 2,7 од домаќинствата што е далеку и под Републички и сојузен просек - вправо во Полог доминираат домаќинствата со земја до 2,00 хек. и со земја до 5,00 хек. што изнесува 66,4 од вкупниот број на домакинствата но ако се земе предвид дека 30,2 домакинства се без земја, тогаш со повеќе од 5,000 хек. има само 3,0 од домаќинствата.

## а/ Печалбарство

Ваквиот голем процент на домаќинствата со малку земја, кој не може да опстане со сопствено земјоделско производство, кое половина од работната година нема што да работи, содржи голема резерва од работна сила. Овој вишок од работна сила многу радо се запослува во која било стопанска гранка, ако има можност во својот роден крај, ако не, таа е упатена на постојано и привремено сезонско запослување надвор од својот роден крај.

Резултатите добиени од анкетата спроведена во селата од Полог, укажуваат дека се уште се оди на печалба, помалку од понапред, поради можноста за запослување во близина, но тој процент уште не е минимален.

Графикон 10



Меѓу шиптарското и македонското население има разлика во тоа што сега повеќе одат на печалба во земјата од редовите на шиптарското население отколку од редовите на македонското население. /Печалбарството во странство е сосем ретко/.

"Сега се оди помалку на печалба бидејќи постојат поголеми можности за вработување во близина".
с. Пирок Шиптари - 2444.

"Сега се наоѓаат на печалба во другите краишта на нашата земја околу 20% од мажите, кои остануваат 4-6 месеци годишно.
с. Корито Шиптари 712.

"Сега многу ретко се оди на печалба бидејќи се запослуваат во близина. Понапред иделе скоро сите, во село остануеле само богатите, тие кои имале жито, "од ново до ново".
с. Вруток Македонци 513.
Шиптари 820.

"Од нашето село повеќе не одат на печалба. Сега работаат во задруга, фабрика или претпријатие во градот"
с. Врвеница Македонци 733

"Сега одат повеќе во Белград и Ниш со пила"
с. Челопек Македонци 816
Шиптари 2324

5. НЕКОИ ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОЛОГ

а/ Големина на домаќинствата

Една од специфичностите на ова подрачје е и постоењето на висок процент на домаќинства со голем број членови. Големите разлики во големината на домаќинствата укажуваат на нерамномерниот развиток на семејството кај нас.

Табела 18

ДОМАКИНСТВА СПРЕМА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ 1961 г.

| С Е | Самач. | со 2 ч | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 и повеке |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЮЛОГ 25719 | 1108 | 1900 | 2600 | 3538 | 3827 | 3553 | 2757 | 1949 | 1232 | 892 | 2363 |
| | 4,3 | 7,4 | 10,1 | 13,9 | 14,9 | 13,5 | 10,8 | 7,6 | 4,8 | 3,5 | 9,2 |
| ГРАД 8193 | 580 | 902 | 1187 | 1569 | 1432 | 1029 | 613 | 414 | 173 | 123 | 171 |
| | 7,1 | 11,0 | 14,5 | 19,1 | 17,5 | 12,6 | 7,5 | 5,0 | 2,1 | 1,5 | 2,1 |
| ЕЛО 17526 | 528 | 998 | 1413 | 1969 | 2395 | 2524 | 2144 | 1535 | 1059 | 769 | 2192 |
| | 3,0 | 5,7 | 8,1 | 11,2 | 13,7 | 14,4 | 12,2 | 8,8 | 6,0 | 4,4 | 12,5 |

Графикон 11



Во Полог доминираат петочленските домаќинства 14,9,по нив следат четворочленските 13,9, шесточленските 13,5,седмочленските 10,8, со 11 и повеќе 9,2 осмочленските 7,6, двочленските 7,4, самачките 4,3 и на крајот десеточленските со 3,5. Каква е положбата во другите републики и покраини кај нас?

Табела 19

ДОМАЌИНСТВА СПРЕМА КРАЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ 1961 год.

| Подрачје | сам. | со 2 ч. | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 и п |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Југославија | 13,6 | 15,4 | 17,2 | 18,6 | 13,7 | 9,2 | 5,4 | 3,0 | 1,6 | 0,9 | 1,4 |
| Босна и Хер. | 10,6 | 10,8 | 13,8 | 17,0 | 15,1 | 11,9 | 8,4 | 5,2 | 3,1 | 1,7 | 2,4 |
| Црна Гора | 15,1 | 12,8 | 12,6 | 14,3 | 13,7 | 11,4 | 8,1 | 5,2 | 3,0 | 1,6 | 2,2 |
| Хрватска | 16,0 | 17,7 | 19,4 | 19,4 | 12,9 | 7,5 | 3,8 | 1,8 | 0,8 | 0,4 | 0,5 |
| Македонија | 6,9 | 9,6 | 12,6 | 17,8 | 16,8 | 13,0 | 8,9 | 5,5 | 3,3 | 1,9 | 3,7 |
| ПОЛОГ | 4,3 | 7,4 | 10,1 | 13,9 | 14 | 13,5 | 10,8 | 7,6 | 4,8 | 3,5 | 9,2 |
| Словенија | 17,8 | 16,4 | 19,8 | 19,9 | 12,8 | 7,0 | 3,4 | 1 ,6 | 0,7 | 0,3 | 0,3 |
| Србија | 13,1 | 16,4 | 17,5 | 19,0 | 13,4 | 9,1 | 5,0 | 2,6 | 1,4 | 0,8 | 1,6 |
| Пот.подр. | 13,3 | 14,8 | 16,8 | 19,2 | 14,3 | 10,2 | 5,5 | 2,7 | 1,4 | 0,8 | 1,0 |
| Војводина | 14,3 | 22,3 | 21,4 | 20,5 | 11,4 | 5,9 | 2,4 | 1,0 | 0,4 | 0,2 | 0,2 |
| Космет | 6,4 | 7,2 | 9,0 | 12,0 | 13,2 | 12,8 | 10,9 | 8,1 | 5,5 | 3,8 | 11 ,3 |

Процентот на домаќинствата со 11 и повеќе членови во Полог 9,2 е многу над македонскиот просек - 3,7 - и над југословенскиот - 1,4, а вп целата наша земја едино Космет има поголем процент на такви домаќинства што претставува многу интересен податок за проучувањето на семејството. Просечниот број на лица на едно домаќинство за цел Полог е 6,2/ за селското подрачје 6,7, а за градското подрачје 4,6/. Според просечниот број на лица на едно домаќинство Полог е многу над другите републики, едино зад Космет, 6,32, а само со своето градско подрачје го постигнува просекот на Босна и Херцеговина 4,6 и Црна Гора - 4,4.

Табела 20

ПРОСЕЧЕН БРОЈ ЧЛЕНОВИ НА ЕДНО ДОМАЌИНСТВО - 1961 год.

| Подрачје | Лица на едно домаќинство |
|---|---|
| Југославија | 3,99 |
| Босна и Херцеговина | 4,64 |
| Црна Гора | 4,43 |
| Хрватска | 3,56 |
| Македонија | 5,02 |
| **Полог** | **6,20** |
| Словенија | 3,47 |
| Србија | 3,96 |
| Потесно подрачје | 3,97 |
| Војводина | 3,31 |
| Космет | 6,32 |

Поголемите домаќинства постојат на Космет, во Македонија, Босна и Херцеговина. Според бројот на членови на едно домаќинство Полог е над македонскиот просек и далеку над југословенскиот - во 1921 г. југословенскиот просек бил 5,10-/ европскиот е негде околу 3/.

И покрај тенденцијата на издвојување на младите брачни парови од родителскиот дом, дезентеграцијата на семејство уште е доста бавна, пошироките семејни заедници од типот на задругите се присутни и доста значајни за фамилијарниот живот, особено на селото. Домаќинствата од состав ги сочинуваат две или повеќе семејства од различна, па и иста генерација. За овој крај не е реткост таткото да живее со повеќе женети синови, напротив, реткост е женетите синовили женетиот син

да се оделува од таткото. Структурата на домаќинствата на селото во Полог /спрема резултатите на анкетата/ е ваква:

Графикон 12




Тргнувајќи од ваквата положба, разбирлив е и малиот процент на самачки - 3,0, двочленски - 5,7, и тричленски домакинства - 8,1/СРМ: - 6,9;9,6; 12,6; СФРЈ: -13,6;15,4; 17,2, додека Словенија како изразито стопански развиена средина има 17,8 самачки домакинства, 16,4 двочлени домакинства и 19,8 трочлени домакинства/. Овие податоци го илустрираат бавниот процес на одвојување на семејствата, односно намалувањето на бројот на членовите на едно домакинство.

б/ Семејни задруги

Иако не беше возможно со апсолутна точност да се утврди каде уште има големи семејни задруги, теренските истражувања

го открија нивното постепено распаѓање, а понекаде и нивното натамошно эгзистирање.

Графикон 13




"И сега има семејни задруги со по 22 члена".
с. Седџе Кеч - Шиптари 256

"Уште има семејни задруги кои имаат до 30 члена"
с. Камењане - Шиптари 2252

"Понапред имало семејни задруги, сега големи задруги скоро нема повеќе".
с. Пирок - Шиптари 2444.

"И сега има семејни задруги кои бројат од 20-57 членови"
Чегране - Шиптари 3183.

"Семејни задруги имало, се распаднале поради неслога меѓу членовите"
с. Галате -Македонци420.

"Во нашето село постои семејна задруга. Една

фамилија е поделена на четири куќи, а во секоја живеат околу 35-40 членови. Мажите се занимаваат со овоштарство а жените со домашни работи. Со задругата раководи таткото, а доколку тој не е жив - најстариот син кој ги распоредува членовите на задругата на работа, се грижи за домашните работи, набавува облекло за сите жени и деца".

с. Желино - Шиптари 1749.

"Кај нас има една семејна задруга која брои 20 члена. Родителите живееат со 4 женети синови и со внуци од кои некои се женети. Глава на семејството е таткото кој ужива потполн авторитет, тој решава за сите работи надвор од куќата, додека неговата жена го воспоставува домашниот ред. Приходите ги реализираат од садење тутун, земјоделство и сточарство".

с. Долна Лешница - Шиптари 183.
Македонци 212.

"Во ова село постојат повеќе семејни задруги најголемата брои 42 члена. Родителите /старите/ живееат со шест женети синови, женетите внуци па и правнуци. Со семејната задруга управува најстариот член кој има свој заменик, најстариот син. Домаќинот на куќата ги распоредува полските работи и прави ред за одење на печалба. Целата заработувачка тој ја собира, па ги снабдува членовите со се што им е потребно /за неделниот пазар троши по 20.000 динари, за бајрам и по 200.000 динари/. Домаќинката се грижи за сите домашни работи, таа ја распоредува работата на снаите "ако нема таков ред би се расипала куќата". Членовите на задругата се задоволни од ваквиот живот бидејќи на овој начин ним им е обезбедена подобра исхрана и подобро облекување. Сите во селото им завидат на нивниот начин на живеење.

с. Струмешница, Шиптари 1039.

И покрај тоа што бројот на вистинските задруги со поголем број на членови и со агнати од повеќе генерации знатно опаднал во последните децении под влијанието на историските, политичките и економските моменти, нивното моментално егзистирање на ова подрачје е детерминирано од повеќе причини. Паѓа в очи дека големите семејни задруги се задржани пред се во старите, економски развиени села, оттука е и добрата имотна состојба на задругарите. Богатото домаќинство ги држи членовите во заедница, па затоа од заедничкиот живот членовите почесто се задоволни отколку незадоволни. Покрај земјоделието, сточарството придонесува да се одржат семејните задруги. /За чување и искористување на поголем број стока, потребни се повеќе луѓе, а задругата е најповолна за тоа/. Понатаму, се забележува дека семејните задруги се задржани во оние места каде постои најмал број на селско население во постојан работен однос надвор од земјоделството/постојаниот работен однос кој го обезбедува членот на задругата и своето потесно семејство,придонесува задругата да ја изгуби својата причина за постоење/.

Кај македонското население, изгледа дека процесот на распаѓање на семејните задруги се наоѓа во завршната фаза. Теренските истражувања, со оглед на националниот состав на населението, укажуваат на следнава ситуација.

| | Шиптари и Турци | Македонци |
|---|---|---|
| Имало, сега нема задруги | 46,0% | 70,6% |
| Уште има задруги | 38,0% | 6,0% |
| Немало и нема задруги | 16,0% | 23,4% |

Поведена од оваа констатација своето внимание гок насочив на големите семејни задруги од редот на муслиманското население[1]. И покрај тоа што задругите со претставници на тря или повеќе генерации ретко се сретнуваат, тие уште заземаат важно место во секојдневниот живот на муслиманското население.

На пример, во селото Желино успеав да посетам неколку такви домаќинства од комплексен состав со најмалку две семејства од иста генерација или од различни генерации.

Во куќата на Исљам Изајри/кој скоро беше починал/, живееат пет потесни семејства. Покрај неговата жена, која сега е заменик на старешината, во заедницата е и вдовицата на неговиот брат со нејзината керка и синовите на Исљам со нивните семејства / вкупно 11 членови/. Иако оваа задруга, претставува една "мала заедница", во неа владеат задружни односи. Интересно, да и покрај тоа што бројот на машките членови на домаќинството способни за работа, во однос на женските членови на домаќинството способни заработа е помал/ само двајца возрасни мажи/, жените не учествуваат во полските работи. Фактичкиот старешина на домаќинството е помалиот син /има три машки деца/, додека средниот син нема деца, а постариот не е жив/, благодарение на своите лични својства, додека на нивната мајка и се укажува само формално почитување.

Мошне интересни во Желино се четири семејни задруги кои произлегуваат од ист предок. Ѓеладини /умрел

---

1/ Секако дека големите семејни задруги во Полог ќе треба да претставуваат предмет на посебно истражување. Во оваа накалку студија се искажува на нивното постоење и се опишуваат неколи покарактеристични, без претенција дека тоа е доволно за нивното правилно оценување.

1910 год./ Живеел во заедница со четири женети синови, нивните деца и внуци. Во 1928 г. прв пат браќата се одвоиле како резултат на тенденцијата за смалување бројот на членовите на домакинството /поради "калабалак", како велеше еден од нив/, па од една поголема заедница се формирале две помали заедници со по двајца браќа - од 50 членови, две заедници со по 25 членови. Во 1938 година дошло до повторна поделба кога двете домакинства се одвоиле на по две помали и така се формирале четирите денешни домаќинства на четири браќа. Со стеснување бројот на родниниите кои живееат во задругата доаѓало и до опаѓање бројот на членовите во задругата.

Првото домакинство на Ѓеладин брои 29 члена и опфаќа претставници на четири генерации.

Ѓеладин Ѓезаjр - жена

синови 1/ Зехире - жена : 4синови /еден женет со дете/, 4 керки

2/ Ѓезаир - жена: 4 синови, 3 керки

3/ Јусуф - жена: 2 сина, 2 керки

Вкупно 23 члена.

Старешина на ова домакинство уште се смета таткото /и покрај тоа што има над 80 години/, но со домакинството управува и го претставува постариот син Зехире.

Во второто домакинство, на Ѓеладин Афуз, се наоѓаат 32 члена, од четири генерации.

Ѓеладин Афуз - жена

синови 1. Садиќ - жена: 4 синови/еден женет со 3 деца/, 3 керки
2. Малик - жена:
3. Есад - жена: 1 син, 5 керки.
4. Назиф - жена: 3 сина, 2 керки

керки 5.
6.

Старешина на ова домакинство па Ѓеладин Баки /умрен 1961 г./ има 11 членови од три генерации. Старешина на оваа куќа, домакин е мајката вдовицата на Баки.

Ѓеладини Баки /Починат/ - жена
1/ Акиф - жена: 1 син /женет/
синови 2/ Асиф - жена: 1 син, 2 керки
керка 3/

Вкупно 11 членови.

Во четвртата семејна задруга, на Ѓеладин Емурла /почина/, живееат синовите со нивните деца и внуци - вкупно 27 членови од три генерации.

Ѓеладин Емурла /починат - жена/почината/
1/ Бафти/починат/ - жена: 2 сина /еден женет со дете/. 4 керки
2/ Керим - жена : 2 сина, 2 керки
3/ Рамиз - жена : 3 сина, 1 керка
4/ Рајм - жена : 3 сина, 1 керка

Вкупно 27 членови

И во оваа куќна заедница старешина е најстариот брат Керим.

Наведените четири домакинства се многу добро ситуирани, секое посебно претставува тип на компактна задруга /заедница на имот и на живеење/. Машките членови се занимаваат со земјоделие и сточарство, па во тој поглед тие се хомогени заедници. Должностите и обврските на членовите се поделени спрема полот и возраста на членовите на домаќинството. Домакин, по право, е најстариот член на задругата, по него доаѓа постариот син, а неговата вдовица може да го заменува иако има возрасни синови.

Старешината, по советување со најстарата жена, ги врши

набавките во град /обично два пати годишно/. Жените никако не одат во град, тие ги работаат само внатрешните домашни работи со кои раководи најстарата жена, обично жена на старешината. За покрупните работи /купување,продавање, мажачка, женачка/ заседава "одборот" во кој учествуваат сите возрасни членови на задругата, но право на одлучување имаат само машките членови. Интересно е што врската меѓу четирите задруги уште е многу цврста, за поважните одлуки во рамките на едно домакинство, нејзиниот старешина редовно ги консултира и старешините на останатите домакинства.

Внатрешната структура на секое од овие домакинства е таква да придоне сува да се гушат индивидуалностите на поедините семејства. Јадењето е во три групи, посебно за машките членови на куќата, посебно за женските и посебно за децата.

За одржувањето на овие задруги пред се влијае начинот на стопанисување, екстензивното земјоделие и сточарство кое бара голем број на работна сила во домакинството. Покрај нивната сегашна економска условеност, за нивното појавување придонел и политичкиот момент /стариот Геладини пред околу 60 години се доселил во Желино од Албанија/

Во селото Желино традицијата на задружниот семеен живот уште е доста јака така што смртта на таткото или на двајцата родители не е повод за распаѓање на задругата. Во други села во Полог, на пример Седларце,Сенококе, Неготино, Пирок, семејните задруги го менуваат својот облик, како тенденцијата на прилагодување кон новите услови.

Во селото Седларце домакинството на Аваџи број 22 члена од четири генерации.

Аваjзи - жена
1/ Азаjр - жена: 2 сина /еден женет со дете/, 2 керки
2/ Зехир - жена: 5 синови/еден женет со дете/
3/ Ариф - жена: 1 син, 1 керка
Вкупно 22 члена.

Оваа куќна заедница е хетерогена во поглед на занимање на своите возрасни машки членови. Средниот брат Зекир е во постојан работен однос надвор од куќата/продавач во селскиот дуќан/. Својата месечна заработувачка, од која не би можело да опстане неговото семејство, тој ја внесува во заедницата, а од заедницата ползува се што се произведува во нејзините рамки. Другите двајца браќа се земјоделци. Формален старешина е нивната мајка која за се е консултирана, но вистински со заедницата раководи средниот брат /тој е во постојан работен однос/, кој и самиот вели дека таа должност му претставува голем терет.

Во селото Сенокосе во домаќинството на Јашари Шефик живееат 29 членови од три генерации.

Јашари Шефик - жена
1/ Нехбедин - жена: 2 сина, 2 керки
2. Вехал - жена: 2 сина, 1 керка
синови
3/ Јусуф - жена : 1 син, 1 керка
4/ Назим - жена : 2 сина, 1 керка
5/ Назлам -жена : 1 син, 1 керка
6/ - маж : 1 син
керка
Вкупно 29 члена.

Приходите ги реализираат од земјоделство, сточарство и печалба. Авторитет во семејството е дедото Шефик /има околу 80 години/, но со сите работи во семејството раководи најстариот син Нехбадин.

Една друга голема семејна задруга во истото село е на Илјаз Шефик /починат/, во која глава на семејството е неговата вдовица која има 65 години. Во оваа семејна задруга живееат 22 члена од три генерации.

Шефик Илјази /починат/ - жена

синови
1. Фета - жена: 4 сина
2/ Лиза - жена: 2 сина, 2 керки
3/ Куфли - жена: 3 сина
4/ Брахим - жена: 1 син

керка 5/

Вкупно: 22 члена.

Од четирите брака, двајца наизменично постојано се наоѓаат на печалба, а двајца дома за обработување на земјата. Оваа семејна задруга претставува тип на некомпактна задруга бидејќи дел од задругарите повремено живееат далеку од куќата. Глава на семејството, и формално и фактички е старата која ги чува парите и одлучува за сите работи како внатре така и надвор од куќата/го одредува редот на печалбата, набавките , итн./.

Во селото Неготино, во домаќинството на Дурмиши Зулбехар/стар 90 години/, живееат вкупно 35 члена од четири генерации.

Дурмиши Зулбехар - жена

синови
1. Изет - жена: 3 керки
2. Адем - жена: за сина /еден женет со дете/, 4 керки
3. Декар- жена: 2 сина, 1 керка
4. Исмајл жена: 1 син, 3 керки
5/ Нужи - жена
6/ Неим - жена: 2 сина

Вкупно: 35 члена.

И оваа задруга е некомпактна, бидејќи наизменично по ловина од браќата се на печалба додека другите ја обработуваат земјата. Глава на семејството е стариот Зулбехар на кого му се укажува големо почитување, но со имотот управува и го претставува домакинството неговиот најстар син Изет.

Типична хетерогена задруга /членовите имаат различно занимање/, е домакинството на Ибрахим Есат/починат/ од селото Пирок. Во ова домакинство живееат пети женети синови со нивната мајка и со немажена сестра, вкупно 26 члена.

Ибрахими Есат /починат/ - жена
1/ Вели - жена: 2 сина / еден женет/, 2 керки
2/ Изет - жена: 3 сина
синови
3. Гарит - жена: 2 сина, 1 керка
4/ Даут - жена: 2 сина
5/ Неби - жена: 1 син
керка 6/

Вкупно 26 члена.

Во оваа задруга, синовите придонесуваат со различни делови кон заедничкото домакинство. Постариот син Вели /има син учител/ и најмалиот Неби се на печалба. Вториот Изет е службеник во месната канцеларија, третиот син Гарит /земјоделец/ раководи со сите работи околу обработка на земјата, а Даут бил претседател на Општинското собрание Желовјане. Оваа заедница е интересна поради тоа што покрај земјоделие и печалбари што е вообичаено за овој крај, опфаќа и интелектуалци/двајца службеници од кои едниот се спрема за факултет и еден учител/. Без оглед на нивните занимања, во неделите сите машки лица способни за работа излегуваат во полето за

да ја обработуваат земјата. Исто така додека едниот син живеел во селото Жеровјане /каде бил претседател на Општинското собрание/ неговата жена доаѓала во селото Шипок да ја исполни обврската спрема задругата како "месарија", кога доаѓал нејзиниот ред. Глава на домаќинството авторите за сите членови е старата, вдовицата на Ибрахим Исат, која ги чува парите и клучевите. /Самиот Изет вели дека старата ја чува таа заедница, па по нејзината смрт тие ќе се одвојат/.

Ваквата поделба на трудот кај возрасните машки членови во куќната заедница, ни овозможува оваа семејна задруга да ја наречеме земјоделско-печалбарско-службеничка, за разлика од претходните кои беа земјоделско-печалбарски или само земјоделски.

Односите во овие семејни задруги предизвикувани од потребите, придонесуваат од една страна да се сочуваат тие куќни заедници/случај со земјоделско-печалбарските/ или да се распаднат /случај со земјоделско -службеничките/.

Во сите семејни задруги во бирање на старешината важна улога игра возраста и личните својства, често без оглед на полот и без оглед на тоа дали тоа лице е стопански активно или не. Паѓа ви очи големото почитување спрема постарите лица во секоја заедница. Останува отворено прашањето дали власта на старешината е слична со власта на патер фамилиас дали нему му се признава правото на заповедување, правото на мешање во личните односи на членовите на потесните семејства, можноста на применување на некоја санкција, или пак неговиот авторитет се исползува во советите односно му се признава само правото на советување.

в/ Наталитет, морталитет

Покрај другите фактори, на големината на домаќинството влијае и наталитетот, морталитетот, природниот прираст кои се важни елементи за проучувањето на патријархалното семејство.

Табела 21

НАТАЛИТЕТ И МОРТАЛИТЕТ - Тетовска околија 1963 г.

| | | Стопа |
|---|---|---|
| Живородени | 6682 | 37,1 |
| Умрени | 1981 | 11,0 |
| Природен прираст | 4701 | 26,1 |

Од табелата се констатира дека Тетовската околија има многу висок наталитет, /тој е највисок во нашата Република/, а исто така има највисок општ морталитет. /Најнизок наталитет и морталитет кај нас има Битолската околија: 22,3 и 7,7/. Во споредба со другите места во Југославија, Тетовската околија се наоѓа веднаш зад Космет во однос на живородени, умрени и природниот прираст, додека од македонскиот и југословенскиот просек многу отстапува.

Табела 22

ЖИВОРОДЕНИ, УМРЕНИ И ПРИРОДЕН ПРИРАСТ НА 1000 ЖИТЕЛИ

- 1963

Спрема Статистички годишњак 1964 год.

| Подрачје | Живородени | Умрени | Природен прираст |
|---|---|---|---|
| Југославија | 21,4 | 8,9 | 12,5 |
| Босна и Херцг. | 29,7 | 8,3 | 21,4 |
| Црна Гора | 26,4 | 6,9 | 19,5 |
| Хрватска | 16,7 | 9,2 | 7,5 |
| Македонија | 28,7 | 9,1 | 19,6 |
| ТЕТОВСКА ОКОЛ. | 37,1 | 11,0 | 26,1 |
| Словенија | 19,2 | 9,0 | 10,2 |
| Пот.подрачје | 16,2 | 8,3 | 7,9 |
| Војводина | 15,3 | 9,2 | 6,1 |
| Космет | 40,9 | 12,0 | 28,9 |

Плодноста на населението е доста голема, превентивните мерки и пометнувањето се доста мали. Според висината на наталитетот, Тетовската околија е многу блиска до Чиле во 1962 - 34,4, додека во истата година Унгарија имала 12,6, Полска 19,6, Шведска 14,2 живородени на 1000 жители[1].

Во ова подрачје природниот прираст е многу висок, но исто така и морталитетот е многу висок.

Како и во секое подрачје стопански неразвиено, и во ова подрачје сретнуваме голема физиолошка плодност при истовремено голема стопа на смртност на доенчињата.

---

1/ Спрема Статистичкиот годишњак за 1964 год.

Табела 23

УМРЕНИ ДОЕНЧИЊА НА 1000 ЖИВОРОДЕНИ - 1963 год.

| | Живород. | Умрени | Умрени на 1000 живородени |
|---|---|---|---|
| ПОЛОГ | 5941 | 880 | 148,1 |
| СЕЛО | 4444 | 657 | 147,8 |
| ГРАД | 1497 | 223 | 149,0 |

Најповеќе умрени доенчиња се од редовите на земјоделското население 61,7, од редовите на неземјоделското население 38,3, што и се очекува со оглед на здравствената култура на полошкото село. Стапата на смртноста на доенчињата во Полог е многу повисока од смртноста во СРМ - 107,9 и повисока од сите други републики во Југославија.

Табела 24

УМРЕНИ ДОЕНЧИЊА НА 1000 ЖИВОРОДЕНИ - 1963 год.
Поглед на Републики.

| Подрачје | Умрени на 1000 живородени |
|---|---|
| Југославија | 77,5 |
| Босна и Херцеговина | 95,2 |
| Црна Гора | 57,7 |
| Хрватска | 56,3 |
| Македонија | 107,9 |
| ПОЛОГ | 148,1 |
| Словенија | 27,3 |
| Србија | 78,5 |
| Потесно подрачје | 59,8 |
| Војводина | 57,9 |
| Космет | 128,1 |

Високиот морталитет е определен воглавно од смртноста на доенчињата. Од една страна во неразвиената средина децата се пожелни поради тоа што се потребни како работна сила, што ја сочинуваат врската со наследениот имот /машките деца/, а од друга страна недоволната грижа за детето како поединец, неправилната нега доведува до голема смртност на доенчињата. Релативно големиот процент на раѓањето надвор од стручната контрола ја потврдува горната констатација. Од вкупниот број на умрени доенчиња во Полог 1963 год., 66,7 се родени без лекарска помош, а само 33,3 со лекарска помош. Отпорот на населението спрема еманципацијата на семејниот живот воопшто, особено на жената, придонесува смртноста на доенчињата да се одржи на високо ниво.

г/ Неписмено население

Првата импресија која се добива од набљудувањето на овој крај е предноста на машкиот пол во однос на женскиот, таа предност, меѓу другото, се огледа и во бројот на писменото и неписменото население во Полог. Од вкупниот број неписмени во Полог 72,9 се жени, а 27,1 се мажи.

Табела 25

| | СЕ'' | СЕ' | НЕПИСМЕНИ | МАШКИ | | ЖЕНСКИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛОГ | 110925 | 37278 | 33,6 | 10098 | 18,5 | 27180 | 48,3 |
| СЕЛО | 83247 | 30967 | 37,2 | 8489 | 20,8 | 22478 | 53,1 |
| ГРАД | 27678 | 6311 | 22,8 | 1609 | 11,7 | 4702 | 33,8 |

Графикон 14




Ако пак го распоредиме неписменото население по пол и возраст ќе видиме дека најголем процент на неписмени има над 65 год. /81,3 жени, 59,1 мажи/, од 35-64 год. /73,5 жени, 33,9 мажи/, од 20-34 год. /46,2 жени/, а на последно место од 10-19 год. /8,6 жени, 4,3 мажи/.

Графикон 15




Интересен е податокот што процентот на неписмени жени од 10-19 години е многу помал од процентот на неписмени од таа возраст во Босна и Херцеговина - 18,2, и Космет 18,7. Мекдонскиот процент на неписмени жени од оваа возраст е 6,3, југословенскиот 7,2, а словеначкиот кој е најнизок 0,8.

Големиот процент на неписмено женско население доведува и до отсутност на општо и стручно образование на женското население, што од една страна уште повеќе ја отежнува положбата на женската работна сила, а од друга страна ја кочи промената на семејните односи отежнувајќи го навлегувањето на новите сфаќања и новата практика во секојдневниот живот.

# II

## МАЖ - ЖЕНА

### ПРЕД БРАКОТ

Семејните односи во целина, односите меѓу младите пред бракот, меѓу сопрузите, и различните генерации се условени од многу елементи и тешко можат да се посматраа изолирано од положбата и животот на целото население, од општествената структура, економскиот и политичкиот систем, традициите, религијата и обичаите кои заедно делуваат. Старите сфаќања, навики и предрасуди кои некогаш имале, а сега повеќе немаат свои материјални основи во постојните односи многу подолго се задржуваат формирајќи несклад со новите општествени односи.

Во колкава мера економската, општокултурната и политичката еманципација во повоениот период, придонела да се изменат вкоренетите обичаи во брачниот и семејниот живот, во односите меѓу мажите и жените пред склучување на бракот, во бракот и во односите меѓу родителите и децата?

Законските прописи и брзиот економски развиток, за ова релативно кратко време успеаја многу нешто да променат во тие односи, но традицијата и старинските сфаќања имаат голема сила и уште ги сочинуваат правилата за поведението на голем број луѓе. Се разбира дека има и низа објективни пречки во самата материјална положба, но има субјективни во сфаќањата на тие односи па затоа, улогата на обичаите, застарените сфаќања, особено на верската традиција не треба ни најмалу да се потценува ако се сака правилно да се разберат семејните односи на овој терен. Овој терен обилува со најразлични варијанти на семејни односи почнувајќи од најстари патријархални кои многу упорно се држат па до современи кои се во склад со општествениот и правниот поредок што постои.

Со задржувањето на старите и преживеаните морални норми и обичаи кои не одговараат на новите општествени услови доаѓа до судир меѓу моралот и правото. Сите овие различни влијанија ја создаваат посебната општествена атмосфера на ова подрачје, обележувајќи ја неговата особеност во однос на другите подрачја.

Односите меѓу момчињата и девојките, воопшто ставот спрема девојката, доста често, особено во селото е регулиран со патријархалниот морал кој се уште има цврста потпора во семејството, со оглед на економската моќ на семејството од една страна, и на конзервативните сфаќа во кои не се совладани, од друга страна.

И покрај тоа што се чуствува големо попуштање во тој поглед, според моралните норми, се уште во некои села егзистира ставот дека женското дете не смее да се појави на јавни места. Во некои села се осудуваат девојките кои сами /без оглед на причината/ одат низ село без придружба, /макар тоа да биде и некое мало братче/, акои стои пред вратата или ако разговара со некое машко со кое не е во родбински врски. Шминкањето, носењето тесна облека, непочитување на постарите па се до пушењето и одењето по кафеани /во градот/ се разните варијанти на скалата која ги покажува срамните работи во поведението на девојките во Полог. Рамноправноста на женското дете не е прифатена како општествено-морална норма, старите сфаќања, обичајното право кое ги продолжува поранешните позитивно-правни прописи е доминантен и го определува односот на средината спрема девојката[1/].

---

1/ Дека поранешните позитивно правни прописи поминале во обичајно право кое уште ги регулира правилата на пове-

нието меѓу луѓето може да се види и од споредувањето со следниве одредби на отоманскиот граѓански развиток законик од половината на 19 век, "Меджелје и анкјами мерије" кои се однесуваат на положбата на муслиманките.

1205: "Ако при качувањето на некое дрво, може да се гледа во соседните простории каде престојуваат жени, пред качувањето на дрвото треба да се најави, за да се скријат жените. Во колку тоа не е сторено, судот забранува качување на дрвото без најава".

1206: "Ако заедничкиот конак се подели меѓу двајца, а од едниот би се гледало во другиот во кој престојуваат жени, на сувласниците им се наложува да направат заедничка преграда". /цитирано од "Жена у радном односу" - од Д-р Саша Ђурановиќ, Загреб, 1960 г. стр. 60/.

Кај македонското население стретнуваме помала строгост во ставот на средината спрема девојката. Понапред било жигосано слободното движење на девојките и фаќањето во оро до машко. "Во орото момчињата и девојките играат одделено" /Силинчев/ "До скоро играле машки, башка, башка женски. Почнале да се мешаат во орото, али само свои до својте" /Ј. Хаџи-Василевиќ/.

Колку е сочуван обичајот, девојките да се оградуваат од секаков контакт со мажите кои не се нивни роднини се гледа и од резултатите на една анкета спроведена пред Втората светска војна:

"Девојката и младата мажена жена не смее да зборува со момчиња или воопшто со млади луѓе; пред постарите треба да молчи; молчењето на младите жени се смета како врлина. Овие жени не смеат да се караат со соседите. Спрема секого тие треба да се добри. Постарите жени уживаат поголема слобода во зборување и движење".

"Девојката не смее да разговара со момчето, ако се љубовници" можат да си дозволат само по некој поглед при срекавање, но во тој случај девојката ја наведнува главата"- Горни Полог[1]/.

---

Цитирано од В. Ерлик. Породица у трансформацији - стр. 110,Загреб, 1964.

Понапред било срамота девојката сама да оди низ село, на оро да се фаќа до машко. На оро се фаќале по категории, помлади, постари, поделени по пол."

с. Врутон -Македонци 749.

Кога би се обиделе да ги групираме правилата кои важат денеска за девојките во Полошкото село, овој "кодекс" за поведението би изгледал вака:

| За муслимански девојки | За македонски девојки |
| --- | --- |
| а/ девојката не смее да разговара со машки лица, освен со тие со кои е во најблиски роднински односи. | а/ девојката ако е сама, не треба да е во друштво со машки |
| б/ Се додека е свршена не смее да се види со свршеникот ниту пак со машки лица, негови роднини. | б/ додека е свршена не смее да разговара со машките роднини на младоженецот, освен ако треба да одговара на прашања. |
| в/ При водење разговор со постари срамота е ако упаднува во разговор и ако зборува многу.[1]. | в/ Срамота е ако многу се дотерува: ако оди на плажа. |

Во овие ставови се јавува разлика меѓу гледиштата во селото и градот/ што е нормално со оглед на многу повеќе внесените нови елементи во секојдневниот живот/. Според дистрибуцијата на одговорите добиени во градот на прашањето што е срамно во поведението на девојките, 41,3% од одговорите

---

[1]/ Колку малу кај муслиманското население е променет строгиот став на средината во однос на поведението на девојките може да се види и од резултатите на спомнатата анкета од пре војната:

"Девојката не смее никаде да гледа сем долу, не смее да се смее, да стои на пенџер, да ја поминува улицата ако на неа има некој маж. Истото важи и за помладите жени додека на постарите им се дозволува".

Срез Гостивар, шиптарско село
Споменатото дело, стр. 110.

на шиптарското и турското анкетирано население и 42,2% од одговорите на македонското анкетирано население, се однесуваат на предбрачните сексуални односи, а 57,8 одговори од шиптарското и турското население и 58,7 одговори од македонското население, се однесуваат на слободното поведение кое го вклучува непристојното зборување, облекување, движење на јавни места, пушење, пиење итн. Само многу доброто познавање на овој крај може да го објасни фактот што помал процент одговори се однесуваат на осудувањето на пребрачниот сексуален живот на девојките. Имено, во ваквата средина, со ваквите традиции, забраната на предбрачните сексуални односи е дел на долгогодишното фамилијарно воспитување кое се пренесува од колено на колено и затоа како и секоја ноторна работа истата се поставува како императив, што посебно не треба да се истакнува. Следниот графикон најдобро го илустрира овој став.

Графикон 16

ДАЛИ ДЕВОЈКИТЕ ИМААТ СЕКСУАЛНИ ОДНОСИ ПРЕД БРАКОТ?
- село -



"Ако некоја девојка имала предбрачни односи останува немажена, се смета дека не може да биде добра домаќинка".

с. Горно Палчиште, шиптарско 683.

"Такви девојки немаме. Кога би постоеле средината би ги бојкотирала".

с. Стримница, Шиптари 1039.

"Девојката која имала предбрачни односи како да сторила најголемо зло".

с. Милетино, Македонци, 749.

"Ако се дознае за некоја девојка дека имала сексуални односи, таа станува популарна".

с. Стенче, Македонци 609.

"Дека е невиноста е услов" "за склучување на бракот може да се види и од следниот графикон.

Графикон 17

ДАЛИ ИМА ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ДЕВИЧАНСТВОТО ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОТ?

- село -



"Невиноста има пресудно значење за склучување на бракот".

с. Корито, Шиптари,712.

"Мојата керка,кога би ја изгубила невиноста пред склучување на бракот, јас би ја убила

Работничка, Македонка, Гостивар

Девојките кои имаат предбрачни односи се осудуваат и во градот и покрај тенденцијата за попуштање во тој поглед која е најизразита кај Македонците.

Графикон 18

ШТО МИСЛИТЕ ЗА ДЕВОЈКИТЕ КОИ ИМААТ ПРЕДБРАЧНИ СЕКСУАЛНИ ОДНОСИ?

- град -




И покрај строгоста спрема предбрачните односи на девојката која и сега може да доведе до нејзино истерување /с. Милетино/, во повоениот период не се памети обичајот според кој невестата дојдена со изгубена невиност се натоварува на

магаре со главата кон опашката и со дебел страк праз во рака да се враќа кај родителите /с. Волковија, негде околу 1938 г./[1].

Селото во Полог, правилата за предбрачните односи изгледа дека во доста голема мерка ги задржува и за момците, иако кршењето на тие правила, за нив не значи и кршење на моралните барања на средината. Ако полната предбрачна апстиненција на момците ја земеме како еден од најсигурните индикатори за интактноста на патријархалните односи, тогаш ова подрачје ни пружа различна слика од нејзино постоење како правило па до неколку преодни врски пред бракот кај момците во градот.

Графикон 19

ДАЛИ МОМЧИЊАТА ВЛЕГУВААТ НЕИСКУСНИ ВО БРАК?

- село -




1/ Податок чуен од учителот Т. Петровски.

Графикон 20

ДАЛИ СТЕ ИМАЛЕ ПРЕДБРАЧНИ ОДНОСИ

- град -




Најчесто причина за предбрачната апстиненција на момчињата секако не е барањето на средината, туку немањето можност во селската средина да најдат партнер за ваквите односи. /Многу мал број имаат односи со селските девојки, вдовици или распуштеници/. Можноста за сексуално изживување им се пружа кога одат во градовите на школување, работа или печалба.

Ваквата средина со строги морални принципи ја заштитува девојката во таа смисла што врши притисок, најчесто ефикасен, на младиот ако сака да ја напушти девојката која очекува дете. И во овој случај се забележуваат деференцираните ставови на селското и градското население. Селото,

нако поголема хомогена целина повеќе може да делува на поединецот сугерирајќи му поодговорно држење /поголемата индолентност кај муслиманското население резултира од фактот што во нивните редови има помалу предбрачни односи /, додека градот од оправдани причини покажува поголем степен на индиферентност.

Графикон 21

ДАЛИ ГО ОСУДУВАТЕ МОМЧЕТО КОЕ ЈА НАПУШТА ДЕВОЈКАТА КОЈА ОЧЕКУВА ДЕТЕ?

- град -




Непосредно од овие ставови произлегува и односот на средината спрема вонбрачната мајка. И покрај тоа што нашето позитивно право не прави разлика помеѓу брачните и вонбрачните деца, традицијата уште е многу силна, вонбрачната мајка е критикувана и осудувана од средината. Девојката која родила вонбрачно дете е принудена да се омажи за некој стар вдовец и да оди во некое оддалечено село во кое инаку никако не би се омажила.

"Кај нас во 1950 год. една девојка забремени вонбрачно. Таткото на момчето не пристана да ја земе бидејќи тој веќе имал свршеничка. Таа роди, па по тоа ја омажија во едно оддалечено село за вдовец со пет деца".

с. Шипковица - Шиптари,1533.

"Девојката која ќе забремени вонбрачно, поарно да се убие пред да роди".

Тетово, работничка Турчинка.

Графикон 22

ШТО МИСЛИТЕ ЗА ДЕВОЈКИТЕ КОИ ИМААТ ВОНБРАЧНИ ДЕЦА




Во Тетовската околија/без Мавровската општина/ во 1963 година, од вкупниот број родени 95,3 се брачни а 4,7 вонбрачни.

Во споредба со другите места во нашата земја во Полог има мал апсолутен и релативен број вонбрачни деца.

Табела 26

| | | РОДЕНИ | брачни | | вонбрачни | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. С Ф Р Ј | 1961 | 422180 | 386525 | 91,6 | 35855 | 8,4 |
| 2. СР Мак. | 1961 | 42182 | 39933 | 84,7 | 2249 | 5,3 |
| 3. ПОЛОГ | 1963 | 6281 | 5984 | 95,3 | 297 | 4,7 |
| 4. Космет | 1961 | 40561 | 35268 | 86,9 | 5233 | 13,1 |

Податоците од службената статистика можат да не доведат до погрешен заклучок. Поправо, бројот на деца родени во фактички вонбрачни заедници е уште помал. Поголемиот број вонбрачни деца прикажан во статистичките податоци се родени во нерегистрираните малолетнички бракови /особено кај муслиманското население/. Затоа ако го споредиме бројот на вонбрачните шиптарски и турски деца со бројот на деца признати од таткото ќе видиме дека тој број многу се намалува, што поправо и ја дава пореалната бројка на вонбрачни деца.

На пример во целатанаша Република во 1962 год.,жени Македонки, Шиптарки и Турчинки родиле толку вонбрачни деца:

Табела 27

| Народност на мајката | Вонбрачни деца | Признато татковството | Непризнати |
|---|---|---|---|
| Македонка | 772 | 430 | 342 |
| Шиптарка | 485 | 349 | 136 |
| Турчинка | 284 | 176 | 108 |

Ако појдеме од фактот дека од вкупниот број на Шиптари во Македонија 47,5% живееат во Полог, а од вкупниот број Турци 14,6% живееат во Полог, тогаш ~~ни~~ порелјефно ни се укажува на фактички малиот број вонбрачно родени деца.

Начинот на избор на брачниот другар е еден од многу важните индикатори на формите на семејните односи. Во Полог тој варира од старински во острa форма кога изборот на брачниот другар го вршат родителите и роднините без и да се видат пред тоа младите, па до современ кога изборот го вршат самите брачни другари врз база на личните склоности. И по ова прашање постои упадлива диференцираност меѓу селското и градското население.

Графикон 23

ЗА ИЗБОРОТ НА БРАЧНИОТ ДРУГАР

РЕШАВААТ

-село -




На село слободата во изборот на брачниот другар е многу ограничена / кај шиптарското и турското население скор до максимум/. Пасивното држење при изборот на брачниот друга е резултат на големиот респект спрема родителите, младите сами не одлучуваат, тие само ги исполнуваат желбите на

старите. Доминантната положба на родителите во тој поглед се диференцира кога се работи за машки или женски деца. Од графикониве може да се види дека не се работи за потчинување кон родителското насилство туку најчесто за добрата волја на младите.

**Графикон 24**

ДАЛИ РОДИТЕЛИТЕ ГИ ПРИСИЛУВААТ ДЕЦАТА ДА
ГО ЗЕМААТ БРАЧНИОТ ДРУГАР КОИ ТИЕ ГО ОДБРАЛЕ?

\- село -




Слободна волја и личен избор на брачниот другар, постои многу малку кај шиптарското и турското население /особено кај девојките/, додека кај македонското население ваквиот начин на избор е повеќе присутен.

"Поретки се случаевите да се присилува синот од страна на родителите да ја земе девојката која тие му ја одбрале. Многу почесто ја присилуваат ќерката."

с. Шипковица, Шиптари, 1537.

"Најчесто склучувањето на бракот е работа на самите идни сопрузи, но поради чест на родителите се прајќаат стројници, но нема случај пред тоа младите да не се виделе. Ретко се случува родителите да ги присилат синот или керката да го земат брачниот другар кој тие му го избрале".

с. Брвеница, Македонци, 733.

"Родителите не го присилуваат синот да ја земе девојката која тие му ја избрале поради тоа што самото момче се мири со судбината".

с. Стримница, Шиптари, 1039.

Вакво став на синовите, кога во изборот на брачната другарка се мират со решението на родителите е наведен и во спомнатото дело на В. Брлиж /стр. 147/:

"Нема потреба родителите да го присилуваат синот, бидејќи и самиот навикнал на обичајот да ја зема девојката која родителите ја бираат, и смета дека поинаку и не може да биде".

Горни Полог - шиптарско село.

"За изборот на брачниот другар решаваат младите, но со дозвола на старите. Се поретко и поретко го присилуваат синот на брак, додека на керките уште доста често им се наметнува волјата на родителите".

с. Долна Лешница, Македонци, 212

Бидејќи девојките отворено не можат да се спротивставуваат на волјата на родителите, кога сакаат да се омажат за момчето кое самите си го одбрале, единствениот излез им е во бегањето од родителскиот дом. Попуштањето на родителскиот авторитет, склопувањето на браковите без нивна согласност, иако сврзано со големи идни жртви, најдобро се потврдува со тоа што бројот на "бегалките", од ден на ден е

поголем /додека кај шиптарското и турското население оваа појава е во пораст, кај македонското население е во опаѓање/. Во тој судир меѓу родителите и керките по ова прашање, ставени пред свршен чин родителите најразлично реагираат. Некои со години не разговараат и не одат во куќата на керката, а некои многу брзо се мират со ваквата положба.

Графикон 25

ДАЛИ ИМА"БЕГАЛКИ"?

- село-




"Тие кои не сакаат да појдат за вереникот/кој им го одбрале родителите обично бегаат со тој кој сами го одбрале./

с. Милетино,Македонци,749.

"Многу почесто има бегалки сега поради тоа што не сакаат да појдат за тој кој им го одбрале родителите.'

с. Стримница, Шиптари 1039.

Додека бројот на бегалките кај Македонците се намалува поради тоа што родителите се повеќе пристанувааат

на желбите на своите керки, кај Шиптарите и Турците тој број расте во последно време детерминиран од истиот факт на неможност на родителите да ја присилат својата керка да склучи брак со тој со кој тие сакаат.

Додека бројот на бегалките кај муслиманското население, во споредба со предвоениот период, има тенденција на голем пораст, бројот на "грабнувања" /момчето ја одредува девојката без нејзин пристанок и без пристанок на родителите/ е многу намален.

Графикон 26

ДАЛИ ИМА ОТМИЦИ?

- село -



Грабнувањата кои уште постојат, обично брзу се завршуваат со спогодба помеѓу родителите /давање големи оштети/ за да се избегнат јавните скандали, така што многу ретко тие доаѓаат пред суд.

Економскиот напредок, индустрискиот развиток чии резултати повеќе се чуствуваат во градот влијаело врз неговото население и во овој поглед. За изборот на брачниот другар се помалу решаваат родителите и роднините, а се повеќе тој избор станува лична работа на самите идни сопрузи. Но, покрај разликата меѓу националностите, меѓу градското население постои разлика и помеѓу професионалните групи. Големата конзервативност кај работниците резултира оттаму што повеќето ја сочинуваат првата генерација на работници, претежно со селски менталитет.

Графикон 27

ЗА ИЗБОРОТ НА БРАЧНИОТ ДРУГАР РЕШАВААТ:



Графиконите илустрираат ситуација во која се согледува испреплетување на патријархалните форми кои се доста присутни /родителите уште немаат голема улога, иако формално/, со современи форми на семеен живот /при изборот најважни се чуствата на самите идни сопрузи/ што зборува за уште неискристализирани модерен брачен живот.

Било да самите брачни другари никако не учествуваат во изборот на своите партнери поради тоа што е неможно и неморално, или пак родителите само формално учествуваат во изборот на брачниот другар, во најголем број склучувањето на бра кот е раководено исклучиво од интересите на семејствата на кои младите им припаѓаат.

Во селото решавачки е добриот глас на семејството /поединецот во патријархалната средина е изгубен без потпора на своето семејство/, кој обично значи и имотно добро ситуирано семејство, а исто и потребата од работна сила, додека како мотив за избор на брачниот другар љубовта најмалу се почитува. Тоа значи декаизборот на брачниот другар во повеќе случаи е детерминиран од економските потреби на семејството, а не од волјата на поединецот.

Графикон 28

МОТИВИ ЗА БРАК




Во градот личните склоности имаат голема улога за склучувањето на бракот, но сепак не може во целина да стане збор за семејството кое се базира на љубов, меѓусебно почитување и разбирање на сопрузите, бидејќи тука има и други мотиви кои влијаат на изборот на брачниот другар.

Графикон 29

МОТИВИ ЗА БРАК - град -



Ако е најчестиот мотив за склучување на бракот економската потреба, формално, миразот на девојката и другите материјални користи, често да одлучуваат за изборот на брачниот другар. До пред Втората светска војна ретко се случувало девојките да донесуваат мираз /не влегува неподвижниот имот/, непосредно по војната исто така, додека во последно време оваа појава се проширува.

Кај македонското население, како во селото така и во градот, оваа појава може да има свое оправдување со тоа што со дезинтеграцијата на домаќинствата и се поизразитата тенденција на одвојување на младите брачни парови од родителската куќа, се бара и материјален придонес од страна на девојката за новото домаќинство, кој најчесто е во форма на мебел или руба-чеиз.

Графикон 30

ДАЛИ Е ЧЕСТ СЛУЧАЈОТ ДЕВОЈКИТЕ ДА ДОНЕСУВААТ МИРАЗ?
- село-

ДАЛИ СТЕ ДОНЕЛЕ ИЛИ ДОБИЛЕ МИРАЗ?
- град-



Најчеста форма на миразот е чеизот /рубата/ кај македонското, шиптарското и турското население, мебелот, повеќе кај македонското население, накитот кај шиптарското и турското население /многу малу/, а на крајот неподвижниот имот. Неподвижниот имот /земјата и куќата/ според обичајот кој е многу вкоренет, го одбиваат само женските деца кои немаат ни браќа ни родители.

Во преговорите за склучување на бракот, било вообичаено и уште е, родителите на младите да решаваат и извесни технички и материјални прашања. Ако девојката како работна сила претставувала одредена вредност, треба да се даде извесна оштета на нејзиното семејство. Оттука свршеникот, неговото семејство, бил должен, на семејството на својата идна жена да му даде одредена количина вредности во стока, пари или нешто друго. Од ова се развил системот на плаќање, давање откупнина, односно купување и продавање на девојките кој уште и денеска постои како народен обичај.

> "Кога младите селани и селанки се гледаат и се бендисуваат, како и на секаде, треба да дојде до брак, и какош што бог рекол, да ги поминат останатите години од својот живот во заемна љубов и заемен труд. Кога некое момче бендисува некоја девојка тој им кажува на своите родители и ако тие се сложат со изборот праќаат стројници да ја бараат девојката, од нејзините родители, кои нако решат да ја дадат фаќаат да се пазаруваат колку пари да земат за својата керка. Количината на парите дадени од момчето се мери со трудољубието, убавината и угледот на семејството на девојката. Освен пари, родителите на девојката од идниот зет уште земаат и грав, суво или тазе месо, ориз, вино, ракија и друго, колку што е нужно за да ги нагостат свато-

вите на момчето, кога ќе дојдат да ја земат девојката.
Некогаш се случува, родителите на момчето или на девојката да не се сложат за соединувањето на младите и тогаш, ако девојката се сликува, момчето ја краде од нејзините родители. Тукашните селани се мажат тогаш кога се расцутени и на возраст за мажење, т.е. кога стасуваат или малку заминуваат 20 години. Момчињата пак се женат порано и често пати младоженецот е помлад од невестата"1/.

Колку обичајот давање откупнина бил задржан пред којната може да се види и од искажувањата на еден учител:

"По повод свршувачката се договоруваат за сумата која треба да ја добијат родителите на девојката. Обично се зема од 3000 - 5000 динари и таа сума се употребува за облеката на девојката и за даровите наменети на роднините на момчето"2/.

срез Горнополошки.

Во оваа ситуација битно е што бракот повеќе е врска помеѓу две семејства отколку лична врска на двајца млади. Цената на девојката ја одредуваат родителите чии аспирации се за што поголем износ. Парите што ги добиваат родителите како надоместок за девојката родителите ги позуваат или за спрема на девојката, покривање на трошоците околу подароците за младоженецот и неговото семејство, за свадбениот церемонијал или пак ги чуваат за женидбата на своите синови

Кај македонското население во овој крај, познат е во минатото обичајот "сечење на строј" кој го обележувал моментот на договор меѓу родителите и давањето оштета од страна на родителите на момчето за спремање на девојката и за

1/ Селишчев: Полог, Софија, 1929, стр. 60-61.
2/ Цитирано од спомнатото дело на В. Брлиќ, стр. 160.

поклоните за младоженецот, неговите роднини. Висината на откупнината најмногу зависела од самите барања на родителите на младоженецот/ од квалитетот на подароците што ги барале/. Меѓутоа, по којната изгледа дека овој обичај е скоро изгубен, на теренот не се среќава повеќе.

"Адетот сечење на строј" е задржан, само што сега се менуваат бакшиши, пари повеќе не се даваат".
с. Радиовце, македон.327.

"Сега, повеќе не се дава откупнина. Понапред без откупнина ни еден брак не можел да се случи".
с. Вруток, Македонци 513.

Кај шиптарското и турското население е задржан обичајот на кучување односно продавање на жените. Најчесто толкување на овој "адет" е дека тоа е оштета за изгубената работна сила и за моминската спрема.

"Купувањето на девојките е обична појава. Ретко некој се жени без да плати".
с. Селце, Шиптари 1393.

"Купувањето на жените е честа појава која зема замав".
с. Стримница, Шиптари 1039.

"Купувањето е многу често, а цената се поголема".
с. Трново, Шиптари 980.

"Ако некој нема пари, нема ни жена" - тоа е стара поговорка".
с. Форино - Шиптари 2017.

"Кај нас има плаќање на девојките. Нивната цена е 200-400 илјади динари, а стројниците земаат и до 100 илјади динари".
с. Челопек, Шиптари 2324.

"Само за таткото се дава до пола милион динари, а другото е башка". с. Селце Кеч, Шиптари, 256.

Интересно е дека плаќањето на девојките во последно време станува се почесто како во селото така и во градот. Единствено во редови е на интелектуалците и општествено-политичките работници е многу ретко. Непосредно по војната некаде до 1943-50 год. давањето "прит" било во осетно опаѓање поради интервенирањето на општествено-политичките организации на теренот. Изгледа дека сега ивната интервенција е намалена, законски прописи за спречување на оваа неморална и нехумана појава не постои, а со порастот на животниот стандард доаѓа и до зголемување на цените на девојките. Законот на понудата и побарувачката немилосрдно делува и во оваа област. Така во некои села па и во градот просечната цена на девојката се движи од 800 иљјади до милион динари, некаде милион и пол, а најголема сума за која чув дека е платена е два милиона. /селанец од селото Желино платил за девојка од едно село во областа Дрвен/. Висината на цената "притот", зависи од повеќе фактори. Покрај младоста и убавината на девојката која се плаќа, цената може да ја покачи или симне населбата во која таа оди да живее/ ако е оддалечено, планинско село, "притот" е повисок, родителите поретко ја даваат керката далеку/, и угледот на куќата во која таа влегува /колку е куќата поугледна, тоа значи и поимотна, толку е поголема гаранцијата дека таа ќе живее во изобилство, па цената не мора да е многу голема/. Оттука се доаѓа до една ситуација помалу парадоксална што колку селанецот е од подалечно место и колку е тој пове-

еден, толку повеќе треба да плати. Големината на цената, во вакviot случај, родителите ја правдаат со нивната желба за обезбедување иднината на својата керка, односно дека тие пари се провизија за случаи таа да остане вдовица, да се врати дома, итн.

Плаќањето за девојките е правило од кое многу ретко се отстапува /еден учител кој скоро требаше да го жени својот син рече дека мора да го запази обичајот и да плати за идната снаа и покрај тоа што неговиот син и девојката се сакале/, а доколку има отстапување тоа е резултат на согласноста на родители.[1]

Најчесто отстапуваат родителите на идните брачни партнери кои се земаат со љубов, па или не плаќаат ништо или таа сума повеќе е симболична. Се наметнува прашањето, од каде толку пари, како можат, макар и добро ситуираните домаќинства

---

1/ "Новиот селски учител имаше само 22 години. Туку што се беше вратил од отслужување на кадровскиот рок. Неговите месечни принадлежности изнесуваа околу 17.000 динари.

– Мислев да останам на село. Луѓето ми се чинеа многу добри, раскажуваше подоцна тој. Јас сум селско дете. Моите родители отидоа во Турција. Останав сам, а пред една година како стипендист на околијата завршив учителска школа, сакав да се женам. Но, ништо. Татко и бараше двесте и дваесет илјади пари. Не можев да земам кредит за да ја купам својата животна другарка. Тоа е апсурд. Не ми дозволуваше совеста. Зарем, не, е смешно?

– Дали ги известивте органите на власта. Потоа политичките организации.

Девојката беше повикана во општината и прашана дали сака да се мажи за мене. Дали е вистина дека татко и сака и да ја продаде. Јас имам татко, рече таа. Прашајте го него. Не, не мислам да ја мажам својата керка. Јас немам ништо против учителот. Ќе одиме за Турција, тврдеше тој. Девојката молчеше. По неколку месеци таа беше мажена за еден постар маж од соседното село. Велат дека била продадена. Подоцна разбрав дека девојката принудена да изјави дека не ме сака. Корените се уште се длабоки. Луѓето и традицијата се чуваат еден со друг... Сермет Сами: Совеста на еден млад учител - Нова Македонија, 28.XI.1960г.

да си го дозволат тој издаток? Семејството на машкото дете постепено уште со време ги обезбедува тие средства на тој начин што збира дел од приходите од земјоделстово, сточарството, кои многу често се дополнуваат со приходите од печалба. Вообичаено е, момчињата да одат на печалба со цел да обезбедат средства со кои ќе купат жена. Ваквата постапка ја забележува и проф. Петровиќ:[1]

"Кај шиптарското население, длабоко е вкоренет обичајот на купување на жените. Жената како работна сила е многу ценета, затоа семејството кое ја губи со мажачката, смета за правилно таа штета да и биде надоместена со пари. Цените на жените се релативно високи и претставуваат голем издаток дури и за подобро ситуаираните домаќинства. Поради тоа, младите луѓе скоро редовно одат на печалба за да ја соберат потребната сума за купување на жените".

И сега уште младите се запослуваат постојано, привремено во близина, или одат во други градови, па со години најголемиот дел од приходите го чуваат за таа намена. По цена на многу големи одрекнувања/висината на цената не е резултат на поголемото богаство на младоженецот и на неговото семејство/, од страна на неговото семејство и на него самиот за еден подолг период се обезбедува сумата која ќе им донесе снаа и жена во куќата.

"Еден пристанишен работник од Белград редовно секој месец испраќа извесна сума пари на одредена адреса во некое село во Тетовско. Така четири години. Инаку, Рамиз по природа беше мирен човек на триесет години. На своите широки плеќи секој ден носеше тешки вреќи брашно и ги товареше на бродовите во пристаништето. П.

1/ Р. Петровиќ: Полог, Загреб 1942, стр. 33.

ќите после многу болат, но човек се навикнува. Секој не може да биде писар или службеник, си резонираше и се помируваше со својата судбина. Тој не беше школуван, дури и потписот не знаеше да го напише, а наместо тоа со прстот се служеше. Во Белград беше дошол пред четири години.

И од тој ден, секој месец, Рамиз откинуваше дел од својата заработувачка. Кога три, кога четири илјади. Понекогаш и пет ќе испратеше, а тој месец ќе јадеше само пиперки и домати и некој ден манџа.

Рамизе, ти мајка ли имаш таму? - Најпосле еден ден го запраша старата службеничка.

- Не, мајка ми е умрена. И татко ми. Јас, госпоѓо, сакам да се женам. Парите ги праќам на таткото на невестата.

- Зошто? - запраша изненадено службеничката.

- Еж, ете така, адет велат, зборуваше човекот збунето држејќи ја во рацете својата бела капа.

- Тоа значи дека ти ќе ја купиш. Својата жена.

Јас мислев дека тоа повеќе го нема, Рамизе. Рамиз не можеше да и објасни. Всушност, нему му беше многу непријатно да објаснува што имаше да се објаснува?"1/

Од друга страна, родителите на девојката, добиените пари ги планираат за обезбедување жена на синовите /секоја куќа мора да има син, макар и усвоен/, со додавање или одземање од таа сума што ќе зависи од спогодбата. Затоа, обично плаќањето е во рати, месечни или годишни, девојчињата се ветени уште мали, и од пет, шест годишна возраст, па додека се во основното училиште се исплатуваат сите рати.

Дека купувањето на жените е многу

1/ Сервет Сами: Еден работник сака да се жени, "Нова Македонија", 28.XI.1960 год.

проширено на Полог го потврдува графиконот.

Графикон 31

ДАЛИ ИМА КУПУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ?




Раширениот обичај на купување и продавање на жените може и поинаку да се толкува. Најверојатно дека и помалиот број на жени делува во насока на зголемување на нејзината вредност/ за жал службената статистика не располага со податоци од кои би можело да се види дистрибуцијата на населението во Полог по пол и националност/. Инаку во Полог, без оглед на националноста, од вкупно 154.875 жители -1961 г. 77.274 се жени или 49,9% /СРМ има 49,5% жени, СФРЈ 51,2/. На 1000 мажи во Полог доаѓаат 99 жени/ во СРМ 978, во СФРЈ 1951 жени, во Космет 944/. Овие бројки и проценти не ни кажуваат многу за диспропорцијата меѓу машкото и женското население, но за да го добиеме реалниот број на машки лица во Полог би требало да го додеме и бројот на мажи кои се наоѓаат надвор, привремено на работа/таков податок не постои/, а

во моментот на пописот не се регистрирани во местото во кое инаку постојано живееат, и во тој случај би имале многу поголем број мажи во однос на жени. Поточно ќе ни се прикаже оваа положба ако ја погледаме пропорцијата на машкото и женското население од 10-19 годишна возраст / во таа возраст девојкитe се најбарани, а машките скоро да и не го напуштаат родното место/. На таа возраст има во Полог 15.514 мажи и 14.663 жени, што значи 945 жени на 1000 мажи, бројка која може да ја потврди поставената хипотеза.

Инаку, врз база на сопствените истражувања, оценки може да се рече дека кај шиптарското и турското население има помалу жени од мажи.

Меѓу шиптарското и турското население доста е раширен и обичајот на "размена". Под "размена" се подразбира договорот на семејствата, во исто време сестрата на мажот да се омажи за братот на неговата жена. Овој обичај се крие под превезот на "адетот" и служи како дополнување на купувањето и продавањето на жените. Во колку две семејства кои имаат машки и женски деца, немаат доволно средства за купување жени, тој издаток се избегнува со трансакцијата "глава за глава". И во овој случај девојката е само предмет чија судбина родителите често ја запечатуваат без никаква можност на приговор од нејзината страна.

"Размена" постои. Овој обичај се оквалификува како нужно зло поради диспропорцијата меѓу машките и женските. За изборот почесто приговараат момчињата додека сестрата обично се жртвува за братот".

с. Шипковица, Шиптари 1534.

"Нашето село е оддалечно, па скоро 80% се земаат со "размена". За да се обезбедат семејствата, свршувачката станува додека девојките се многу млади, дури и под седумгодишна возраст".

с. Корито, Шиптари 712.

Графикон 32

ДАЛИ Е ЗАДРЖАН ОБИЧАЈОТ НА "РАЗМЕНА"




За да се избегнат големите откупнини што се даваат за невестите, во последните години, доста често се земаат жени, од Босна, "босанке" кои или не се плаќаат или пак се платени многу помалу од тукашните жени /"кој нема пари доведува "Босанка"/.

с. Озормиште

На пример, само во 1962 год. во Полог, од вкупно 1461 склучени бракови, во 34 бракови жената е од Б и Х. Ако

имаме предвид дека сите други места во Југославија /без Македонија/ се застапени со 29, - од кои 4 од Космет - брачни партнери, ќе видиме колку размери има оваа појава[1/]. Во пописот од 1961 г. во Тетовската околија /без општина Маврово/ се регистрирани 700 жени од Босна, а 992 од Косово и Метохија, додека од други места тој број е многу помал..

Табела 28

ТЕТОВСКА ОКОЛИЈА /БЕЗ МАВРОВСКА ОПШТИНА/1961 г.
НАСЕЛЕНИЕ РОДЕНО ВОН ОД МАКЕДОНИЈА

| | ВКУПНО | МАШКИ | ЖЕНСКИ |
|---|---|---|---|
| Потесноподрачје | | | |
| Србија | 1.029 | 484 | 545 |
| Војводина | 192 | 68 | 124 |
| Косово и Метохија | 1.776 | 784 | 992 |
| Хрватска | 327 | 118 | 209 |
| Словенија | 68 | 27 | 41 |
| Босна и Херцеговина | 787 | 87 | 700 |
| Црна Гора | 117 | 42 | 75 |
| Странство | 954 | 451 | 503 |
| Непознати | 65 | 27 | 38 |

Табелата ги потврдува исказите добиени од теренските истражувања.

---

1/ Често међу населението може да се чуе дека во тој поглед Босна за мнозина е "~~дорадо~~". „ЕЛДОРАДО"

Графикон 33

ДАЛИ ПОСТОЈАТ БРАЧНИ ВРСКИ МЕЃУ ШИПТАРИ И МУСЛИМАНСКИ ДЕВОЈКИ ОД БОСНА?




Доаѓањето на "босанките" во Полог, може да биде резултат на познанство меѓу нив и младите кои биле во Босна на работа или на отслужување на војниот рок, па доаѓањето на едната повлекува и доаѓање на други на кои им е обезбедена мажачката, или можат да бидат доведени од некој постар маж кој тука ги продава поефтино.[1/]

---

1/ "Пред извесно време со патничкиот воз од Белград за Скопје патуваше и еден Шиптар. Еден од оние луѓе со неодредени години. Можеше многу лесно да има и 40, а и повеќе од 50 години. Ситно збрчкано лице и мали зеленосини очи. Оштри жолтеникави влакна му го покривале лицето. Врз себе имаше бела веќе изваткана кошула и широка црвена шамија обвиткана околу половината. Под белото кече наштркуваат неколку штракови жолтеникави влакна. По изразот на лицето и тврдите црти длабоко засечени во кожата, оддаваше човек што многу малку зборува - затворен во себе и неразбирлив за луѓето што патуваат со него.

Со овој човек патуваа и четири млади жени. Најмладата немаше повеќе од 20 години - убава, со зелени очи и нежна кожа на лицето. Делуваше малку насмасно во широките шалвари од памучна ткаенина, а кожата од рацете и беше неприродно бела како да перела долго време, па сапунот оставил видни траги. Прстите и беа тенки и долги. На скутот држеше некакв бовча и цело време молчеше. Од време на време ќе се занесе

ше кога возот ненадејно ќе застанеше, на некоја станица и тогаш за да не падне, се фаќаше за својата другарка исто така млада жена, само постара за неколку години. Таа имаше тркалезно убаво лице, големи предизвикувачки усни. Малку невешто намачкани со бел кармин. Веѓите и беа поцрнети и продолжени со црн молив. Дебел слој белило ја покриваше вистинската боја на лицето, најверојатно црвена, а сега бледосива. И другите две жени беа молчеливи и некако се држеа срамежливо, како првпат да патуваат со воз. Зборуваа тихо, но сепак можеше да се долови нивниот силно акцентиран босански говор. Му се обраќаа само на старецот, не гледајќи го во очите. Одвреме-навреме нешто ќе шепотеа меѓу себе, а потоа ќе се насмееја придушено, плашејќи се да не ги чуе старецот.

Во Приштина, во истото купе влегоа двајца Шиптари,облечени полуградски, полуселски, несмасни во белите кошули и големите веќе изблендени машни.

- Каде,шок - праша еден од нив.
- За Скопје, рече старецот.

Разговорот се водеше на шиптарски јазик. И се повеќе се добиваше впечаток дека преогa во некакво трговско спогодување во кој човекот што ја нуди стоката е рамнодушен за крајниот исход. Тој како да ја знаеше вистинската вредност на она што го нуди и не брзаше да ја продаде, убеден дека утре ќе добие поголеми пари.

- А Од каде ти се овие девојки, а? - се јави другиот.

- Од Босна, мирно одговори старецот.
- Ние одиме за Скопје, продолжи човекот. Тој имаше два златни заба што му се откриваа при секој збор. Бараме работа. Ти од каде си?

Старецот го кажа името на едно село во околината на Тетово, а потоа откако разбира од каде се тие двајцата, ненадејно ги запраша дали се женети.

- Кој,јас? - беше изненаден првиот.

- Јас сакав да се жена, ама немам пари, се јави вториот.

- Ја гледате ли онаа младата, рече старецот, покажувајќи кон најмладата девојка. Таа има 20 години и неколку месеци. Убава е како планинско цвеќе. Вистинска домаќинка. Таа ќе ти роди здрави машки деца, а куќата ќе ти ја чува чиста како цамија. Просто да ти е мерак...

Човекот со златни заби погодувајќи ја мислата на старецот само се насмеа и ја погледна девојката. Таа, погодувајќи дека се зборува за неа, се вцрви, обидувајќи се да го прикрие зашеметениот израз на лицето.

- За неа барам 150.000 динари.
- Многу е чичко, рече човекот.
- Еж, многу кај нас и 300.000 бараат. Тоа си е адет. И јас за својата жена платив. Тоа сесамо дел од трошоците, а дури пораснала? Едночудо пари...
- А она на крајот? - се јави првиот.
- Ти немаш пари. Таа веќе еднаш се омажила и знае што е живот.

Станувале збор за девојката со предизвикувачки усни. Таа дрско ги гледаше двајцата млади Шиптари, заборавајќи дека пред малку се срамела дури и да ја подигне главата. А, сега, како да се обидуваше сама да ги потврди зборовите на својот стар придружник.

- Ништо, рече тој. Јас ќе најдам луѓе во нашите села.

Возот наближуваше до Скопје...

- Сермет Сами: Сите патишта водат кон Тетовско, "Нова Македонија" 27.XI.1960 година.

---

Селото не баш радо ја прима "босанката". Разликата во сфаќањето се одразува на семејниот живот така што и најчестите разводи се меѓу браковите склопени со "босанките". Најверојатно, и фактот што, од една страна таа е сама во новата средина, нема подршка во своето семејство кое е далеку, а од друга страна што не е платена или помалку платена влијае врз стабилноста на брачната заедница. Дури и таа самата не чуству за многу голема обврска / за разлика од мештанките/спрема својот брачен живот, и многу лесно го раскинува, "шетајќи од еден маж на друг".

"Има бракови со "босанки" но тие не се стабилни поради разликата во сфаќањата".

с. Камењане - Шиптари 2252.

"Во нашето село "босанките" ~~не се срекни враковк"~~.

– с. Топлица шиш 569

с. Торино ~~-Шиптари~~ 730.

„Браковите со босанките" не се срекни бракови ... шиш

"Босанките се доведуваат како втори жени".

с. Теново -Шиптари 730.

Во зависност од селската средина, доаѓањето на "босанката" може да даде позитивни или негативни резултати:

"Босанки" има, тие внесуваат новини во однос на хигиена и подобрување на животниот стандард."

с. Стримница, Шиптари 1039.

"Девојките од Босна кои доаѓаат тука се од најзафрлените краишта и обично се позаостанати како во однос на хигиената така и во однос на стручните знаења во домаќинството".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

Најчесто и самите "босанки" се вклучуваат во средината во која доаѓаат примајќи го менталитетот и навиките на куќата во која живеат, така што подоцна и не можат да се разликуваат/ професорот Ц. Костиќ зборува за позитивното влијание на "босанките" на Косово. Меѓутоа, со резултатите на ова истражување не можеше да се дојде до иста констатација.[1]

Графикон 34

КАКВИ ПОСЛЕДИЦИ ИМААТ ЗА СЕЛОТО БРАЧНИТЕ ВРСКИ СО БОСАНКИТЕ




1/ Варнететн наше сеоске породице, "Наша стварност" бр.11-12 1956 год.

Годините во кои се склучува бракот во Полог, покажуваат тенденција на покачување што може да се толкува како позитивна тенденција ако се има предвид наследената заостанатост во тој поглед. Изгледа дека возраста на која се склучуваат браковите повеќе и подобро од другите обичаи и правила иде во склад со настанатите промени во целокупниот општествен живот. Староста на тие кои влегуваат во брак дава претстава дека се повеќе се усклaдува природната нужност со социјалните услови. Со порастот на економската неразвиеност и културниот ниво на младите, систематски расте и границата на стапување во брак, така што најголемиот број бракови момчињата ги склопуваат на 23 години, а девојките на 18 г. или пак машките од 20-24 години, а и девојките од 20-24 години.

Табела 29

СКЛУЧЕНИ БРАКОВИ СПОРЕД СТАРОСТА НА МЛАДОЖЕЊАТА 1962 г.

| | Вкупно | Под 17 год. | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | над 60 г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| …товска …колија …без мав- …овска општина | 1524 | 1 | 2 | 52 | 65 | 91 | 91 | 134 | 208 | 186 | 488 | 138 | 46 | 16 | 6 |

СКЛУЧЕНИ БРАКОВИ СПОРЕД СТАРОСТА НА НЕВЕСТАТА 1962 г.

| | Вкупно | под 16г. | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25-29 | 30-39 | 40-49 | 50 и повеќе | [illegible] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| …товска …колија …без Мав- …овска општина | 524 | 3 | 4 | 22 | 248 | 192 | 195 | 199 | 167 | 143 | 80 | 178 | 66 | 20 | 5 | 2 |

Графикон 35




Во споредба со другите места во Југославија /961 г/ возраста на која се склучуваат браковите по групи во Тетовска околија/1962 г/ изгледа вака:

Табела 29

ВОЗРАСТ НА КОЈА СЕ СКЛОПУВА БРАКОТ

| Мажи | Под 20 г. | 20-24 | 25-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | над 60 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СФРЈ | 7,6 | 39,8 | 31,7 | 13,8 | 3,0 | 2,4 | 1,7 |
| Босна и Хер. | 9,5 | 46,0 | 29,3 | 10,3 | 2,0 | 1,7 | 1,2 |
| Црна Гора | 3,7 | 33,4 | 37,2 | 18,9 | 3,0 | 1,9 | 1,9 |
| Хрват. | 4,7 | 40,0 | 32,4 | 13,9 | 3,6 | 3,3 | 2,1 |
| Макед. | 8,6 | 47,5 | 29,8 | 9,5 | 2,1 | 1,4 | 1,1 |
| Тетов. околија/без Маврово. опш/. | 7,9 | 46,6 | 32,0 | 9,1 | 3,0 | 1,0 | 0,4 |
| Слове. | 2,7 | 32,8 | 37,6 | 18,3 | 3,7 | 2,6 | 2,3 |
| Србија | 9,2 | 37,4 | 31,2 | 14,7 | 3,2 | 2,6 | 1,7 |
| Пот.подрачје | 11,0 | 37,7 | 30,6 | 14,3 | 2,7 | 2,3 | 1,4 |
| Војвод | 5,4 | 36,6 | 31,7 | 15,6 | 4,3 | 3,7 | 2,7 |
| Космет | 7,7 | 37,5 | 33,9 | 15,7 | 3,1 | 1,4 | 0,4 |

Табела 30

ВОЗРАСТ НА КОЈА СЕ СКЛОПУВА БРАКОТ

| Женски | Под 19 г. | 20 24 | 25- 29 | 30 39 | 40- 49 | над 50 год. | Непознати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СФРЈ | 27,2 | 43,9 | 15,9 | 9,1 | 2,4 | 1,7 | 0,7 |
| Б и Х | 28,8 | 46,8 | 14,5 | 7,2 | 1,6 | 0,8 | 0,2 |
| Црна Гора | 28,2 | 49,2 | 13,8 | 7,1 | 1,2 | 0,5 | 0,0 |
| Хрватска | 27,9 | 40,5 | 15,0 | 10,7 | 3,3 | 2,6 | 0,0 |
| Македон. | 23,7 | 54,7 | 15,0 | 4,5 | 1,1 | 0,7 | 0,3 |
| Тетовска ок./без Мав.оп/ | 30,8 | 51,5 | 11,7 | 4,3 | 1,3 | 0,3 | 0,1 |
| Србија | 16,3 | 44,7 | 21,1 | 12,9 | 3,1 | 1,9 | 0,0 |
| Пот.подр. | 28,0 | 42,2 | 17,2 | 9,0 | 2,0 | 1,6 | 0,0 |
| Војводина | 27,4 | 38,5 | 15,2 | 11,3 | 3,9 | 3,7 | 0,0 |
| Космет | 30,7 | 50,2 | 12,9 | 5,2 | 0,9 | 0,3 | 0,0 |

Порано како екстремитети доста често се забележуваат случаевите кога девојките биле постари од момчињата по две, три па и десет години /особено кај македонското население/, или пак мажот да е постар од невестата десет, дваесет па и триесет години/ особено кај муслиманското население/. Тенденцијата кон пастење на структурата на возраст при стапување во брак пред се има своја поткрепа во Основниот закон за бракот кој е донесен 1946 година. Според членот 23 на овој Закон во брак не можат да стапат лица помлади од 18 г. /освен со специјално одобрување на надлежниот суд/.

Кај македонското население се повеќе машките склучуваат брак после отслужување на воениот рок, а девојките после 18 год; кај муслиманското население се повеќе се намалува разликата во годините на сопрузите, се разбира со извесни девијации.

"Ретко се зимаат врсници, обично девојката 3-6 години е помлада од момчето. Ако треба работна сила тогаш земаат постари девојки".

с. Врапчиште, Турци 2096.

"Сега момчињата склучуваат брак после отслужување на војската. Ако дома немаат работна сила тогаш може и порано".

с. Бањица Македонци 212.

"Обично момчетоќе постаро 2-3 години од девојката. Ретко врсници.

с. Радиовце - Македонци 327.

"Сега постои помала разлика "Напред се склучуваше 18 год. девојче да се омажи за стар од 60 год.,

с. Долна Лешница,Шиптари 183.

"Понапред девојките биле постари. Имаше еден случај кога момче од 16 г. го ожениja со девојка од 21 година, сега се земаат врсници или пак момчето е постаро".

с. Вруток, Македонци 513.

Поцелосна слика за разликата во годините меѓу брачните другари во селото и градот добивме од графиконите.

Графикон 36

КОЈ СОПРУГ Е ПОСТАР




И покрај позитивната тенденција на зголемување на годините при склучувањето на првиот брак, бројот на фактичките рани /малолетнички/ бракови уште е доста импозантен кај шиптарското и турското население. Во 1962 г. во Тетовска околија /без Мавровската општина/ се склопени 37 бракови во кои невестата немала полни 18 години и 4 бракови во кои младоженецот имал помалку од 18 год. Овие бракови ни оддалеку не ни ја презентираат вистинската положба, поради тоа што има многу голем број нерегистрирани мало-

летнички браковн што се покажува и во одговорите на анкетата.
/Меѓу другото тие бракови не се регистрирани и поради ставот на општинските судови од Тетово и Гостивар, многу тешко да издаваат одобренија за лица под 16 год. Во Основниот закон за бракот, таа можност се дава од 14-18 год./

Графикон 37

ДАЛИ БРАКОВИТЕ НА МАЛОЛЕТНИТЕ СЕ ОБИЧНА ПОЈАВА?




Традицијата, верскиот обичај, застарените сфаќања, толку упорно се држат што често во брак се наоѓаат лица без физичка и психичка зрелост, девојчиња и момчиња од 13-14 години. Девојчињата без да го свршат осумгодишното училиште заснивaат вонбрачни односи со малолетни или полнолетни машки. Родителите, своите керки психички ги подготвуваат за брак уште од својата десетта година, ги свршуваат уште помали, а во осумнаесетата година ги сметаат за престарени девојки. Оттука во Полошкото село муслиманката најчесто се мажи од

15-17 г. а може и порано, додека подоцна е престарена. И покрај тоа што општинските судови во Тетово и Гостивар се прилично строги во издавањето дозволи за малолетнички бракови, барателите на разни начини успеваат да ја докажат својата спремност за брак /често со многу "убедливи аргументи" како што е бременоста/.[1/] Во текот на 1963 и 1964 год. општинските судови во Тетово и Гостивар издале вкупно 119 дозволи за склучување на малолетнички бракови. Структурата на лицата кои барале дозвола по пол, националност и место на живеење изгледа вака:

Табела 31

1963

А.

| Год. на мало-летн. | Вкуп-но | Шиптари и Турци: село м | село ж | град м | град ж |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | 3 | - | 3 | - | - |
| 15 | 7 | - | 7 | - | - |
| 16 | 18 | 2 | 14 | - | 2 |
| 17 | 16 | - | 14 | - | 2 |
| Непол ни 18 | 10 | - | 8 | - | 2 |
| Вкуп но | 54 | 2 | 46 | - | 6 |

Б.

| Год. на мало-летн. | Вкуп-но | Македонци: Село м | Село ж | град м | град ж |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | - | - | - | - | - |
| 15 | 1 | - | [illegible] | - | 1 |
| 13 | - | - | - | - | - |
| 17 | 1 | - | 1 | - | - |
| Непол ни 18 | 2 | - | [illegible] | - | 2 |
| Вкуп но | 4 | | 1 | | 3 |

1/ Во Општинскиот суд во Тетово читав една молба во која барателот роден 1951 г. поради развиена "љубов" бара одобрување за брак со девојка родена 1952 год.

Табела 33

| А. | | | | | 1964 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Год. на малолетн. | Вкупно | Шиптари | | Турци | |
| | | м | ж | м | ж |
| 14 | 1 | - | 1 | - | - |
| 15 | 10 | - | 9 | - | - |
| 16 | 10 | - | 10 | - | - |
| 17 | 21 | 1 | 15 | - | - |
| Непо лни 18 | 5 | - | 4 | - | 1 |
| Вкупно | 47 | 1 | 39 | | 1 |

Табела 34

| | | | | | 1964 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Год. на малолетн. | Вкупно | М А К Е Д О Н Ц И | | | |
| | | село | | град | |
| | | м | ж | м | ж |
| 14 | - | - | - | - | - |
| 15 | 1 | - | - | - | - |
| 16 | 3 | - | - | - | 3 |
| 17 | 7 | - | 3 | - | 4 |
| Непо лни 18 | 3 | - | 2 | - | 1 |
| | 14 | - | 5 | - | 9 |

Најмногу дозволи се издадени за село вкупно 94 - / за муслиманското население 88,6 за македонското население/, а за град вкупно 25/13 за муслиманското население, 12 за македонското население./

Ваквата атмосфера која владее на ова подрачје, кога и објективните и субјективните услови ги упатуваат луѓето на брачен другар, придонесува желбата за склучување на брак да биде многу изразита како кај женските така и кај машките. Многу малу се девојките и момчињата кои доброволно остануваат немажени, а за вистински целибат и нема збор. Бракот останува најважната, па често и единствената цел во животот.

## Графикон 38

ДАЛИ ИМА МНОГУ НЕМАЖЕНИ ДЕВОЈКИ И МОМЧИЊА?




Кај шиптарското и турското население нема стари девојки поради диспропорцијата меѓу машкото и женското население како што наведовме, а веројатно дека на тоа влијае и фактот што муслиманското население како доста затворена општествена група многу ретко земаат жени од друга национална и религиозна група, од друг крај. Кај македонското население, напротив има повеќе стари девојки поради тоа што машките кои повеќе го напуштаат селото, по школувањето, армијата или печалбата често или не се враќаат в село, или пак ако се вратат нема да се женат со селанки. Старите момчиња и девојки инаку се сожалувани и потценети од средината.

"Има стари момци, тие се потценети од околината".

с. Челопек, Шиптари
2324.

"Стари девојки нема, има стари момци кои немаат доволно материјални средства да платаат за жената".

с. Радиовце, Шиптари 246.

"Има стари девојки и од 27 години. Тешко тие можат да се омажат поради тоа што сега школуваните момци бараат девојки со школо. Нивниот изглед е очаен, тие се срамуваат од средината".

с. Волковија, Македонци 588.

"Сега нема стари девојки бидејќи се мажат за секого, многу лесно одат од селото. Поанаред не сакале да одат од селото, ги чекале печалбарите, па затоа имало повеќе стари девојки".

с. Вруток, Македонци 513.

"Девојки стари нема, има само стари момци и до 35 години.

с. Калиште, Турци 251.

"Само дефектните останале стари девојки во селото."

с. Падалиште, Шиптари 880.

"Има само стари момчиња, поради тоа што има поголем број на мажи".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

Малиот број немажени девојки и неженети момци се констатира и од табелата за брачната состојба на населението по пол.

Табела 35

НАСЕЛЕНИЕ ПО БРАЧНА СОСТОЈБА - 1961 год.

| Име | Пол Вкупно | Неженети - | немажени | Оженети - | омажени |
|---|---|---|---|---|---|
| ПОЛОГ | м 45.889 | 12.351 | 26,9 | 31.706 | 69,2 |
| | ж 48.297 | 7.947 | 16,4 | 34.592 | 71,6 |
| ГРАД | м 11.651 | 3.179 | 27,4 | 8.090 | 69,6 |
| | ж 11.958 | 16.970 | 16,5 | 8.470 | 70,9 |
| СЕЛО | м 34.170 | 9.172 | 26,8 | 23.614 | 69,0 |
| | ж 36.334 | 5.977 | 16,5 | 26.122 | 71,9 |

Во споредба со другите места во Југославија се гледа дека Полог има релативно мал процент на неженети мажи, еднаков со македонскиот и скоро еднаков со Југословенскиот. Само потесното подрачје на Србија и Војводина имаат помал процент на неженети, додека во Косово тој процент е поголем. Според процентот на немажени девојки Полог има скоро најмал процент, зад потесното подрачје на Србија, инаку пред Космет Војводина. Во однос на Македонија во целина и Југославија, процентот на немажени девојки е многу помал во Полог.

Табела 36

НАСЕЛЕНИЕ ПО БРАЧНА СОСТОЈБА - 1961 год.

| | Пол | Неженети - немажени во % | Оженети-омажени во %. |
|---|---|---|---|
| Југославија | м | 27,3 | 67,9 |
| | ж | 20,4 | 53,7 |
| Босна и Х. | м | 31,5 | 65,0 |
| | ж | 24,1 | 61,3 |
| Црна Гора | м | 36,6 | 60,6 |
| | ж | 26,2 | 57,1 |
| Хрватска | м | 27,8 | 67,5 |
| | ж | 20,6 | 61,0 |
| Македонија | м | 26,8 | 68,1 |
| | ж | 20,0 | 70,1 |
| ПОЛОГ | м | 26,9 | 69,2 |
| | ж | 16,4 | 71,6 |
| Словенија | м | 33,5 | 62,4 |
| | ж | 30,4 | 55,1 |
| Србија | м | 23,9 | 70,7 |
| | ж | 16,4 | 67,4 |
| Потесно подрачје | м | 22,2 | 72,1 |
| | ж | 15,8 | 68,1 |
| Војводина | м | 25,2 | 69,4 |
| | ж | 17,7 | 65,1 |
| Космет-Метохија | м | 30,4 | 65,3 |
| | ж | 17,8 | 69,2 |

По однос на националната припадност и бракот, во Полог најдуваме две спротивни тенденции кои се покажуваат на една страна во зголемувањето на бројот на склопените бракови меѓу разни националности а од друга страна уште е многу раширено сфаќањето дека за брачната хармонија не е добро брачниот другар да е од друга националност. Првото гледиште пого-

тово се сретнува во градовите во интелектуалните кругови, а другото е многу проширено во селото.

Во 1962 година например, има многу малу склучени бракови со другари од друго место.

Табела 37

БРАЧЕН ДРУГАР ОД ДРУГО МЕСТО 1962 год.

| Склучени бракови според местото на постојаниот боравок | ПОЛОГ | ГРАД | СЕЛО |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 1.461 | 340 | 1.115 |
| Од исто место | 687 | 233 | 454 |
| Иста Општина | 516 | 32 | 484 |
| Потесна Србија | 13 | 9 | 4 |
| Војводина | 9 | 5 | 4 |
| Космет | 3 | 1 | 2 |
| Хрватска | 8 | 6 | 2 |
| Словенија | 1 | - | 1 |
| Босна и Херцеговина | 34 | 5 | 29 |
| Македонија | 195 | 62 | 134 |
| Црна Гора | 1 | - | 1 |
| Иностранство | - | - | - |
| Непознато | - | - | - |

И од табелата може да се констатира дека и македонската и турската етничка група во тој поглед спаѓаат во изразито затворени групи.

Табела 38

БРАКОВИ СПОРЕД РАЗНИ НАЦИОНАЛНОСТИ - 1962 г.

Склопени бракови по националност на невестата

| Тетовска окол. Народ. млад. | Вкупно | српска | македонска | Југослов. неопред. | Шиптарска | Турска | други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1.602 | 29 | 365 | 21 | 972 | 183 | 32 |
| Македонци | 366 | 16 | 338 | - | 2 | - | 10 |
| Шиптари | 1.005 | 3 | 1 | 19 | 938 | 28 | 16 |
| Турци | 191 | 4 | 1 | 1 | 27 | 155 | 3 |
| Остнати | 40 | 6 | 25 | 1 | 5 | - | 3 |

Паѓа в очи дека религиозната компонента е многу важна, дури и поважна од нациолната компонента за склучување на бракот. Доколку една општествена група се разликува од друга општествена група по националната припадност, а се идентифинира по конфесија, тогаш бариерата за склучување на бракови меѓу тие групи е многу пониска. Обратно, колку и да имаат други допирни точки, дотолку тие групи се разликуваат по конфесионалната припадност, дотолку бариерите за мешовити бракови се повисоки.

"Никојпат немало случаеви на бракови меѓу различни верски групи".

с. Вејце, Шиптари 637.

"Имало само еден случај, Македонка да се мажи за Шиптар."

с. Вруток, Македонци 513
Шиптари 820

"Знаеме само еден слушчај Шиптар да зел Србинка, сега живее во Србија."

с. Челопек, Македонци 816
Шипрари 2324.

"Може да се случи да дојде до брак меѓу припадници на различни верски групи, само ако за тоа не се знае."

с. Старо Село, Македонци 413.

III

МАЖ - ЖЕНА

ВО БРАКОТ

Положбата на жената во Полог се покажува во низа ситуации, како во предбрачните, така и во брачните односи. Вкоренетите конзервативни ставови се важен фактор кој ги одредуваат мислењата на луѓето и ставот на средината спрем помладата и постарата жена. Ставовите од кои произлегува најострото осудување на нејзиното слободно држење,/во слободното држење се вклучува непочитувањето на постарите-односно родителите на мажот и на самиот маж, непристојните зборови, пиењето, пушењето, одењето сама во кино, па дури и секаква друга активност освен домашната работа итн./,неверството, па до осудувањето на нејзиното излегување сама од куќата,како да служат само за да се спречи развитокот на жената од единка во афирмирана личност.

Графикон 39

ШТО СМЕТАТЕ ЗА СТРАШНО ВО ОДНЕСУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ И ПОСТАРИТЕ ЖЕНИ - град -



"Порано жената не доаѓала во град, не ја воделе на лекар дури и по цена на нејзината смрт. Сега доаѓаат в град /само придружени/ и за купување на облека,накит."

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Срамота е ако жената разговара со мажи кои не се нејзини роднини".

с. Галате, Македонци 420.

"За помладата жена е срамота ако оди сама низ село или на некое друго место".

с. Топлица, Шиптар 569.

"Сега е многу изменето во тој поглед. Понапред не само што помладата жена не смеела да излегува и да купува без дозвола на постарите, туку не смеела да оди во посета ни кај најблиските, без да го праша свекорот. Тоа би значело дека снаата на свекорот му става "шкемба на образот".

с. Вруток, Македонци 513.

"Страшно е ако жената се движи сама на јавни места, поготово таму каде има мажи /биоскоп, театар, пазар/".

с. Теново, Шиптари 730.

"Срамота е ако жената се шегува со мажот во присуство на постарите и децата".

Гостивар, работник,Шиптар.

"Ситуациите во кои се гледа општествената положба на жената како на селото така и во градот резултираат во исто време и од материјалните услови и од делувањето на општествената свест на потесната и пошироката општествена заедница на која таа и припаѓа. Минималните можности за запослување на женската работна сила често доведуваат до тоа, рамноправноста да биде заснована само на правните прописи. Односот на запослување е ситуација во која стапува мал број жени. /На пример во 1962 г. од вкупниот број на запослени

15.205/Тетовска околија без Мавровска општина/,2990 или 19,7% се жени, или пак на 1.000 жени доаѓа 37 запослени жени/. Во истата година бројот на запослени жени во други републики и места изгледал вака:

Табела 39

ЗАПОСЛЕНИ ЖЕНИ НА 1000 жени 1962 г.

| Подрачја | |
|---|---|
| Југославија | 102 |
| Босна и Херцег. | 56 |
| Црна Гора | 69 |
| Хрватска | 130 |
| Македонија | 80 |
| Тетовска окол. /Без Мавр.опш/ | 37 |
| Словенија | 213 |
| Србија | 88 |
| Потесно подрачје | 84 |
| Војводина | 132 |
| Косово и Метохија | 24 |

Префрлувањето од земјоделски во неземјоделски дејности во прв ред ги опфаќа машките лица. Меѓу другото, дистрибуцијата на населението во различните дејности според полот е определена и од ориентацијата на женската работна сила која понатаму зависи и од степенот на општото и стручното образование. На пример, многу мал број женска работна сила во споредба со машката се решава да се запосли подалеку од местото наш живеење. Од 10.992, колку изнесувал бројот на активни жени во 1961 г. /Тетовска околија без Мавровска општина/. 10.805 беше ангажиран во местото на живеење, 126 во друго место на истата општина,

а само 60 во друга општина. Оттука и различниот броен однос меѓу машкото и женското население во поедините дејности:

Табела 40

НАСЕЛЕНИЕ СПОРЕД ЗАНИМАЊЕ 1961 г.
- Тетовска околија /без Мавр.Општ/

| | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|
| Земјоделци,рибари и шумски раб. | 28.237 | 3.170 | 8.170 |
| Рудари, индустриски и занаетчиски работници | 8.400 | 1.379 | |
| Сообраќаен персонал | 717 | 20 | |
| Трговскиот персонал | 38 | 101 | |
| Услужен персонал | 1.389 | 368 | |
| Останати | 3.899 | 922 | |
| Лица со лични приходи | 36.418 | 68.860 | |
| Неразврстено | 29[illegible] | 32 | |

Табела 40

НАСЕЛЕНИЕ ПО ПОЛ ВО 2 ПОВАЖНИ ГРУПИ НА ЗАНИМАЊА
- Тетовска околија без Мавр. општина
- Попис на насел. 1961

| | Вкупно | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|---|
| Во земјодели, рибарство,и шумски работ. | 36.407 | 28.237 | 77,6 | 8170 | 22,4 |
| Рудари, индустриски и занаетчиски работници | 9.779 | 8.400 | 85,9 | 1379 | 14,1 |
| Издржавани лица | 105.278 | 36.860 | 35,0 | 68860 | 65,0 |
| Активни лица | 54.870 | 43.878 | 80,0 | 10992 | 20,0 |

Недоволно развиената индустрија како и недоволното развиени други вонземјоделски дејности доведуваат до тоа најголемиот број женска работна сила да остане лоциран во земјоделисто. Жената во многу поголема мерка од мажот се задржува во земјоделието, на пример, нејзиното учество

во земјоделската дејност во 1960 година, изнесуваат 42,7%. Ако сметаме дека голем број од домаќинките фактички се земјодел-ски производители /во пописот голем број жени од село се декларираат како домаќинки/, тој процент ќе биде уште повисок.

Табела 42

ЗЕМЈОДЕЛЦИ - 1961 г.

- Тетовска околија - без Мавр.општ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | | 43.602 | | |
| Машки | | 24.602 | 57,3 | |
| Жени | Постојано | 4.602 | 10,7 | |
| | Повремено | 14.025 | 32,2 | 42,7 |
| | Домаќинки | 16.238 | | |

Индустриското земјоделско производство како основна насока, застарените продукциони обичаи и навики од една страна и реалните материјални можности од друга страна, го диктираат темпото на вклучување на жените во стопанската активност. Во 1961 г. од вкупното женско население /Тетовска околија без Мавровската општина/, само 13,6% било активно население, процент кој е многу под македонскиот и југословенскиот просек, па дури испод просекот на секоја друга република и покраина во целата наша земја.

Табела 43

АКТИВНО И ИЗДРЖУВАНО ЖЕНСКО НАСЕЛЕНИЕ ОД ВКУПНОТО ЖЕНСКО НАСЕЛЕНИЕ 1961 г.

| ПОДРАЧЈА | Активно | Издржувано | Лица со лични приходи |
|---|---|---|---|
| Југославија | 31,1 | 65,4 | 3,5 |
| Босна и Херцеговина | 24,4 | 73,4 | 2,2 |
| Црна Гора | 20,1 | 75,7 | 4,2 |
| Хрватска | 33,8 | 61,6 | 4,6 |
| Македонија | 23,7 | 74,9 | 1,4 |
| Тетовска околија/без Мавровска општина/ | 13,6 | 85,7 | 0,7 |
| Словенија | 37,9 | 54,2 | 7,9 |
| Србија | 33,0 | 64,1 | 2,9 |
| Потесно подрачје | 38,7 | 58,7 | 2,6 |
| Војводина | 25,6 | 70,0 | 4,4 |
| Косово и Метохија | 17,6 | 81,4 | 1,0 |

Имајќи ја предвид ваквата положба на најголемиот број жени /и покрај големите промени кои ги внесе социјалистичкото општество/, се овозможува полесно да се разбере нејзината положба, како во бракот така и во семејството.

Статусот на селската жена е одреден со самиот факт што таа во куќата е доведена повеќе како работна сила отколку како брачен другар. Нејзината должност е да ги свршува сите работи во куќата. Некаде таа работи повеќе од мажот /особено кај македонското население/, некаде постојано треба да е во куќата /особено кај шиптарското и турското население/.

"Жените седат дома, мажите ги работаат полесните работи".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Жените ги работаат само домашните работи, срамота е да работат в поле".

с. Врапчиште, Турци 2096.

"Сега почнале и жените Шиптарки да излегуваат во полето и да работаат некои полски работи".

с. Теново, Шиптари 730

Во последно време, покрај свршувањето на сите домашни работи, учеството на жената во земјоделието станува се поголемо, некаде тоа ја сочинува и главната работна сила. Се забележува и зголемувањето учество на жените Шиптарки и Турчинки во земјоделието. Фактот што жените се јавуваат во поголем број како земјоделски производители, некаде како единствени земјоделски производители е последица на се поголемото темпо на постојано или сезонско запослување на мажите надвор од селото.

Било да се работи за село или за град, постои строга поделеност меѓу машките и женските работи во таа смисла што жените покрај вообичаените домашни работи и грижа околу децата ги вршат во целина или делумно и полските работи, додека мажите покрај полските работи или обврските на работното место или воопшто нем или пак во поголема или помала мерка им помагаат на жените во извршувањето на секојдневните домашни работи.

## Графикон 40

ДАЛИ СЕ ПОДЕЛЕНИ РАБОТИТЕ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ?

КОИ РАБОТИ ГИ РАБОТААТ ЖЕНИТЕ?




## Графикон 41

Дали се ПОДЕЛЕНИЕ РАБОТИТЕ МЕЃУ МАЖОТ И ЖЕНАТА?

КОИ РАБОТИ ГИ РАБОТААТ МАЖИТЕ?



Посматрана од повеќе аспекти положбата на жената во однос на мажот се движи од потполна подреденост па до рамноправен однос со мажот и нејзинапотполна афирмација.

Положбата на жената во семејството, нејзиниот однос со мажот, во селската или во градската средина, може да се мери и со степенот и начинот на нејзиното учество односно неучество во донесување на семејните одлуки. Во селската средина најчесто целата одговорност ја сносува мажот, што и е во склад со сфаќањето дека жената не е дорасната да пр судува и да одлучува заедно со мажот.1/

"За некои работи мажотсе советува со жената, но најповеќе самиот одлучува.

с. Вејце, Шиптари 637.

"Најчестио мажот не се советува со жената бидејќи смета дека тој треба да биде единствен командант."

с. Селце, Шиптари 1993.

Во мнозинство, мислењето на жената сочинува само дел од оние одлуки кои се во директна врска со работите на домаќинството како набавки во храна, облека /особено кај шиптарското и турското население/, додека во помал број нејзиното мислење е дел на решенијата кои се одне-

1/ Во српскиот граѓански законик - кој важел од 1844 год. и за ова подрачје ги сретнуваме овие одредби:
109 "Особено мажот се смета како глава и старешина на куќата и на родниците, и според тоа неговата должност воглавно е да управува со куќата и со имотот, од секаква напаст и да ја застапува на секое место. 110 сопругата пак е должна да го слуша својот маж, неговите наре би да ги наблудува, да оди со него каде тој мисли дека добро и жаму со него да живее.

сувaат на купувањето и продавањето на покрупните работи, школувањето на децата, запослувањето, одењето на печалба и тн. Секако, дена и вкалапените односи во ваквата средина, придонесуваат жениното влијание врз семејните одлуки да биде минимално.

Графикон 42

ЗА КОИ РАБОТИ МАЖОТ СЕ СОВЕТУВА СО ЖЕНАТА?




Во директна врска со претходното прашање, од кое може да се види подредената положба на жената во селската средина - со разните варијации кои произлегуваат од националната диференцираност на населението, а и прашањето кој од брачните другари располага со парите. Доминантната позиција на мажот се согледува и во оваа ситуација. Трудот на мажот се сметакпозначаен,според тоа и неговата позиција е поважна, па нормално тој да одлучува за намената и за начинот на кој ќе се трошат често и со заеднички труд стечените пари.

Графикон 43

КОЈ РАСПОЛАГА СО ПАРИТЕ?




Во градската средина постепено се губи изолираноста на жената во донесувањето на семејните одлуки, веројатно поради тоа што градскиот начин на живеење во многу го проширува кругот на прашањата за чие решавање учеството на женатаж е неопходно /секојдневните набавки, школувањето на децата итн/

Графикон 44

ЗА КОИ РАБОТИ МАЖОТ СЕ СОВЕТУВА СО ЖЕНАТА?



Се повеќе и повеќе се чуе гласот и се уважува советот на жената и во располагањето со парите.

Графикон 45

КОЈ РАСПОЛАГА СО ПАРИТЕ?




Ако сакаме да го утврдиме степенот наѕлоставување и подреденост на жената треба да се види колку жената е тепана од мажот во оваа средина и колку тоа се смета како право на мажот.

По ова прашање резултатите од анкетата укажуваат на постојаната диспропорција меѓу ставовите на средината на ваквото однесување /сфаќањата/ и практиката, односно колку поединците и самите се придржуваат кон ставовите кои најчесто и самите ги бранат и ги застапуваат.

## Графикон 46

**ДАЛИ МАЖИТЕ ГИ ТЕПААТ СВОИТЕ ЖЕНИ?**




## Графикон 47

**ДАЛИ СЕЛАНИТЕ СМЕТААТ ДЕКА Е ТОА ПРАВО НА МАЖОТ ИЛИ ГО ОСУДУВААТ?**



И покрај тоа што жената во оваа средина во животната практика е многу пожелувана па дури и високо ценета, тепањето иако во помала мерка, има свој придонес во понижувачката пложба на жената како послаб член на семејството. Факт е, од друга страна, дека ваквиот однос спрема жената, со промената на општествените односи, многу се изменил во смисла на попуштање. Порано тепањето било оружје со кое мажот почесто се служел за да ја докаже својата супериорност.

"Порано мажите повеќе ги тепале жените. За да покажат дека имаат авторитет, дека се прави мажи"

с. Тетово, Шиптари 730.

"Порано повеќе се тепале жените и тоа се сметало како право наж мажот."

с. Стримница, Шиптари 1039.

"И сега старите сметаат дека тепањето на жената е апсолутно право наж мажот и таа постапка често ја истакнуваат како пример за доказ на авторитет на мажот".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Селаните го одобруваат тепањето на жените сметајќи дека е тоа право на мажот."

с. Галатем, Македонци 420.

## Графикон 48

### КАКО БИЛО ПРЕД ВОЈНАТА КАКО Е СЕГА?




Во **Градот** паралелно со промената на економската положба на жената и под влијание на средината и во тој поглед се чуствува разлика како во однос на селото, така и во рамките на различниот национален состав и професионални групи. Очигледно дека школската спрема многу придонесува за формирањето став по ова прашање кој се одразува како врз мислењата, така и врз практиката на поединците.

## Графикон 49

### ДАЛИ МАЖОТ ЈА ТЕРА ЖЕНАТА?



Графикон 50

ШТО МИСЛИТЕ ЗА МАЖИТЕ КОИ ГИ ТЕРААТ СВОИТЕ ЖЕНИ?




Ако, по правило, односите меѓу мажот и жената не се базираат на љубов и меѓусебно разбирање, туку само на обавување на семејните функции, разбирлива е и дистанцата меѓу мажот и жената која постои. Во ситуација кога заедничата работа, заедничката грижа за имотот и за децата е база на врската меѓу мажот и жената - кои често се запознаваат дури во бракот, - за интимност и сентименталност останува многу малу место. Дистанцата меѓу мажот и жената треба да се одржи, авторитетот на мажот да се запазува на разни начини.

Начинот на кој меѓу себе се ословуваат мажот и жената во Полошките села најдобро ќе ни го илустрира нивниот личен однос. Вообичаено е меѓусобно мажот и жената да не се викаат на име. Место со своите имиња, тие се довикуваат со "мор" "еј", "човеку", "чујеш", "Овја","мажу", "жену", и тн. Во колку и се ословуваат на име, тоа му е дозволено само на мажот, додека за жената се смета како непристојно ако сво-

јот маж го вика на име, или ако зборувајќи за него, му го употребува името / на пример во село Вруток, една жена која многу држела до својот углед, после мажењето никогаш не го употребувала зборот каде, кое можело да изгледа како скратеница од Аркадие, името на својот маж, кое не сакала да го спомне/.

"Сега се викаат на име, понапред се довикувале со море, мори, ем,ти, noек, и во случај да се познавале пред склучување на бракот снаите биле прекорувани ако ги викаат или ги спомнуваат своите мажи на име".

с. Вруток, Македонци

Обично со оспоздвеното име најчесто се ословуваат младите, поготово тие кои во брак стапиле врз база на своите лични желби и склоности.

Графикон 51

КАКО МЕЃУ СЕБЕ СЕ ОСЛОВУВААТ МАЖОТ И ЖЕНАТА?



Без оглед на тоа како дошло до склучување на бракот /дали жената е рамноправен субјект или само објект во однос на својот иден брачен другар/, брачните односи воглавно ја формираат положба во толку повеќе ако уште во почетокот е изразена нејзината подреденост, што впрочем е многу честа ситуација. Незаштитената економска положба на жената и вкоренетото сфаќање за супериорноста на мажот ја принудува жената на покорност кон мажот, некогаш и без оглед на тоа дали е домаќинка, работничка или службеничка, дали живее в град или в село Жените не смеат отворено да им приговарат на мажите, да истакнуваат спротивно мислење/особено кај шиптарското и турското население и во селото и во градо/ бидејќи тоа би значело нарушување на авторитетот на мажот.

"Жената може да му приговори на мажот само ако тој зависи од неа".

с. Врапчиште, Турци 1537.

"Во последно време жените почнале ќе повеќе да им приговараат на своите мажи. Ваквата постапка старите ја осудуваат велејќи дека мажите станале жени, а жените мажи".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

Графикон 52

ДАЛИ ЖЕНАТА СМЕЕ ЈАВНО ДА МУ ПРИГОВАРА НА СВОЈОТ МАЖ, ДА ИСТАКНУВА СПРОВИТНО МИСЛЕЊЕ?



Графикон 53

ДАЛИ ЖЕНАТА СМЕЕ ЈАВНО ДА МУ ПРИГОВАРА НА СВОЈОТ МАЖ, ДА ИСТАКНУВА СПРОТИВНО МИСЛЕЊЕ




Нема сомневање дека во регулирањето на внатрешно семејните односи се чуствува големо влијание на традицијата.[1/] Конкретно за оснивањето и вршењето на авторитетот

1/ Етимолошки традиција значи пренесување-доаѓа од латинскиот збор традитио кој го означувал пренесувањето на стоката во рацете на купецот. Подоцна, традицијата го менува своето првобитно значење обележувајќи го пренесувањето на некои духовни вредности од генерација на генерација. На тој начин традицијата се разликува од оредитетот кој обележува пренесување на физиолошки вредности. Претставувајќи временски континуитет на општествениот живот, традицијата во исто време значи и единство, хомогенет, таа врши пресија на индивидуите, а еднаш формирана може да се пренесува усмено, писмено и со законски прописи - кај А. Кувиллиер, Мануел де социологије, томе сецонд Парис 1958, стр. 225-8/.

во семејството, традицијата со своите главни компоненти, религијата и обичаите игра многу голема улога, давајќи ги основните белези на поединците семејства. Религиите /како православната, така и муслиманската / настанати и пригодени за класните општествени односи, за жената ја утврдуваат положбата на потчинетост, како во општеството така и во семејството. Христијанската религија во својата практика ги потврдува ставовите изнесени во своите основни дела или искажани од некои свои истакнати претставници: "Мажот не е создаден поради жената туку жената поради мажот" /Св. Павле/, "прво е создаден мажот па после од неговото ребро жената" /Библијата/, "на жената и е судено да живее под клучот на својот маж, и освен него таа нема друг господар". /Т. Аквински/. И исламската религија на жената и ја одредува починетата положба во однос на мажот и на целото општество. "Жените се наоѓаат кај мажите како заробенички и немаат право на самите себе" /Мухамед/, "мажите се на еден повисок степен од своите жени /Коран/. Исламот го толерира и многуженството" За женатачка можете меѓу жените да одберете две, три па дури и четири кои ви се допаѓаат /Коран/, што уште повеќе ја отежнува тешката пложба на жените.

Потчинетата положба на жената во однос на мажот покрај моралното признавање /во религиозните прописи/, добива и законско признавање со канонското и шеријатектото право. И канонското и шеријатскот о право ја утврдува правната нееднаквост меѓу мажот и жената, одредувајќи го мажот како носител на авторитетот во семејството. Во канонското право мажот се смета како "глава на семејството", старешина на кој жената е должна да му се потчини, "власта на мажот" се огледува и во тоа што тој може и да ја тепа својата жена, само не смее

да ја осакати или да ја убие. Во шеријатското брачноправо, бракот е договор во кој жената е само предмет на договорот, а никако договорна странка. Мажот во исто време може да склучува брак само со четири жени, а разводот зависи само од неговата волја. Ако се разведе, треба да плати определена сума на жената., ако ја убие жената, плаќа половина од редовната сума.

Нашето,позитивно законодаство и воопшто целиот правец на развитокот на нашето социјалистичко општество, за целанаша територија, донесе големи промени и ја отпочна трансформацијата на семејниот живот на сите подрачја. Мажот и жената се прогласени за рамноправни во секој поглед, а тоа значи дека како носител на авторитетот во семејството не го признава само мажот, туку во правната и должностите ги изедначува двајцата брачни партнери.

Но, поимот рамноправност на мажот и жената претпоставува двајцата да ја признаат рамноправноста како база за бракот, и ако тоа фактички не е така, никакви судски и правни мерки не можат да ја осигурат. Позитивно - правните прописи ги регулираат и ги даваат основните насоки и во поглед на носителот на авторитетот во семејството, но традицијата, обичаите и во овој случај имаат поголема сила од законските одредби и понатаму го утврдуваат авторитетот на мажот во семејството. Оттука вкоренетите сфаќања дека авторитетот на старешината, односно мажот, го држи семејството, дека семејството е дотолку постабилно. доколку авторитетот на мажот во него е поголем.

Статистичката обработка на неколку прашања кои се релевантни за проблемот на авторитетот на мажот, односно за подредената положба на жената во однос на мажот/ иако се работи за формално искажување на женската подреденост/, ја покажува следнава ситуација во Полог.

Графикон 54

КАКО СЕ ИЗРАЗУВА ПОНИЖУВАЧКАТА ПОЛОЖБА НА ЖЕНАТА ВО ОДНОС НА МАЖОТ?



И во градот овие обичаи се присутни, иако постојат очигледни разлики внатре во разните етнички и професионални групи.

Графикон 55

КАКО СЕ ИЗРАЗУВА ПОНИЖУВАЧКАТА ПОЛОЖБА НА ЖЕНАТА ВО ОДНОС НА МАЖОТ?

- град -




Некои од овие постапки би можело да се правдаат со о објективните услови кои постојат во селската средина /посипување со вода/, но во најголем број случај ваквото поведение произлегува од сфаќањето дека жената треба да му е потчинета на мажот, дека подобро е да го трпи притисокот на мажот. ~~кој~~

судир со него. Интересно е дека ваквиот однос на потчинетост спрема мажот, се смета како израз на нејзината љубов и респект спрема мажот. Честопати, в село, луѓето беа индигнирани од самото поставено прашање, кое наведените работи ги формулира како знакови на потчинување на жената. Во одговорите особено кај муслиманското население, овие обичаи се третираат како докази на жениината љубов, па ако таа не се манифестира на тој начин значи дека ја нема. Ваквиот менталитет го сретнуваме и в град. Сепак, промените во општествената положба на жената /поготово економската/ успеваат да ги рушат традициите, да ги поткопуваат старите односи и изворите на авторитетот.

"Мојата жена станува кога јас доаѓам дома. Тоа е почит, а почитувањето не значи подреденост".

Тетово, работник, Турчин

"Кога жената зависи од мене, треба строго да ме почитува".

Тетово, работник, Шиптар

"Ако му ги мие нозете, ако го посипува со вода, тоа значи дека жената го почитува мажот".

Тетово, работник Шиптар

"Со искажување на овие работи му се прави чест на мажот".

Гостивар, работничка, Македонка.

"Откако почнав да работам, престанав да му ги соблекувам чевлите на мојот маж".

Тетово, работ. Македонка.

"Извесно почитување спрема мажот, кое се манифестира со овие работи кои ги врши жената е неопходно". Тетово, службеник, Шиптар.

"Колку и да сакам да му правам чест на мојот маж, немам време за такви работи".

Тетово, службеничка, Македонка.

Од друга страна и во селото, кое уште многу цврсто ги држи патријархалните односи, под влијанието на новото време, постепено но сигурно, може да се следи опаѓањето на знаковите на достојинство и репрезентација со кои се обележува авторитетот на мажот.

"Ако жената не му ги чини на мажот сите овие наведени услуги, тоа значи дека авторитетот на мажот попуштил".

с. Вејце, Шиптари 637.

"Сега мажот повеќе не ја тера жената да го собува или да му ги мие нозете, сега тие се рамноправни".

с. Горно Ралчиште, Шиптари 683.

"Авторитетот на мажот попуштил, се гледа и по тоа што се советуваат со жените за купување на некои покрупни работи".

с. Речица, Шиптари 867.

"Авторитетот попуштил во голема мерка. Сепак, мажот се смета како поискусен и позаслужен восемејството"

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Дека авторитетот на мажот попуштил се гледа по тоа што тој многу повеќе се консултира со жената, а и нејзината положба не е толку понижувачка".

с. Струмница, Шиптари 1039.

"Жените почнале да одат на пазар, во посети без да ги прашуваат мажите, а тоа значи дека нивниот авторитет попуштил.

с. Дебреше, Шиптари 1391.

"Жените не ги слушаат и не ги слушаат мажите како понапред, авторитетот на мажите слабее од ден на ден".

с. Зубовце, Македонци 686.

"Авторитетот на мажот многу попуштил. Се гледа по тоа што сега жената може да го прекорува мажот. Порано и да работел погрешно жената не смеела ништо да му каже".

с. Волковија, Мадонци 588.

Во која мерка дошло до распаѓање на семејната хиерархија, каков е обемот на промените на авторитетот на мажот под притисок на промените во целокупниот општествен живот, може да се види од следниот графикон:

Графикон 56




Тенденцијата за укинување хирархијата во семејството и понижувачката положба на жената е очигледна, но рамноправноста меѓу мажот и жената сепак останува морален закон кој допрва треба да се реализира. Натамошното егзистирање на

авторитетот на мажот во семејството, автоматски повлекува нееднаквост во положбата на жената, женска подреденост.[1]

Ако појдеме од изложениот материјал и од изворот и начините на формирање на авторитетот можеме да констатираме дека во ова подрачје паралелно егзистираат повеќе форми на семеен авторитет.[2] Покрај авторитетот на старешината на се-

1/ Зборот авторитет /ауктoритас / е изведен од латинскиот збор ауктор кој значи: творец, зачетник и основач, па ауктoритас е својство кое му припаѓа на ауктор - от токму поради тоа што тој создал некого или нешто. Оттука овој појм во прв ред го обележува угледот на тој кој создал или основал нешто, но значи и негова волја и можност стекнатата положба и да ја задржи. Но, овој појм има и некои други квалитети. Така, тој нек го обележува само изворот на угледот и силата туку и "престижот" кој некој го има во својата околина, па и во овластувањето да врши извесна општествена контрола во некоја општествена група. Од социолошко гледиште основното значење на овој поим е тоа што на носителот на авторитетот му припаѓа правото на заповедување и неговата моќ своите заповеди да ги спроведе во живот - да им прибави важност - П. Костиќ.

О ауторитету у породици, Гласник етнографског института 1960-61, бр.

2/ Во споменатото дело професорот Костиќ зборува за неколку облици на семеен авторитет: ауктoритас, мунио м, авторитет на старешината, власт на мажот и правна еднаквост. Ауктoритас - чист тип, претставува потполна власт на семејството, на пример римската фамилија во која патер фамилиас ја има целата власт над неа, дури и правото на живот и смрт над нејзините членови, Мунимум /мунире - оградити, заштитити/, претставува ограничена и ублажена власт. Старешината нема право на "животот и смртта на нејзините членови, тој повеќе се појавува како заштитник на семејството. Авторитетот на старешината во нашата семејна задруга е посебен облик на авторитет, Старешината во неа има значајна власр, но таа власт не извира од него ниту пак таа е тука поради него самиот, туку задругарите со изборот ја пренеле на него. Власта на мажот е установа која влегла во граѓанското законодавство дури по француската револуција од 1789 г. Самиот закон ги регулира односите во семејството, ги одредува правата на мажот и жената и нивниот однос кон децата. Правната еднаквост на брачните другари е тековина на новото време во брачните односи. Овој принцип е спроведен во живот во законодавството на земјите во кои победил социјализмот.

мејството што е битна карактеристика на семејната задруга /во овие задруги постои дуплирање на авторитетот на старешината на задругата и авторитетот на мажот/, постои авторитет на инокосното селско семејство/ тој е многу сличен со авторитетот на старешината на задругата/, додека во работничките и службеничките семејства во градот има најголеми промени во поглед на авторитетот на мажот, во нивните редови покрај правната сретнуваме и фактичка еднаквост на брачните другари.

Колку авторитетот на мажот во патријархалната средина се базира во приватната сопственост може да се види и од нејзиниот став спрема мажот кој не поседува недвижен имот.

Во колку мажот, по женидбата оди на имотот на својата жена / тоа значи само дека нема имот/ оди "домазет."

Тој е многу потценуван, нема никаков "престиж" во селото".

"Домазетот е нем во куќата на жената".

с. Горно Пелчиште, Шиптари 683.

"Домазетот нема никаков авторитет".

с. Речица, Шиптари, 867.

"Ако мажот нема имот тој езависен, во куќата на жената не може сладок леб да јаде."

с. Врапчиште, Турци 2096.

"Десет машки деца да имам ни еден не би дал домазет".

с. Вруток, Македонци 513.

Притисокот на средината кон "домазетот" е толку јак што тој најчесто, за да има мир, ја продава куќата на же-

ната и прави друга на макар и формалнода се знае дека е негова.

/с. Теарце, с.Шипковица/.

Графикон 57

ДАЛИ ИМА РАЗЛИКА МЕЃУ АВТОРИТЕТОТ НА МАЖОТ СО НЕПОДВИЖЕН ИМОТ И "ДОМАЗЕТОТ"?




Случајот мажот да стане домазет,да живее со родителите на својата жена/ако единствен извор на приходите му е имотот/ е многу редок. Поправо, матрилокалните бракови се исклучителна појава во Полошките села / спрема местото на живеење на брачните парови, браковите можат да бидат патрилокални - кога брачниот пар живее со родителите на мажот, матрилокален - кога брачниот пар живее сородителите на жената, неолокални - кога брачниот пар осниа посебно домакинство.[1]/ До матрилокален брак доаѓа само во оние семејства кои немат синови, а и во тој случај тие семејства порадо усвојуваат машки деца отколку да земаат"домазет"[2]/ Во полошките села, поправо доминираат патрилокалните бракови, додека неолокалните бракови се повеќе се сретнуваат во градовите.

Turner, The Family, Sociology - Brown + Selznick New-York Pub

1/~~Турурер:~~ Тхе фамилу, Социологу, Броом а Сцлзницк Нев-Ворк 1963, стр.356

2/ Обичајот на домазетството денеска е многу чест на нашето приморје, особено на острвата кога во куќата нема машка глава. На острвата Лопуд, Шипен, Колочеп, за домазетот дури имаат и специјално име - рара. /Шпиро Кулишиќ: "Трагови архајчне родовске организације и питање балканско-словенске симбиозе" Бг. 1963 год. стр. 34.

Констелацијата на односите во семејството, кога бракот е по должност и конвенција, бара голем степен на дисциплина и самодисциплина на брачните другари и на другите членови на семејството. Вонбрачните односи, неверството како на мажот така и на жената, скоро насекаде се наоѓаат под закануването на тешките морални санкции. Кога семејната и брачната солидарност лежат врз морални норми кои однадвор се наметнати, брачната верност се одржува без особено присилување, а јавното мнение делува многу императивно во тој правец.

Графикон 58




Верноста на брачните другари, особено на жената, е еден од наконстантните знакови на патријархалните односи. Јавноста многу строго ги осудува неверните жени, неверноста крие многу големи опасности за жената /особено кај муслиманското население каде за жените постои многу строг морал и каде жените имаат многу мали можности да дојдат до искушение./Неверството на жената се смета како нешто многу страшно и нечуено, нешто што мажот може да го натера да освета /Не се памети ниеден случај мажот да и опростил на неверната жена. Во с. Горна Лешница 1951 г. мажот ја убил жената поради неверство/.

"Ако се дознае за некоја жена дека била неверна, никој во селото не зборува со неа".

с. Новаке, Шиптари 223.

"Со неверната жена никој не сака да се дружи".

с. Врапчиште,Турци 2036.

"Неверната жена никој не би сакал да ја гледа".

с. Форино,Шиптари 2017.

"Кога жената би го изневерила мажот веднаш би ја оставил, а селото би ја истерало".

с. Симница, Шиптари 744.

"Неверната жена би била премлатена и оставена од мажот".

с. Струмница; Шиптари 1039.

"Жената не може да има такви односи, кога би имала сигурно деца би и летнала главана."

с. Бродец, Шиптари 608.

"Кога жената би ме изневерила би ја убил".

Тетово, работник,Шиптар.

"Неверната жена никогаш не треба да излегува на јавно место".

Гостивар, работничка Шиптарка.

"Жената која имала вонбрачни односи трега да се истера од дома и на работа никој да не ја прима".

Тостивар, работничка Шиптарка.

"Кога жената би ме изневерила, би ја обесил."

Тетово, работник, Македонец.

"Неверните жени се за спалување".

Гостивар, работничка Македонка.

"Кога би ме изневерила мојата жена, би ја отепал".

Теворо, службеник, Шиптар.

"Жената која има вонбрачни односи не може да биде добра допруга и мајка на децата".

Гостивар, службеничка, Македонка.

Кæо неверноста нажената, исто така и неверноста на мажот се смета како тежок престап кој строго се осудува. Но, колку и да е строга средината во оценувањето на вонбрачните односи на мажите, јасно се диференцираните нијанси на нејзините ставови према мажите и жените. Неверноста на мажот не повлекува сериозни последици за заедничкиот брачен живот како што е е случај со неверството на жената, мажите се осудуваат, помалу се респектираат, но не се презирани, исмејувани, а најмалу казнувани.

"На неверниот маж му попушта авторитетот".

с. Стримница, Шиптари 1039.

"Спрема мажот кој имал вонбрачни односи се нема чест."

с. Бродец, Шиптари 608.

"Ако е неверен значи дека не ја сака жената, нема волја на неа".

Тетово, работничка, Македонка.

"Кога мојот маж би имал вонбрачни односи, јас би го оставила."

Тетово, службеничка, Македонка.

Колку се осудувани вонбрачните односи на мажот и на жената во градот може да се види од графиконот.

Графикон 59

ШТО МИСЛИТЕ ЗА НЕВЕРНИОТ СОПРУГ?




И покрај тоа што бројот на разводите на бракот не се единствен, решавачки показател за стабилноста на семејниот живот, сепак разгледувањето на бројот и мотивите на разводите многу ќе ни го олесни разбирањето на односите меѓу мажот и жената на ова подрачје. Динамичните општествени промени доведуваат и до значајни промени од економска, морална и психичка природа, во областа на семејството. Со постепената еманципација на жената суштествено се менуваат и моралните норми врз кои се базира семејството. Бракот повеќе и не е однадвор наметната туку слободно прифатена установа.

Во ваквото семејство се бара попитување на неговите права, него; вата интимност, достоинство и одговорност. Растворањето на патријархалниот поредок доведува до големи внатрешни семејни конфликти. Релативниот пораст на бројот на разводите на браковите на ова подрачје /33% повеќе во 1963 г. отколку во 1962 г./ укажува на постоењето на интензивни внатрешни судири кои ги раслојуваат патријархалните односи. Зголемувањето бројот на разводите на бракот од година во година ги открива и "породилните болки" на современото семејство. Така може да се објасни обемот на разводите кој е многу помал во изразито патријархалната средина /селото/ и обемот на разводите кој е многу поголем во градската средина во редовите жж на работничките и службеничките семејства. Податокот дека во Полог, 1963 г. еден развод доаѓал на 7,5 склопени бракови во градот, /воСССР на пример во 1960 г. еден развод на 9 склопени бракови/, идат во прилог на горната теза. Во целина, во Полог, во 1963 г. еден разведен брак доаѓал на 16,5 склопени бракови што е релативно мал број ако се спореди со други места во нашата Република.

Материјалната база на семејството на село /приватната сопственост/ во многу придонесува процентот на разведени бракови да биде помал во однос на тој во градот/1963 г.,на село од вкупниот број склопени бракови разведени се 3,8%, во градот од вкупниот број склопени бракови разведени се13% - Во 1955 година, Белград има 30,1%, Загреб 24,8,Скопје,12,6% разводи на вкупно склопени бракови/. Скоро започнатиот процес на индустријализација и урбанизација чини во Полог во 1963 г.од вкупниот број склопени бракови 6,04% да се разведени што е многу помалу од македонскиот просек од 1957 година кој изнесувал 9,4% во 1957 г. во Црна Гора од вкупниотх број склопени бракови разведени

се 8,2%, во Босна и Херцеговина 9,5% во Србија 16,5%,Хрватска 13,0%, Словенија10,6/[1]. Малиот број на разводите на бракот да може да се толкува како последица на поглема стабилност на браковите кој може да произлегува или од цврстите патријархални односи и сфаќања или од доводната економска безбедност и општествена адаптираност на семејството / на пример Словенија/.

Табела 44

СКЛОПЕНИ И РАЗВЕДЕНИ БРАКОВИ НА1000 ЖИТЕЛИ 1963 год.

| Подрачје | СКЛОПЕНИ | РАЗВЕДЕНИ |
|---|---|---|
| Југославија | 8,3 | 1,1 |
| Црна Гора | 7,2 | 0,7 |
| Босна и Херцеговина | 8,5 | 0,9 |
| Хрватска | 8,1 | 1,2 |
| Македонија | 8,2 | 0,4 |
| ПОЛОГ | 8,7 | 0,5 |
| Словенија | 8,9 | 1,0 |
| Србија | 8,2 | 1,3 |
| ПОТЕСНО ПОДРАЧЈЕ | 8,3 | 1,4 |
| Војдовина | 8,6 | 1,7 |
| Косово и Метохија | 7,0 | 0,3 |

Табела 45

СКЛОПЕНИ И РАЗВЕДЕНИ БРАКОВИ НА 1000 ЖИТЕЛИ
1963 год.

| | СКЛОПЕНИ | РАЗВЕДЕНИ |
|---|---|---|
| ПОЛОГ | 8.7 | 0,5 |
| Село | 8,8 | 0,3 |
| Град | 8,4 | 1,1 |

1/ Статистичките податоци за другите градови и републики се земени од книгата - Развод брака од М. Младеновиќ, Бг. стр. 119-20.

Во Окружниот суд во Тетово 1963 г. се поднесани вкупно 143 тужби за развод на бракот, од кои 32 се разведени, а 51 не се разведени1/. Народноста на брачните другари според тужбите изгледа вака:

Табела 47

| | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| Македонци | 49 | 44 |
| Турци | 31 | 28 |
| Шиптари | 61 | 57 |
| Останати | 2 | 14 |

Од вкупниот број на разведени бракови /92/, 44 бракови се од градот, а 48 од селото. Според занимањето разведените брачни другари вака се распоредени:

Табела 47

ЗАНИМАЊЕ НА РАЗВЕДЕНИТЕ БРАЧНИ ДРУГАРИ 1963 г.

М А Ж И

| | Земјоделци | Работници | Занаетчии | Службеници | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| СЕЛО | 33 | 9 | | 2 | 44 |
| ГРАД | 3 | 27 | 8 | 10 | 48 |
| ВКУПНО | 36 | 36 | 8 | 12 | 92 |

Табела 48

Ж Е Н И

| | Земјоделки | Домаќинки | Работнички | Службенички | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| СЕЛО | [illegible] | 50 | 2 | | 52 |
| ГРАД | | 27 | 9 | 4 | 40 |
| ВКУПНО: | | 77 | 11 | 4 | 92 |

1/Податоците се добиени од судиите Милисав Стојковски и Веселав Живковиќ.

Најголемиот број на разведени мажи од селото се земјоделци /75%/, во градот работници /56,3%/, додека од разведените жени претежно се домакинки како од селото /96%/ така и од градот 60,7%/.

Со анализата на податоците за правната квалификација на мотивите за развод на бракот, може да се види дека 62 брака или 67,4% се разведени во смисла на членот 56 од Основниот закон за бракот кој се однесува на неподносливоста како причина за развод на бракот[1]. Пореметувањето на заедничкиот брачен живот кое доведува до неподносливост на брачните другари, произлегува од различните сфаќања на сопрузите, мешањето на родителите во брачниот живот на синот или керката и економската еманципација на жената која доведува до нејзина независност во однос на мажот. Разликата меѓу сфаќањата на брачните другари која доведува до развод најчесто е присутна кај браковите склопени меѓу Шиптарите и Босанките. Податокот дека 14 жени од друга националност /освен македонската, турската и шиптарската/, се забележени во тужбите за развод на бракот, укажува на нестабилноста на хетерогените бракови по националност.

Ако жената во куќата на мажот не доаѓа само како сопруга, туку во исто време и како снаа, јатрва, золва и тн. многу лесно можат да избијат конфликти кои натамошниот брачен живот го чинат неподнослив. Ако синот уште и материјално зависи од родителите /неговото в село/, положбата на жената уште повеќе се отежнува, па излезот се наоѓа во раскинувањето

---

1. Основниот закон за бракот во член 56-63 ги предвидува следниве бракоразводни парници:

1. Неподнослив заеднички живот, 2. неверство, 3. загрозување на животот, 4. злоставување, тешки уврeди и нечесен живот, 5. Неизлечива умна болест, 6. злонамерно и неоправдано напуштање на брачниот другар, 7. нестанок и 8. осуди поради кривично дело. Д-р Бакиќ: Породица и породично-правни односи у Југославији, Београд 1960 г. стр. 188/.

на брачната заедница. Во градот ваквите несогласија се почести што е нормално со оглед на влијанието на средината и подобрената положба на жената во него.

По бројноста, како втора причина за разводите на бракот се јавува злонамерното и неоправданото напуштање /член 61-ОЗБ/. Оваа причина за развод на бракот се реализира како неоправдано оставање на брачниот другар, се манифестира со напуштање на куќата или истерување на другиот брачен другар од куќата.

Поради напуштање се разведени 14 бракови или 15,2% од вкупниот број разведени бракови. Печалбарскиот живот, одвоеноста на брачните другари за подолг временски период некогаш доведува и до прекинување на секаков брачен живот во толку повеќе ако мажот во новата средина нашол и друг партнер со кој сака да склучи брак.

Од вкупниот број разведени бракови 10 или 10,9% го раскинале заедничкиот брачен живот поради неверство /чл. 57 ОЗБ/, 5 или 5,4% поради злоставување, тешки уврeди и нечесен живот /член 59 ОЗБ/, и само 1 или 1,1% поради загрозување на животот /чкен 58 ОЗБ/.

Фактот дека од 143 бракоразводни спорови, колку што биле разведени во 1963 г. при Окружниот суд во Тетово, во 54 случаи /37,8%/ жената се јавува како тужител, и покрај тоа што ја покажува позитивната тенденција нак нејзиното ослободување од подреденоста кон мажот, не може да не отргне од констатацијата дека разводите негативно влијаат врз нејзината положба, како во семејството така и воопшто во таа средина. Раскинувањето на брачниот однос исто така е резултат на подредената положба на жената како во брачните така и во семејните односи, бидејќи обично тоа раскинување и не е резултат

на заемно договарање /само 5 тужби, 3,5% се поднесени заеднички/. Начинот и последиците на раскинувањето на брачниот живот најчесто се резултат на самоволието и егоизмот на мажот. Не треба да се губи од вид дека најголемиот број тужби за развод на бракот ги поднеле мажите /54 или 58,7%/. До колку жената и се појавува како тужител, најчесто тоа резултира од ситуацијата која самиот маж ја креира со својот неправилен однос. Се случува жената и да не знае дека е напуштена, мажот ги прекинува врските со семејството, а таа сама останува да се бори и со економските тешкотии. Во вакви услови, нејзиното барање за прекин на брачната заедница не значи реализирање на нејзините интимни желби и интереси туку притисок на неправилните постапки на својот маж. Очигледно е дека и брачните несло-ги во крајна линија се одраз на материјалните услови на живеењето, дека самата подредена положба на жената во целина произлегува од нејзината економска зависност. Меѓутоа, постојат индиции дека понекогаш подредената положба на жената, која е детерминирана од нејзината економска зависност, од одредени причини, се сфаќа и се пренесува како вообичаена и во условите кога жената ја има економската самостојност.

Во средината каде преовладуваат патријархалните сфаќања, целта на бракот е раѓање деца, задоволување физиолошките потреби на мажот и на економските потреби на целото домаќинство. Репродуктивната функција на семејството која огледува во континуирањето и непланираното раѓање е една од најважните функции на патријархалното семејство. Децата се пожелни под секакви услови и по секоја цена. Мажот пред се се жени за да има деца, и тоа колку повеќе, толку подобро. Физичкиот напор на раѓањето во колку и ги надминува можностите и конституцијата

на жената, немаат многу значење за околината во која секој член на семејството е неопходен како работна сила. Не е ретко жените во селата да раѓаат по десет на и повеќе деца/поготово жените муслиманки/. Бројот на живородените е многу голем во оваа околија, а исто така и бројот на умрени доенчиња-најголем во целата наша Република /поопширно во I дел/.

"Бројот на децата не се планира. "Колку дал господ, колку повеќе деца толку подобро".

с. Трново, Шиптари 980.

"Бројот на раѓање не се регулира, додека е способна жената ги раѓа".

с. Желино, шиптарско 1749.

"Раѓањата не се регулираат. Обичио жените раѓаат по 6-10 деца. Причина за ваквата положба е неупатеноста, регулирањето се смета како "грев", и стравор од смртта на децата.

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Жената треба да раѓа додека може".

с. Селце, Шиптари 1393.

Со промената на условите за живеење се јавува и желбата за ограничување бројот на раѓањата. Во колку семејството се отргнува од земјата, толку поизразена е желбата за подобрување на животот, која се рефлектира и во планирањето на бројот на децата.

Графикон 60

ДАЛИ СЕ РЕГУЛИРА БРОЈОТ НА РАЃАЊАТА?




Материјалната потреба за смалување бројот на децата се повеќе е присутна/повеќе деца, поголема сиромаштија/ с. Теново, Македонци/, а паралелно со неа доаѓа до ограничување на породот. Најчеста причина која го спречува планирањето бројот на децата е незнаењето, како на жената така и на мажот.

Графикон 61

ШТО Е ПРЕЧКА ВО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА РАЃАЊАТА?



Од графиконот произлегува позитивниот став кон ограничувањето на раѓањето. Желбата е присутна, но субјективните пречки го спречуваат нејзиното реализирање. Во колку и се врши ограничување на бројот на раѓањата, тоа е превентивно / во помала мерка/ или абортивно/ во поголема мерка/.

ГРАФИКОН 62

ДАЛИ СЕ ВРШАТ МНОГУ АБОРТУСИ?




Тенденцијата за смалување бројот на породот е многу повеќе изразена кај македонското население, поготово во градот. Од податоците добиени од комисиите за абортуси кои работаат во Гостивар и Тетово може да се види структурата по националност и место на живеење на жените кои абортирале по своја желба во 1964 г.

Табела 49

АБОРТУСИ ВО 1964 год.

| | Македонци | Шиптарки и Тур чинки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| СЕЛО | 283 | 118 | 401 |
| ГРАД | 354 | 167 | 521 |
| | | Вкупно: | 922 |

Позицијата на жената може да се констатира и од ставот на средината спрема нејзината неплодност. Неплоднаата жена се осудува, игнорира, сожалува, понижува па дури и се истерува од куќата. Обично браковите без деца се предмет на големо интересирање од страна на средината, па за да се избегнат многу чести прашања, брачните парови без деца често усвојуваат деца.

Графикон 63

КАКО СЕ ОДНЕСУВА СРЕДИНАТА СПРЕМА НЕПЛОДНАТА ЖЕНА?



"Ако нема деца, не е кривица на жената, но без деца не оди, па би посинил дете".

Тетово, работник, Турчин.

"Кога мојата жена би била неплодна, би ја оставил и би зел друга".

Тетово, работник, Шиптар.

"Покрај неплодната жена би земал уште една жена поради деца".

Гостивар, работник, Шиптар.

"Неплодната жена мажот треба да ја остави и да земе другар".

Тетово, работничка, Шиптарка.

"Неплодната жена би ја оставил".

Тетово, работник, Македонец
службеник, Шиптар.

"Неплодноста нажената е природна појава и судбината на нејзиниот маж".

Тетово, службеник, Шиптар.

"Неплодноста на жената ~~...~~ не е пречка за брак, само и куќа без деца не е куќа".

Тетово, службеник, Македонец.

Стерилноста нажената во редовите на муслиманското население доведува до оправдана бигамија. И покрај тоа што законските прописи кај нас уште од 1956 година го укинаа многудетството, средината тоа го толерира, поготово ако е првата жена неплодна.

"Ако жената е неплодна, мажот задолжително се жени со уште една девојка. /Религиозниот брак е меродавен, не тој во општината/.

с. Теарце, Турци 652.

"Ако жената нема деца, мажот донесува друга".

с. Ново Село, Шиптари 822.

"Ако жената нема деца, селаните го убедуваат нејзиниот маж да земе друга покрај неа".

с. Селце, Кеч, Шиптари 256.

Понекогаш, ако брачната хармонија е доведена во прашање само поради тоа што жената не може да роди, мажот покрај својата прва жена со која е регистриран во општината, доведува друга со која склопува верски брак доволен за неговата легализација во дадената средина. Треба да се забележи дека ва[illegible] вите бракови /кога и двете жени живееат една покрај друга/, се помалку ги има, тие што постојат датираат од понапред./На пример во село Палатица еден таков случај кога мажот со првата жена склучил брак пред 40 години, а со другата пред 20 години. Исто таков случај и во Гостивар/.

Графикон 64

ДАЛИ ИМА СЛУЧАИ НА ДВОЖЕНСТВО



Инаку обичајот на бигамија во изменета форма, како резултат на стремежот за пород, а кога жената се мири со ваквата ситуација, е сочувани како во селото така и во градот.[1]/

---

1/ Професор Барјактаровиќ во Гласникот на Етнографскиот институт IX-X од 1960 -61 г., изнесува неколку примери од 1950 год., 55, 58 г. на двоженството кај Црногорците кои се истоветно мотивирани само што мажот се разведува одржувата жена и покрај тоа што таа продолжува да живее во иста куќа со мажот и до новата венчана жена.

# IV

# ОДНОСОТ МЕЃУ РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

За поцелосно согледување на семејството од големо значење е и проучувањето на односите меѓу родителите и децата.

Големите промени во нашиот целокупен општествен живот не можеле да не влијаат и врз односите меѓу родителите и децата. Практиката покажува дека таму каде што постои промена во односите меѓу мажот и жената постои и позитивна промена на односите на родителите кон децата.

Во патријархалната средина положбата на децата е многу слична со положбата на жената. Децата уште од мали се ценети како работна сила, а особено машките кои треба да ја продолжат семејната традиција, името и угледот на родителите.

Ина ова подрачје се среќнуваат многу елементи кои укажуваат на поголемото почитување и привилегираната положба на машкиот пол во однос на женскиот. Разликата која се прави меѓу децата на штета на женските, а во полза на машките доведува до тоа, жената која родила само женски деца да се сожалува, омаловажува, па дури и презира. Голем број мајки, како во селото така и во градот со нетрпение и со страв очекуваат роденото дете да биде машко со што би го задоволиле мажот, свекорот, свекрвата па и целото семејство кое првенствено очекува машко дете.

Подеднакво се сожалува семејството кое има само женски деца.

"Повеќе се сакаат машките деца, кога ќе се роди женско дете и стреите плачат".

с. Вруток, Македонци 513.

"Ако жената не родила машко, продолжува до раѓањата додека роди машко дете."

с. Радиовце, Македонци 327.

"Многу повеќе се сакаат машките деца, женското со мажачката ја напушта куќата, а ако нема машки деца останува куќата затворена."

с. Озормиште, Шиптари. 156.

Бидејќи само машкото дете го продолжува семејството, тоа е многу ценето и нему му се укажува најголемо почитување, и се му се дозволува. Малиот процент /2,7/ со кој се изразува поголема наклоност кон женските деца кај муслиманското население од селото, може да се објасни со тоа што за некои родители женското дете претставува потенцијално богаство поготову ако ја мажи повеќе пати, и пари зема повеќе пати.

Графикон 65

КОИ ДЕЦА СЕ ПОВЕЌЕ САКАНИ?



Графикон 66

ДАЛИ ВО САКАЊЕТО ПРАВИТЕ РАЗЛИКА МЕЃУ МАШКИТЕ И ЖЕНСКИТЕ ДЕЦА?




Уште од раѓањето, по начинот на исхрана, облекување и задоволување на детските желби и потреби, се акцентира разликата во држањето на родителите и роднините кон машките и женските деца. На тој начин, постепено се формира свеста за помалата вредност не само на женското дете ами и на жената воопшто, и за супериорноста и надмокноста на машкото дете.

Тоа значи дека првенствено ставот на семејството спрема детето е зависен од неговиот пол. Со ваквиот став се солидализира и мајката и покрај тоа што и самата целиот живот ги поднесува последиците на ваквото воспитување. Женските деца систематски се навикнуваат на послушност и покорност спрема машките. Оваа воспитна особина која ти е ја стекнуваат уште од мали се должни да ја покажуваат целиот свој живот било спрема

родителите, своите браќа, а покасено и спрема мажот и свекорот.

Многу голем е уделот на самата жена - мајка во формирањето на таквите сфаќања на своите деца, може да се види ако се мери нејзината улога како воспитач во селската средина.

Графикон 67

КОЈ ПОВЕЌЕ ВЛИЈАЕ НА ВОСПИТАНИЕТО НА ДЕЦАТА?




Различниот однос на двајцата родители и на поширокото семејство како да се насочени кон една единствена цел: нерамноправноста меѓу половите да се наг[illegible] уште од колевка, како гаранција за нејзиното зачувување во текот на цели от живот.

"Во секој брак се сака првото дете да се роди машко. Синовите во однос на керките уживаат посебни привилегии. За наследство родителите ги имаат предвид само машките деца. Женските деца се сметаат како туѓа среќа, тие ја зат-

вораат вратата на куќата.

с. Шипковица , Шиптари 1537.

"Родителите постапуваат многу подобро со машките деца отколку со женските".

с. Галате, Македонци 420.

"Постапката спрема машките и женските деца е различна. На машкото дете му се дозволуваат многу повеќе работи отколку на женското дете".

с. Вруток, Македонци 513.

Графикон 68

ДАЛИ РОДИТЕЛИТЕ ПОСТАПУВААТ РАЗЛИЧНО СО МАШКИТЕ И СО ЖЕНСКИТЕ ДЕЦА?




Во градот, паралелно со рушењето на многу елементи кои семејството го карактеризираат како патријахално, се губи /иако не потполно/ и разликата во постапките на родителите спрема машките и женските деца.

Графикон 69

ДАЛИ ПОСТАПУВАТЕ РАЗЛИЧНО СО МАШКИТЕ
И СО ЖЕНСКИТЕ ДЕЦА?




Разликата во положбата и правата на машките и женските деца најизразена, како во селото така и во градот, во нивното школување. Покрај воспитувањето и општото образование кое уште во семејството ја обележуваат положбата на жената иво ситуацијата на нејзиното натамошно школување се согледува нејзината подредена положба.

Женските деца во селото многу тешко се испраќаат во школи, во најмногу случаи, нивното образование завршува со основното училиште. Особено кај муслиманското население школувањето трае до IV одделение, додека поретко го завршуваат VIII одделение, а понатамошното школување е права реткост. Додека учеството во разните детски општествени организации

за машките деца е дозволено па и формирано, женските деца треба да ја конзервираат положбата на своите мајки. За натамошно школување не решаваат способносите и интелектуалните можности на детето, туку полот, а машките деца имаат и да се забрани школувањето на женските деца.

"Школувањето на женските деца се смета за непотребно. До IV одд. се одвива нормално, додека во погорните одделенија тие изостануваат".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Женските деца многу тешко го продолжуваат школувањето".

с. Дебреше, Шиптари 1391.

"Родителите не сакаат да ги школуваат женските деца, доколку и ги праќаат тоа значи дека се плашат од казните".

с. Топлица, Шиптари 569.

"Сега и женските деца ги школуваат исто како и машките".

с. Пожаране, Македонци

Графикон 70

КАКО ИДЕ СО ШКОЛУВАЊЕТО НА ЖЕНСКИТЕ ДЕЦА?



Графикон 71

КОИ ДЕЦА ПОВЕЌЕ СЕ ШКОЛУВААТ?




И покрај тоа што основното училиште кое ги опфаќа децата од 7 до 15 години е задолжително во целата наша земја, традицијата во школувањето на децата уште има голема улога. Кај муслиманското население, на пример, женските деца на разни начини се спречени да го продолжат школувањето. Девојчиња кои со одличен успех го завршиле III во IV одделение покажуваат слаб успех, поради тоа што родителите систематски им оневозможуваат да учат, за да не можат да го продолжат школувањето. Се забележува и случајот родителите да не ги пуштат девојчињата во школо и таа постапка да ја правдат со причини кои никако не одговараат на вистината /неколку случаи кога после неодагањето на женското дете во училиштето, среде школската година, родителот своето дете го декларира за ненормално, "мрднато", и неспособно за натамошно школување/. Исто така се случувало родителите, за отпуштање на свои женски деца до осумгодишното училиште, на учителите да им нуделе

мито/ дури и по 200.000 динари/. Во врска со тешкото школување на женските деца карактеристична е појавата на низно свршување односно ветување уште во III или IV одделение / на пример во селото Желино ученичка од VI одделение е продадена за 600.000 динари, со тоа кога ке наполно 15 години да склучи див брак. Исто така и керка на учител во последната година на осумгоди=шното училиште е продадена за 400.000 динари.

Прегледот на поднесените пријави на родителите во три различни учебни години најдобро ги потврдува резултатите на анкетата и мислењата стекнати врз база на разговорите со разните луѓе во селата.

Табела 50

| | 1953 г. | 1963 г. | 1964 г. |
|---|---|---|---|
| Казнети | 268 | 880 | 535 |
| Поднесени пријаци | 320 | 1.080 | 635. |

Застапеноста на учениците според пол и народност во школската 1963/64 година може да се види од следните табели:

Табела 51

БРОЈ НА УЧЕНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ

| | Вкупно | Машки | | Женски | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1963/64 | 32.040 | 17,619 | 55,0 | 14.421 | 45,0 |

ТЕТОВСКАТА ОКОЛИЈА БЕЗ МАВРОВСКАТА ОПШТИНА
ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ

УЧЕНИЦИ ПО ВОЗРАСТ

| | Вкупно | Македонци | Шиптари | Турци |
|---|---|---|---|---|
| 1963/64 | 32.040 | 12.136 | 17.954 | 1.950 |
| | | 38,0 | 56,0 | 6,0 |

Табела 53

/ТЕТОВСКА ОКОЛИЈА БЕЗ МАВРОВСКА ОПШТИНА/

УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ПО ПОЛ И НАРОДНОСТ

Податоци од општините

| | | Вкупно | Македонци | | Шиптари | | Турци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1955 | Вкупно | 20.044 | 7.628 | 38,1 | 11.210 | 55,9 | 1.206 | 6,0 |
| | Машки | 11.335 | 4.342 | 38,3 | 6.308 | 55,7 | 685 | 6,0 |
| | Женски | 8.709 | 3.286 | 37,7 | 4.902 | 56,3 | 521 | 6,0 |
| 1963 | ВКУПНО | 32.040 | 12.136 | 38,0 | 17.954 | 56,0 | 1.950 | 6,0 |
| | Машки | 17.619 55,0 | 6.631 | 37,7 | 9.910 | 56,3 | 1.088 | 6,0 |
| | Женски | 14.431 45, | 05.505 | 38,3 | 8.044 | 55,7 | 872 | 6,0 |

Инаку и во пописот од 1961 година меѓу населението без школа и со 1-3 одделенија основно училиште, се регистрирани многу повеќе жени во однос на мажи, додека со 4 одделенија основно училиште и со основно училиште многу повеќе мажи.

Табела 54

Школска спрема

| | Пол | Вкупно | Без школа и со 1-3 одд.осн.шк. | Четири одд. ос.училиште | Основно училиште |
|---|---|---|---|---|---|
| ЮЛОГ | Вкупно | 110.925 | 50.743 | 51.157 | 4.998 |
| | Машки | 54.621 | 17.697 | 30.226 | 3.523 |
| | Женски | 56.304 | 33.046 | 20.931 | 1.475 |
| ГРАД | Вкупно | 27.678 | 9.132 | 12.915 | 2.566 |
| | Машки | 13.752 | 3.004 | 6.798 | 1.614 |
| | Женски | 13.926 | 6.128 | 6.117 | 952 |
| СЕЛО | Вкупно | 83.247 | 41.611 | 38.242 | 2.432 |
| | Машки | 40.864 | 14.693 | 23.428 | 1.909 |
| | Женски | 42.378 | 26.918 | 14.814 | 523 |

Разликата која се прави меѓу машките и женските деца, нормално дека доведува до специфичен однос меѓу браќата и сестрите. Во тој однос повластената положба ја има братот, а не сестрата обично и без оглед на нивната возраст. Разликата во авторитетот според возраста е задржана кога се однесува на самите браќа, додека за женските деца авторитетот на браќата важи без оглед на разликата во години меѓу нив. Се случува во семејството помалиот брат да може да и командува и на постарата сестра, а и сестрите често се мират со доминацијата на своите браќа.

"Поважно е старешинството според полот на браќата без оглед на нивната возраст".

С. Речица, Шиптари 867.
с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Постарото машко дете го има главниот збор во однос на сестрите и браќата".

с. Стримница, Шиптари 1039

"Иако сестрата е повозрасна се прашува помалиот брат".

с. Желино, Шиптари 1749.

"Важно е старешинството по старост и пол, во некои обичаи и по способност".

с. Зубовце, Македонци, 686.

"Важно е старешинството по пол, бидејќи женските деца се сметаат како привремени членови на домаќинството".

с. Челопек, Шиптари 2324.

Повластената положба на браќата во однос на сестрите се губи, со распаѓањето на патријархалните односи на овој терен изразено во градот.

Графикон 72

ДАЛИ Е ПОВАЖНО СТАРЕШИНСТВОТО СПОРЕД ПОЛОТ
ИЛИ СПОРЕД СТАРОСТА?




Ако само машкото дете, според сфаќањето на патријархалната средина, го продолжува семејството и неговата традиција и ги згрижува родителите на старост, нормално е дека тоа ќе биде и наследник на родителскиот имот. Во тој поглед, разликата меѓу машките и женските деца дотолку е понагласена доколку имотот /сопственоста над средствата за производство/ го сочинува стожерот околу кој се движат сите напори на членовите на семејството, односно колку имотот е важен за приходите на семејството и воопшто на целокупниот семеен живот. Машкото дете не само што треба да го преземе /наследи/ и да го сочува имотот туку е должно и да го зголеми. Оттука големата разлика во правата на машките и женските деца. Спротивно на позитивно правните прописи, женските деца родителите ги ограничуваат во наследните права, а вкоренетите обичаи доведуваат до тоа самите сестри, без оглед на своја-

та материјална состојба и самите да се одрекнуваат во полза на своите браќа.

"Задржан е обичајот машките деца повеќе да наследуваат".

с. Вејце, Шиптари 637.

"Женските деца и самите им го оставаат имотот на своите браќа. Подеднакво наследување доаѓа предвид само после смртта на родителите и само во случај на влошување на односите меѓу браќата и сетрите".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Наследството им останува на синовите, керките добиваат свадбена спрема."

с. Брвеница, Македонци 733.

"Повеќе добиваат машките деца, ретко и женските деца колку машките".

с. Горно Палешик, Шиптари 683.

"Женските деца доброволно се откажуваат од наследство."

с. Речица, Шиптари.

"Женските деца се откажуваат во полза на машките.

с. Галате, Македонци 420.

"Сега земаат и женските деца дел само со каранища. Поnапред се откажувале за да имаат "чекало и пракало" во куќата на братот".

с. Вруток, Македонци 749.

"Кај нас нема ниеден случај да наследило женското дете".

с. Жилетино, Македонци 749.

"Женските деца се откажуваат од наследството поради тоа што ако примаатнаследство, браќата повеќе не ги примаат во куќата".

с. Челопек, Шиптари 2324.

Старите прописи на верското право кое на жената не и го признаваат правото на наследување има длабоки корени во свеста на луѓето како од редовите на шиптарското, турското така и на македонското население /разликата е минимална/.

Графикон 73

КОЈ ГИ НАСЛЕДУВА РОДИТЕЛИТЕ?




Во градските услови за живеење, во редовите на работничките и службеничките семејства, главен извор на приходите не е имотот /сопственоста над средствата на производство/ ами заработувачката која е плод само на сопствените раце-доколку им и имаат некоја сопственост таа повеќе е наменета за лична потрошувачка /лична сопственост/ не е единствената и најважната врска меѓу членовите на семејството, па оттука и изменетиот однос меѓу родителите и децата.

Семејните должности се повеќе отстапуваат место на правата на поедините членови. Животната перспектива на децата не е во наследувањето на имотот, туку во живното стручно образование. Но, и покрај елеминтите на современото семејство кои се запазуваат во градот, разликата во наследувањето на имотот уште упорно се задржува иако не во така остра форма како во селото. И во градот како и во селото, во овој поглед нема голема разлика меѓу различните национални групи.

Графикон 74

ДАЛИ ВАШИТЕ РОДИТЕЛИ ПОДЕДНАКВО ГИ НАСЛЕДИЛЕ МАШКИТЕ И ЖЕНСКИТЕ ДЕЦА?




Разликата меѓу машките и женските деца во поглед на наследување имотот на родителите, ни во градот не доведува до некое осетно влошување на односите брат-сестра, најчесто поради тоа што и самите женски деца се мираат со таквата ситуација која ја сметаат како единствено нормална.

Графикон 75

ВО СЛУЧАЈ ДА НЕ СТЕ ГИ НАСЛЕДИЛЕ ПОДЕДНАКВО РОДИТЕЛИТЕ КАКВИ СЕ ОДНОСИТЕ МЕЃУ БРАЌАТА И СЕСТРИТЕ?




Патријархалното семејство се карактеризира со апсолутно покорување на децата кон родителите. Таткото е најголем и непогрешив авторитет, тој работи или одлучува за работата, ги казнува членовите на семејството, го одредува наследникот. Татковската власт се состои во тоа што неговиот збор мора без приговор да се слуша. Послушноста се истакнува како основен квалитет на децата, идеал за семејството се децата кои примаат се онака како што им сервираат родителите. Тенденцијата на големите промени во семејните односи доведува и до ограничување и опаѓање на татковската власт. Индустрискиот начин на

производството, демократизацијата, се поизразените индивидуалистички тенденции придонесуваат постепено и делумно патријархалните односи да им отстапат место на егалитарните. Меѓутоа, резултатите на ова истражување докажуваат дека индустрискиот начин на производството, изменетата структура на семејството, не секогаш ги исклучува и патријархалните норми кои уште ги регулираат односите како меѓу мажите и жените така и меѓу родителите и децата. Во тој поглед, Полог претставува скала на која се распоредени најчистите патријархални односи, па нивни разни модификации, до нивно радикално менување во современо организираното семејство.

Почитувањето волјата на родителите, задолжителна во селската средина, е регула од која малку се отстапува и во градската средина.

Графикон 76

КАКВО Е ДРЖАЊЕТО НА МЛАДИТЕ СПРЕМА ПОСТАРИТЕ?



Графикон 78

ДАЛИ ДЕЦАТА ГИ ПОЧИТУВААТ РОДИТЕЛИТЕ?




Но, на целиот терен на испитување се сретнува носталгија за изгубеното. Почитувањето на старите, покорувањето кон желбите на родителите, извршувањето на нивните наредби без приговор многу помалу сега е присутно отколку понапред. Времето со своите неумоливи законитости го чини своето и во оваа област.

Графикон 79

ДАЛИ СЕГА ИЛИ ПОРАНО ПОВЕЌЕ СЕ ПОЧИТУВАЛА ВОЛЈАТА НА РОДИТЕЛИТЕ?



Графикон 80




"Порано повеќе се почитувала волјата на родителите, сега мора да се почитува и волјата на младите".

с. Форино, Шиптари 2071.

"Порано повеќе се почитувала волјата на родителите. Сега младите не се толку зависни од родителите, послено осниваат сопствен живот во градовите па затоа и помалу ги слушаат родителите".

с. Тумчевиште, Македонци 245.

"Порано волјата на родителите повеќе се почитувала, што ќе речеле родителите морало да биде, сега не е така".

с. Волковија, Македонци 588.

Во семејството кое заедничките интереси ги претпоставува над личните, кое не остава место за спроведување на сопствените желби, може да дојде и доаѓа до конфликт меѓу родителите и децата. Содржината на судирот меѓу родителите и децата зависи од амбиентот на семејството, како во селото така и во градот.

"Родителите доаѓаат во судир со децата поради тоа што не ја извршуваат физичката работа која им е доделена".

с. Вејце, Шиптари 637.

"Со повозрасните машки деца родителите се караат затоа што тие не ги исполнуваат верските одредби, не се придржуваат кон верските обичаи".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Нема судири меѓу родителите и возрасните машки деца бидејќи уште владее патријархалниот морал, а со женските деца нема судири затоа што родителите ги продаваат како стока и тие се мират со тоа".

с. Трново, Шиптари 380.

"Конфликти меѓу родителите и децата има поради тоа што возрасните машки и женски деца сакаат подобро да се облекуваат и да шетаат".

с. Долна Најца, Македонци 325.

"Судирите меѓу машките деца и родителите најчесто резултираат од несакањето на родителите, понатаму да ги школуваат".

с. Топлица, Шиптари 569.

"Најповеќе се караат родителите и со машките и со женските деца поради тоа што децата слабо учат".

с. Волковија, Македонци 588.

"Во последно време се повеќе се забележуваат конфликти меѓу родителите и децата кои повеќе не ги слушаат родителите како понапред".

с. Пирок, Шиптари 2444.

Во градот, со машките деца се доаѓа во рудари затоа што не учат добро, а со девојките поради нивното барање поголема слобода /облекување, скитање итн./.

Доколку со машките деца родителите и немаат такви конфликти, тоа резултира оттаму што машките се посамостојни во своите одлуки и послободни во движењето.

"Децата сега бараат премногу слобода".
Тетово, работник, Шиптар.

"Со децата најмногу се караме поради тоа што не слушаат, не учат добро и не помагаат во домашните работи".

Тетово, работничка Шиптарка.

"Во судир сме со поголемиот син затоа што има девојка која ние не јаксакаме".

Тетово, работничка Македонка.

"Нашата керка не слуша повеќе, ја бојадисува косата, касно се враќа дома, па затоа постојано се караме".

Гостивар, Работничка, Македонка.

"На керката не и даваме да води љубов, а таа не слуша."

Тетово, службеник, Македонец.

"Керками се облекува по мода без одобрение".
Тетово, службеник, Македонец.

И покрај промените кои во голема мера ги зафатија и односите меѓу родителите и децата, дистанцата меѓу нив која уште постои се манифестира на разни начини. Самото присуство на таткото на децата влева стравопочитување кое се искажува со повеќе формални елементи неопходни за запазување на неговото достоинство. Знаците за потчинетост кон таткото мора

јавно да демонстрираат, па не е ретко дури и женетите синови пред него да избегнуваат да пушта, пијат или зборуваат со својата жена. Ако таткото оди в кафеана, не смеат и синовите да одат, дури и својата веселба возрасните синови треба да ја угушат во негово присуство[1].

Забраната на пиење, пушење, внимание кон жената, искажување на секаква интимност пред таткотосе правила кон кои уште се придржуваат голем број возрасни деца, како во селската така и во градската средина.

Графикон 81

КАКО СЕ МАНИФЕСТИРААТ ЗНАЦИТЕ НА ПОТЧИНЕТОСТ НА ДЕЦАТА КОН ТАТКОТО?




1/ Вакво став на децата спрема родителите, никаде големо внимание се обрнува и на формалните знаци на почитување, забележува и В. Ерлих во спомнатото дело /страна 32/
"Авторитетот на таткото пред војната бил неприкосновен /се однесува на Првата светска војна /. Младиот син, макар и женет, во неговото присуство не смеел да седи или нешто да зборува без прашање. И женетиот син пред таткото

не смее да пуши и да пие - тоа и денеска важи. Со својата жена не смее многу да зборува пред него!

срез Горњополошки.

Графикон 82

КАКО СЕ МАНИФЕСТИРААТ ЗНАЦИТЕ НА ПОТЧИНЕТОСТ НА ДЕЦАТА КОН ТАТКОТО?




Графикон 83



Фактот што во поглема мерка кај службениците Македонци доаѓаат до израз знаците на потчинетост на децата кон таткото може да се толкува со намалениот респект на децата спрема нив /наглите промени повеќе дошле до израз/, додека кај Шиптарите и Турците тој распект е на поголема висина.

Сепак, предходните знаци со кои младите го манифестираат својот распек кон таткото и со кои таткото ја демонстрира својата власт, се само доказ на формално почитување, фактичкото почитување се согледува во извршување барањата на родителите без размислување, без давање секаков отпор.

Во повоениот период слепата послушност на младите рапидно се губи, притисокот на патријархалната средина врз поедините членови на семејството постепено попушта така што отпорот на младите спрема барањето на родителите сеповеќе се изразува.

Доколку отпорот на младите спрема родителите сега е поголем во селската средина тоа е доказ дека трансформацијата на семејните односи подоцна настапила /понапред барањата на родителите биле примени со современа послушност/. Од друга страна, помалиот отпор на младите /искажан во проценти/ во градската средина, резултира од извесна стабилизација на семејните односи кога имаме ниажување на расфојанието меѓу родителите и децата и присутна поголема доза на другарска атмосфера меѓу нив.

## Графикон 84

КАКО МЛАДИТЕ ГИ ПРИМААТ БАРАЊАТА И ЗАБРАНИТЕ НА РОДИТЕЛИТЕ?
ДАЛИ ПРУЖААТ ОТПОР?




Оттука е и непоколебливоста во констатацијата дека авторитетот на таткото бил многу поголем пред војната, дека сега тој попушта од ден ан ден. Графиконите покажуваат диференцираниииии положби со оглед на националната припадност. Кај муслиманското население во селото авторитетот на таткото уште е доста запазен.

## Графикон 85

ДАЛИ АВТОРИТЕТОТ НА ТАТКОТО БИЛ ПОГОЛЕМ ПРЕД
ВОЈНАТА ИЛИ СЕГА?



"Дека попуштил авторитетот на родителите се гледа по тоа што тие немаат никакква контрола за надворешниот живот на своите деца".

с. Брвеница, Македонци 733.

"Авторитетот на таткото во повоениот период е многу намален - се гледа по кројот на облеката, и фризурите кои се спротивни на желбите на таткото. Исто така се гледа и по односот на младите кон религијата".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"Откако почнале децата повеќе да се школуваат, авторитетот на родителите многу се намалил".

с. Долна Лешница, Шиптари 183.

" Понапред авторитетот на таткото бил многу поголем. Пред него не смеело да се фалат децата, сега тоа се прави".

с. Стримница, Шиптари 1039.

"Авторитетот на родителите бил поголем понапред, децата не можеле да замислат да се делат од таткото. Сега тоа го чинат без да ја почитуваат волјата на родителите.

с. Дебреше, Шиптари 1391.

"Кога децата немале постојан работен однос и зависеле од имотот на таткото, неговиот авторитет бил многу поголем. Сега е намален.

с. Врапчиште, Турци 2096.

"Понапред авторитетот на таткото бил многу поголем. Децата дури и јаделе одвоено од родителите. Сега почнале и директно да им се обрнуваат".

с. Волковија, Македонци 588.

"Дека авторитетот на родителите е намален се гледа и по тоа што сега синоти може да се жени и да се оддели".

с. Теарце, Турци 652.

"Пред војната авторитетот на родителите бил поголем бидејќи децата биле позависни од него, додека денеска ако стапуваат во работен однос се независни, а тоа делува да се намали авторитетот на родителите".

с. Непроштено,Македонци 694.

"Во градот слабеењето на авторитетот повеќе се чуствува во редовите на службеничките семејства без оглед на нивната националната припадност.

Графикон 86

ДАЛИ ЧУСТВУВАТЕ ДЕКА АВТОРИТЕТОТ НА ТАТКОТО СЛАВЕЕ?




Како родителите го спроведуваат својот авторитет? Кои средства ги употребуваат за да го постигнат и да го одржат својот авторитет?

На село каде таткото, поради низа објективни причини, ужива поголем авторитет, личниот пример к добрите постапки

најчесто го сочинуваат најубедливото средство кое родителите како од редовите на македонското, така и од редовите на шиптрското и турското население; многу често го употребуваат. Веројатно дека за ваквите постапки придонесува и фактот што и самата средина како таква го подржува авторитетот на постарите, па затоа примената на подрастичните средства помалу е потребна. Така се објаснува што економската пресија како средство за спроведување на авторитетот на родителите е застапена во помала мерка, додека телесното казнување многу поретко се употребува.[1]

**Графикон 87**

СО КОИ СРЕДСТВА ВОГЛАВНО РОДИТЕЛИТЕ ГО СПРОВЕДУВААТ СВОЈОТ АВТОРИТЕТ?




1/ И во книгата на В. ~~Едик~~ Ерлих "Породица ~~и~~ у трансформација" - Загреб, 1964 година, која ги изнесува резултатите на анкета спроведена во Југославија 1938 год. во Горни Полог го има следното "Тука е вообичаено децата да ги слушаат родителите. Тие го употребуваат добриот глас и мислењето на селаните како најефикасно средство за одржување на своите позиции и власта над децата. Од големо значење е влијанието на црквата". стр. 48.

Колку многу се почитува таткото во селото може да се види и од следните графикони кои го покажуваат држањето на возрасните синови према него. Многу малу тие вршат притисок врз таткото за да се одделуваат од него и да им го препише имотот / особено кај муслиманското население/.

Графикон 89

ДАЛИ ПОВОЗРАСНИТЕ СИНОВИ ГО ПОШТУВААТ ТАТКОТО ИЛИ ГО ПРИСИЛУВААТ НА ДЕЛЕЊЕ?



Графикон 90

ДАЛИ ПОВОЗРАСНИТЕ СИНОВИ ГО ПОЧИТУВААТ ТАТКОТО ИЛИ ГО ПРИСИЛУВААТ НА ПРЕПИС НА ИМОТОТ?




Во градската средина, кога децата имаат поголеми можности за самостоен живот, каде односот меѓу родителите и децата е многу послободен, економската пресија и телесното казнување уште помалу отколку во селото се ползуваат како средства за одржување авторитетот на родителите.

Графикон 91

КАКОх РОДИТЕЛИТЕ ГО СПРОВЕДУВААТ
СВОЈОТ АВТОРИТЕТ?




Факт е дека телесното казнување малу се применува или кога авторитетот на родителите е доволно јак што нема потреба од неговото применување или пак неговото применување не дава повеќе резултати.

Во срединатa во која таткото е господар, кога повеќе сам ги донесува одлуките и ги дисциплинира децата, децата чуствуваат поголема љубов и кон мајката. Дистанцата меѓу мажот и жената, нејзината потчинетост спрема мажот, придоне-

сува таа да биде поблиску до децата. Во урбанизираната средина бариерите меѓу мажот и жената се рушат, жената се повеќе учествува во решавањето на семејните проблеми, па се повеќе таа се приближува кон мажот.

Графикон 92

ДАЛИ МАЈКАТА ПОВЕЌЕ ДРЖИ СО МАЖОТ
ИЛИ СО ДЕЦАТА?




Графикон 93



Во патријархалната средина женските деца, воспитани уште од мали во духот на покорување спрема постарите, со мажењето должни се да ја искажуваат таа особина, особено во односот кон свекорот и свекрвата- подреденоста уште повеќе доаѓа до израз кога брачниот пар живее со родителите на мажот што е најчест случај. Покрај мажот, свекорот, ко е старешина во домаќинството, стои неговата жена која е авторитет за сите други жени во домаќинството. И покрај тоа што рангот на мајката, односно свекрвата не е ист со рангот на мажотстарешината, па дури и на другите мажи,неоспорнодека нејзината власт над другите жени особено над снаите е многу голема. Ако на ова уште се додаде дека во ваквата средина, приврзаноста меѓу младиот брачен пар не е од интимна природа, дека таквата приврзаност ретко може да доведе до ривалитет меѓу свекрвата и снаата јасно е колку снаата е зависна од свекрвата. Не само што снаата им е подредена на свекорот и на свекрвата, туку таа обично е принудена да им се потчини и на другите членови во семејството, така што во семејната хиерархија таа обично го зазема последното место.

"Снаата е најниска во ранг, нејзе може секој да и заповеда".

с. Горно Пелчиште, Шиптари 638.

"Свекрвата игра главна улога на заповедник во односот на снаата. Има чести случаи кога свекрвата се меша дури и во најинтимните брачни односи на младиот брачен пар".

с. Шипковица, Шиптари 1537.

"На снаата и заповеда од најстариот па до најмладиот член на семејството".

с. Желино, Шиптари 1749.

"Положбата на снаата во семејството повеќе не е таква како пред војната. Таа повеќе е почитувана од сите и не трпи толку понижување".

с. Галата, Македонци 420.

"Додека е жив свекорот, снаата особено мора да и е потчинета на свекрвата, по неговата смрт почнува таа да да командува."

с. Зубовце, Македонци 686.

"Уште снаата треба да ги слуша постарите, но од тоа произлегуваат судири во семејството."

с. Волковија, Македонци 588.

"Односот меѓу снаата и свекрвата е добар само ако снаата и е потчинета на свекрвата".

с. Новаќе, Шиптари 223.

"Има случаи кога свекрвата и држи се под клуч на снаата".

с. Вратница, Македонци 1371.

Покрај другите важни фактори, доминантната положба на свекрвата во однос на снаите веројатно дека претставува компензација за нејзината подредена положба уште како женско дете, како сопруга, и како снаа спрема постарите членови во семејството, мажи или жени. Поправо дури кога станува свекрва, на жената и се пружа можност да стане авторитет во куќата и таа можност таа ја ползува конзервирајќи ја подредената положба на жената со притисок над снаата кој може да биде појак и од притисокот кој го вршат машките членови на семејството.

Графикон 94

КАКОВ Е ОДНОСОТ МЕЃУ СНААТА И СВЕКРВАТА, ДАЛИ СНААТА Е НАЈНИСКА ВО РАНГ?




Како и во секој однос што го сочинува повластено и потчинетото лице и во односот снаа свекрва доаѓа до тешкотии, судири кои некогаш можат да бидат и многу остри. Конфликтот меѓу снаата и свекрвата кој резултира или од незадоволство на свекрвата и држењето на "придојдената" или од побуната на снаата спрема стариот ред во куќата, го принудува синот да зазема одреден став. Држењето на мажот во овој конфликт покажува голема приврзаност кон мајката кај муслиманското население и исто така голема приврзаност на мажот кон жената кај македонското население, што и се поклопува со поизразитата тенденција на одвојување на младите брачни парови од родителската куќа, која постои во редовите на ова население.

"Во случај н а непослушност на снаата доаѓа до развод на бракот, без обзир на чуствата на синот, мажот".

с. Чегране, Шиптари 3283.

Графикон 95

КАКВО Е ДРЖАЊЕТО НА СИНОВИТЕ ВО КОНФЛИКТОТ СНАА - СВЕКРВА?




"Повеќе се почитува мајката - "жена може секоја да биде, додека мајка не може".

с. Форино, Шиптари 2017.

"Синот повеќе е уз жената отколку уз мајката, затоа кога тој се запослува во град си ја зема и жената".

с. Волковија, Македонци 588.

Јавното мислење во патријархалната средина, без оглед на природата на судирот меѓу свекрвата и снаата, повеќе е наклонето кон свекрвата, повеќе го потпира нејзиниот авторитет.

Графикон 96

НА ЧИЈА СТРАНА Е ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ?




И во градската средина, во променети услови за живеење, во семејството авторитетот на мајката, свекрвата, уште се одржува. Одржувањето на тој авторитетот чиј корен сега треба да го бараме и во тоа што таа повеќе е потребна /грижа за домаќинството и децата, поготово ако жената работи /доведува до одржување на добри односи меѓу снаата и свекрвата.

Графикон 97

АКО ЖИВЕЕТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ КАКОВ Е ОДНОСОТ МЕЃУ СНААТА И СВЕКРВАТА?



Постоењето на ваквите односи / во мнозинство добри/ меѓу снаата и свекрвата и во градот, во многу се зависни од држењето на мажите во конфликтот снаа-свекрва. Снаата, ни во градот, не може потполно да се потпира на поддршката на својот маж во нејзината борба за освојување на подобра позиција. Мажите повеќе се наклонети кон мајките или заземаат неутрален став отколку што се на страна на жените, што значи дека во борбата за потполно ослободување од туторството на свекрвата жените малу се поддржани /охрабрени/ од своите мажи. Графиконот покажува колку непокорноста на синот спрема мајката пораснала во градот во редовите на муслиманското население, а исто така колку е присутен неутралниот став /доказ на немоќ од страна на синот во тој конфликт-"меѓу два огна не знам како да застанам" - работник Тетово /кај македонското население во градот.

Графикон 98

КАКОВ Е СТАВОТ НА СИНОТ ВО КОНФЛИКТОТ СНАА - СВЕКРВА?



# V

# ОБЛИЦИ НА СЕМЕЈСТВОТО

# ПОИМИТЕ ЗА БРАК И СЕМЕЈСТВО НАБЉУДУВАНИ ОД РАЗЛИЧНИ АСПЕКТИ

Недоволно обработената материја за семејството и отсуството на теоретските трудови во домашната литература доцело до тоа да не постои една единствена дефиниција за семејството.

Статистиката, за своји потреби разработила типологија на семејството, ги прецизирала поимите и белезите и врз та база ги формулирала соответните дефиниции[1]/.

Во првите пописи на населението, од 1948, 1953 и 1961 г. домаќинството е дефинирано како "Секое семејство чии членови заедно живееат и жинат било сами, било со лицата што не се членови на семејството куќна заедница, која заеднички стопанисува односно која заеднички ги троши приходите на своите членови". Според тоа во членови на домаќинствата се вклучуваат и оние лица што не се членови на семејството, но работаат, живееат и се хранат во иста куќна заедница, како што се домашните помошнички, ученици во стопанството, прислужници во приватни земјоделски стопанства и слично.

Вака дефинирано, домаќинството може да се смета како економско-социолошка единица /заедничкото живеење, стопанисување и трошење, се најважните услови за постоењето на домаќинството, оттука економскиот и социолошкиот, а не биолошкиот карактер на оваа дефиниција/. Критериумите "заедничко стопанисување, трошење на приходите и заедничкото живеење

1/ М. Мацура и Д. Брежник: Домаћинство и породице у попису становништва 1953. Статистичка ревија бр. 3.1957 г.; Д. Брезник: Типологија домаћинства и породица у класификацијама пописа им 195 год.; Саветовање о примени статистике у социологију, Београд 1953 г.; М. Мацура: Структура и тенденција домаћинства и породице у Југославији, Друштво и васпитање, Београд 1958 год.

овозможува ваква поделба на домакинставата."

- сроднички домакинства /семејства/

- несроднички домакинства /во кои барем еден член не е во сродство со некого од домакинствата/

- самачки домакинства /лица што живееат како самци без оглед дали се во заедничка просторија со други лица/

- колективни домакинства /лица во несроднички односи кои заедно стопанисуваат и заеднички ги трошат своите приходи или евентуално се социјално згрижени и претставуваат еден колектив.

Домакинството според тоа е економско-социолошка единица за која е карактеристично постоењето на семејниот јазел, кохабитацијата, заедничкото стопанисување и трошење на приходите. Тоа не мора да биде производувачка единица, макар што е тоа чест случај, на пример кај семејните земјоделски стопанства каде стопанството и домакинството се ~~се~~ испреплетуваат во своите функции. За целите на емпириските социолошки истражувања под семејство подразбираме таква заедница на луге која лежи врз брачната врска /без обзир на тоа дали е таа легална или фактичка/, на крвно сродство или по исклучок и на адопција, ах која се наоѓа во склопот на едно домакинство во смисла на горната дефиниција"[1]/.

Инаку, каков статистичка единица, во пописите на населението не постои семејство туку само домакинствата.

И во другите земји има обиди подоследно да се резултираат домакинствата од семејствата и наместо нивниот

1/ Мацура, спомнатото дело, стр. 115./

предимно статистичко-технички третман да се помине на истражување на нивната содржина и битните компоненти и белези. Статистичката практика на поедините земји дава различни решенија кои можат да се сведат на следното:

а/ домакинството се третира како куќна заедница само на семејството или и на други лица кои заеднички заработуваат и ги трошат приходите на своите членови /овој тип како класичен облик на применување е во употреба и во нашите пописи/;

б/ семејството се дефицира како биолошка единица во потесна или поширока смисла, додека негови членови можат да бидат во меѓусобни брачни и крвни врски или во односи на адопција/овој тип бил во употреба во францускиот попис на населението/;

в/ на станбените заедници и атрибуираат својствата на семејството или домакинството, и во тој случај поимот и дефиницијата на станот се прилагодуваат на поимот и дефиницијата на семејството односно на домакинството и обратно.

г/ се регулираат семејните и крвните врски меѓу поедините категории на населението, и врз база на тие белези се изведуваат податоците за семејствата односно домакинствата /ваквиот тип бил во примена во пописот во САД/.

д/ посебен и исклучителен начин претставува идентифицирањето на домакинствата со семејните организациони форми на стопанисување, како што е, на пример, во земјоделието земјоделското домакинство/такво идентифицирање дошло кај нас во израз во пописот на добитокот -од 1949 год./.

Од правен аспект семејството е група индивидии меѓусебно поврзани со брак и со сродство или само со сродство

каштоимаат заемни права и должности одредени со закон.1/ Од дефиницијата произлегуваат следните елементи кои го утврдуваат поимот семејство:

а/ Семејството го сочинуваат лицата врзани со брак и сродство. Овие лица го основаат и го одржуваат семејството. Во некои прописи под семејство се подразбираат само родителите и децата, во други во семејството се уврстуваат и другите сродници.

б/ Меѓу членовите на семејството постојат права и дол жности кои се утврдени со закон. Законите не се исти за сите членови на семејството, тие зависат од видот и квалитетот на сродството.

в/ Третиот елемент го сочинува можноста на употреба на принуда /санкција/ од страна на државата кои оние членови на семејството кои доброволно не ги извршуваат своите права и должности.

Според разни критериуми семејствата можат да се разврстат на неколку начини:

1. Според кругот на лицата кои го сочинуваат семејството се разликуваат две врсти: семејство во потесна смисла и семејство во поширока смисла.

а/ Семејството во потесна смисла е социо-биолошка заедница на едниот или на двата родители и децата, односно заедница на мажот и жената без деца.

Во најтесна смисла семејството ги опфаќа родителите и нивните деца за кои тие се грижат. Ваквото семејство

1/ Д-р Воислав Бакиќ: Породица и породично правни односи у Југославији, Бг. 1960 г. др. Марко Младеновиќ: Породица и семејно право на ФНРЈ Скопје, 1959.

преовладува во современото општество особено во градовите.

б/ Семејството во поширока смисла /домакинство ја опфаќа социо-економската заедница на лицата кои меѓусебно се поврзани со заедничко живеење, стопанисување и трошење на приходите. Ваквото семејство му припаѓа на минатото и повеќе се сретнува на село. Во овој вид на семејство спаѓа и семејната задруга.[1]

2. Според основите од кои произлегуваат, се разликуваат три вида на семејството:

б/ брачно семејство - кое се засновува врз бракот и се состои од брачните другари и нивните потомци. Ваквото

1/ Семејната задруга е форма на семејна и имотна заедница базирана врз крвно сродство, заеднички живот и заеднички имот . /Вук Караџиќ/ прв го употребил терминот семејна задруга за нејзиното обележување, инаку народот ги користел имињата: куќа, голема куќа, задружна куќа, задружно семејство.

Денеска преовладува мислењето дека семејната задруга е облик на семејството кое настанало во првобитното општество. Таа претпоставува преодно стапало меѓу патријархалното семејство и патријархалното моногамно семејство, реликт на времето во кое постоела колективна сопственост над земјата. Многу долго, семејната задруга е сочувана кај јужнословенските народи, Србите, Црногорците и Хрватите, слични форми на семејната задруга постоеле и кај други словенски народи кај Русите "родоваја", кај Полјаците "сполната". Семејната заедница меѓутоа не е типичен словенски облик, бидејќи нејзиното постоење во разни форми и општествено економски услови е утврдено и кај други народи на Европа /Грција, Франција, Германија/ и на Азија/Индија/.

Според обичајното право, семејната задруга опфаќа повеќе генерации на потомците од еден предок со нивните жени. Задругата не е само заедница на живите членови на задругата, туку е и некој вид иедеална семејна заедница на бивши, сегашни и идни задружни поколенија. Задругата ја претставува и со неа управува старешината /домаќинот, глава на куќата итн./кога го бираат и го менуваат задругарите. Женските работи се наоѓаат во делокругот на домаќинката која по правило е жена на старешината на задругата. Врховната власт ја има семејниот совет /скупштина, возрасни задругари како машки така и женски/ пред кои старешината ги полага сметките. /Вид. Правни лексикон - Бг. 1964 год., стр. 656,7.

семејство во нашата земја денеска е најчест вид семејство.

б/ вонбрачно семејство -семејството кое произлегува од вонбрачна заедница на мажот и жената и покрај нив ги опфаќа и нивните деца.

в/ Семејство по усвојување -семејство кое настанува на основа на еден правен акт, со кој на вештачки начин се засновува семејство со тоа што едно дете биолошки туѓо се зема како свое и така се оснива родителски однос.

Кај нас бракот претставува со Закон уредена заедница на живот, на маж и жена. Бракот го карактеризираат следните принципи:

1/ Бракот е моногамен

2./Бракот е институтут од световен карактер

3/ Бракот е слободна и трајна заедница на рамноправни брачни другари

4/Бракот е под особена заштита на државата.

Според постапката која се одвива при склучување на бракот разликуваме:

а/ Неформален брак - за чија полнотрајност не е потребна никаква посебна постапка, освен согласноста на брачните другари.

б/ Фактички брак - кога за постоењето на бракот не е потребна ни согласноста на брачните другари, бидејќи нема разлики меѓу брачната и вонбрачната заедница.

в/ Формалниот брак е брак чија полноважност е условена од исполнувањето на одредена форма која Законот ја бара. /Овој брак може да се јави во форма на црковен и граѓански брак.

Како посебна социолошка категорија семејството се разликуваше од другите општествени групи по посебната комбинација на врски и функции кои го чинат посебен и специфичен облик на општествените односи[1].

Самите сексуални врски или одгледувањето на децата не се единствените белези кои семејството го чинат посебна категорија. Сексуалните врски, репродукцијата на видот сами по себе, уште не го сочинуваат семејството па ни бракот. Пред се бракот е форма наприродна, сексуална врска меѓу мажот и жената, првенствено со функција на одржување на видот по пат на раѓање деца, регулирање на полните нагони и барања на луѓето. Еден сексуален однос за да се преобрази во брачен однос, во брак, треба да некој начин да биде општествено регулиран, санкциониран, тоа значи дека на некој начин треба да биде општествено признат. /Со обичајот и моралот - пробните бракови, со религијата-регистрација во црквените книги или со правото - државната регистрација во матичните книги/.

Со таквото регулирање, сексуалниот биолошки однос е претвора во брачен општествено однос. Според тоа, бракот како општествен облик на полните односи, како биолошки услов за продолжување на видот постои уште од началото на човековото општество. / Иако бракот претставува една заедница на рамките на општеството како целина, на одредено стапало на развитокот на општеството бракот се поклопувал со општеството - групниот брак кој ги опфаќал сите членови на општеството/.

Според бројот на лицата во бракот ги разликуваме овие основни форми: а/ Моногамија, брак на еден маж со една

1/ Види Л. Живковиќ: Друштвена надградња, Загреб, 1960, стр. 368 330, Р. Лукик: Основи социологије, Бeoград, 1959, стр. 260-263

жена, б/ полигамија, брак во кој еден маж може да има повеќе жени или една жена повеќе мажи. Полигамијата ги има следниве субтипови: 1. полигамија, еден маж има две или повеќе жени, 2. поли гандрија, една жена има двајца или повеќе мажи[1].

Според начинот на одредување на сродството; бракот може да биде:

а/ патрилинеарен - сродството првенствено се одредува според таткото кој е глава на семејството.

б/ матрилинеарен - десценденцијата се смета според мајката.

в/ билинеарен - десценденцијата се смета и според мајката и според таткото.

Според местото на живеење на брачната двојка бракот може да биде:

а/ патрилокален кога брачната двојка живее со родителите на мажот.

б/ матрилокален, кога сопрузите живееат со родителите на жената

в/ неолокален, кога брачната двојка основа ново домакинство[2].

Семејството, освен брачните врски вклучува и бракони ски па и други општествени функции. Тоа значи дека кога бракот поминува во економска заедница /сопрузите водат заедничко домакинство врз база на меѓусебна поделба на трудот/ настанува семејството. Освен мажот и жената, во семејството постојат и други членови пред се децата. Органска врска меѓу бракот и семејството се остварува на тој начин што со бракот се основа семејството, а семејството сереализира низ бракот.

---

1/ Кај американскиот социлог Анолд Грејн и Ралпк Турнер

2/ Кај американскиот социолог " " " "

Преобразбата на брачната заедница во екосномска го сочинува битниот елемент, врз база на кој семејството се развивало понатаму како воспитна, правна и емоционална заедница[1].

Најкомплетна дефиниција на семејството дава проф. Фианемго:

"Семејството како посебна социјална група преставува единство, општествено-организациона рамка во која се одвиваат разновсни процеси: и биолошки, и економски и едукативно-културни. Имено, таа служи за биолошко размножување, за одржување на видот, понатаму таа во исто време е и екојомска група во чии рамки се одвиваат одредени економски функции, т.е. функциите на набавување и трошење на потребните редства за живеење што значи дека тоа е <u>производно-потрошувачка група:</u> на крајот <u>семејството е и едукативна</u>

1. Ђ. Живкобиќ во споменатото дело на стр. 369-70, ги набројува следните консеквенции за науката за општеството кои призлегуваат од суштината на семејството; Прво, бидејќи семејството настанува со преобразувањето на сексуално-брачната заедница во економска, тоа значи дека семејството историски се појавува по бракот со делумното пренесување на економските фунации народот на брачните заедници внатре во родот, значи создавање на потесни еконо мски единици во рамките на родот како најшироки економски заедници.

Втора, според тоа семејството не се појавува пред родот, т.е. не претставува прв облик на општеството и на општествениот живот, туку, обратно, настанува дури покасно со издвојувањето на помалите економски единици во рамките на родот, во процесот на развитокот и јакнење на производните сили, кои го овозможиле тоа одвојување /првобитното колективно стопанство било израр на неразвиеноста на производните сили, израз на човечките индивидуални слабости во природата./Според тоа, развитокот на општеството не се одвивал по пат на агломерација и интеррација на семејствата во род, Клан и општство, туку обратно, по пат на "секундарна сегментација на родот".

Тето, Поединечното, моногамно семејство претставува дополнителен и подоцнежен продукт на општествениот развиток, последен облик на досегашната еволуција на семејството, продукт кој настанува со стеснувањето или редукцијата на првобитните широки сексуално-економски односи на се потесни сексуално-економски заедници внатре во општеството".

група, т.е. таква социјална гр па во која се врши процесот на воспитување на подмладокот во физички, морален и интелектуален поглед."1/

Во американската социологија на семејството често се наведува дефиницјата на Бургесс и Лоцке:

"Семејството може да се дефинира како група лица поврзани со брачни и крвни врски или со усвојување. Семејството сочинува единствено домакинство. Неговите членови стапуваат во меѓусебни односи низ меѓусебно делување во зависност од семејните улоги кои по тојат во одреденото општество. Тие се улоги на маж и жена, мајка и татко, син и керка, брат и сестра. Семејството со дава и одржува одредена култура".

Во оваа дефиниција не е тешко да се открие функционалната теорија за општеството применета на семејството / Секоја инди видуа исполнува одредена улога соодветно на нејзиниот статус во различните општествени системи/2/.

И бракот и семејството како историски општествени категории ги менуваат своите облици и својата општествена содржина паралелно со развитокот на самото општество3/.

1. И. Фиаменго: Основи опште социологије, II дел, Сарајево, 1961 г. стр. 40.
2. Е. Бургесс и Н. Лоцке во Тхе фамилу Нев-Ворк 1950, пп 7,8.- Цитирано спрема Оливера Бурић: Неки основни елементи савремене социологије породице - Часопис гледишта бр. 5, 1961 г.

3/ Во социологијата разните теории за потеклото и развитокот на семејството би можеле да ги разврстиме во две поголеми групи:

а/ Учењата кои сметаат дека моногамото семејство ја претставува првата генетичка клетка на општеството од која подоцна се развиле и другите општествени форми како родот, племето, народот, државата, нацијата и тн.

б/ Еволуционистичко-материјалистичката теорија изложена во Енгелсовото дело "Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата, чија суштина може вака да се резимира,

1/ Бракот и семејството се менуваат низ историјата
2/ Положбата на жената на била отсекогаш нерамноправна, жената не била секогаш во потчинета положба
3/ Моногамниот брак, досега последен степен во еволуци-

јата на бракот, во класното општество е форма за угнетување на еден пол од страна на другиот пол, на жената од страна на мажот;

4/ Социјалистичкото, односно комунистичкото општество создава услови за рамноправна положба помеѓу мажот и жената на еден повисок степен, односноуслови за ослободување на овие односи од сите примеси што низ историјата ги добиле, а што не им се суштествени. Види Б. Петровска: Класиците на марксизмот за бракот и семејството, Култура, 1962, Скопје.

---

Биолошката функција /одржувањето на сексуалните односи меѓу мажот и жената и начинот на пробреација на децата/ изразена со посебни облици е постојана функција на семејството, додека другите се менуваат како во простор така и во време во зависност од средината во која егзистираат.

## ТИПОЛОГИИ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Кај нас постојат повеќе типологии кои тргнуваат од различни критериуми. В. Богишиќ /1834-1908/ покрај Вук Караџиќ и Цвијиќ[1], се смета како основач на нашата социологија на селото и на семејството. Богишиќ бил прв кој составил типологија на нашите семејства. Сите форми на семејството на своето време тој ги поделил на четири главни вида и ги обележил карактеристиките на секој од овие видиви[2]. Четирите главни

---

1/ Цвијиќ, анализирајќи ги психичките особини на југословенците, дошол до заклучок дека покрај психичките разноликости кои творат одреден регионален живот, можат да се издвојат заеднички основни психички црти кај поедините потесни заедници. Врз база на тоа тој разликува типови, варијетете и групи.

Психичката класификација на јужните Словени ги содржи следните типови: динарски, централни, источнобалкански и панонски. Психичката класификација предложена од Цвијиќ извршила големо влијание и врз класификацијата на семејството кај нас. На пример, проф. Костиќ, во определување облиците на семејство то наведува дека ги употребува истите термини: тип и варијетет на кои им дава друга содржина. Јован Цвијиќ: Балканско Полуострово и Југословенске земље, књ.II.

2/ В. Богишиќ: О обичају названом инокоштина у сеоској породици Срба и Хрвата - Београд 1884 г.

видови се:

1. Задруга, збир на селски семејства составени од повеќе брака, братучеди или подалечни роднини со своите жени и деца ако ги имаат;

2. Простото селско семејство, во кое обично се само мажот, жената и нивните деца, форма која книжевниците и правниците ја наречуваат инокосна или инокоштина.

3. Варошкото семејство, во своите главни црти слично со семејствата на сите европски народи. Надворешно, ова семејство во се е слично со инокосното семејство бидејќи се состои од маж, жена и нивните деца. /Со тоа не се одрекнува дека и во српските и хрватските градови постојат семејства на народна основа, особено таму каде индустријата не ја достигнала агрикултурата/.

4. На крајот, муслиманското семејство кое може да се смета како посебна група, во која има модификации поради верозаконските елементи, меѓу овие елементи, факултативната полигамија игра главна улога.

Поради тоа што муслиманските семејства можат да се сведат на едните од трите претходни вида, и поради тоа што не можел да истражува насекаде каде постоеле муслиманските семејства, Богишиќ, во натамошното излагање се оградува од муслиманските семејства и ги испитува само првите три форми на семејството.

Без оглед на изгубената актуелност на ваквата поделба на семејството која ја извршува Богишиќ, во самото разврстување и натамошно анализирање на формите на семејството паѓа во очи големото богаство на мисли, опфатеноста на многуте појави и длабочината со која ги увидел основните односи во семејството.

Споредувајќи ги меѓусебно задружното и варошкото семејство, ги констатира длабоките и радикалните разлики кои постојат меѓу нив во имотен поглед /суштествена разлика: " во варошкото семејство на сите народи таткото е единствен субјект на сите имотни права во семејството. Во задругата, напротив, самата семејна заедница се смета како сопственик".

Понатаму, споредувањето на задругата и варошкото семејство, го доведува до овие факти:

| Во варошкото семејство | Во задругата |
|---|---|
| а/ Таткото на семејството располага во варошкото семејство, неограничено со целиот имот, немајки потреба од одобрување од ниеден член на семејството. | а/ Старешината нема право да располага со семејниот имот без одобрување на полнолетните членови на задругата. |
| б/ Во текот на својот живот и во случај на својата смрт, таткото може слободно да располаѓа со имотот, освен ако позитивните закони на разни земји нешто не задржуваат во полза на децата. | б/ Како што старешината додека е жив не може со ништо да располага без согласност на задругарите, така тој не може ни во тестаментот да располага со задружниот имот. |
| в/ Таткото на семејството останува старешина и управител дури и сега не може повеќе, без неговата волја не можат од тоа да го лишат, а во колку и го заменат, во негово име секогаш работи неговиот заменик. | в/ Старешината, млад или стар, секогаш може да биде заменет како задругарите сметаат дека е тоа потребно и корисно. |
| г/ Бидејќи таткото на семејството може да располага со домашниот имот аукторитате проприа природно дека уште додека е жив може да ја подели меѓу своите деца; само никој нема право да го присили на тоа. | г/ Според правниот обичај секој машки и полнолетен член на задругата може да бара дел од заедничкиот имот кој му припаѓа секогаш кога тој сака. |

д/ Спорет тоа, правило е, имотот да се дели дури по смртта на таткото, што и е нормално, бидејќи со смртта на старешината може да се рече дека завршува и семејството.

д/ По смртта на старешината на задругата, друг го заменува, но тоа е се, бидејќи поделбата на имотот не зависи од ничија смрт; функционирањето на семејството се продолжува исто како и понапред.

По овие разлики кои ги констатира, особено суштествената разлика која произлегува од имотната состојба, Богишиќ, доаѓа до прашањето "Од каква природа е обликот на инокосното семејство, дали тоа семејство има сопствен карактер или припаѓа на еден гореспоменатите видови? Дали тоа семејство, без оглед на надворешниот состав ја има природата на задругата или на варошкото семејство? Според Богишиќ надворешно, инокоштината е многу слична дури и идентична со варошкото семејство. Во книжевноста се дадени различни називи на двата облика на селското семејство: сложеното семејство исклучиво е означено со зборот задруга, а варошкото семејство со зборот инокоштина, како антитеза на задругата. /Вук Караџиќ ги употребува овие називи во горе споменатата смисла - варошкото семејство кај него нема специјално име, после него следуваат многу писатели, а и правниците инокоштината ја сметале истоветна со варошкото семејство, поведени од нејзиниот надворешен изглед./ Создадениот поим за селското семејство воопшто, од почеток одреден од книжевниците, оттаму поминат кај правниците и утврден од нив, дошол и до законодавците, народно во последните закони од времето на Богишиќ.

"Поимот за селското семејство може вака да се формулира:

1. Селската инокоштина се смета дека е од сосема различна природа од природата на задругата

2. Инокоштината е изедначена не само по своето надворешно значење, туку и по своето начело, соварошкото семејство.

Време е да се прашаме дали овој поим така резимиран одговара на вистината.

На ова прашање мислиме дека треба да одговориме негативно[1].

Откако ги опишува главните црти на инокоштината /а/ таткото кој живее со своите возрасни синови нема право да располага со имотот без нивното одобрување, б/ додека не се подели, таткото не може да располага со семејниот имот ни ~~мортис кауса~~ mortis causa без пристанок на синовите, в/ таткото е старешина, али во поважните работи бара одобрување од синовите, г/ синовите, особено женетите можат да бараат дел од имотот уште додека таткото е жив и во тој случај и таткото зема еднаков дел, д/ после смртта на таткото покуќнината остануваат во инокоштината исто како и во задругата/. Констатирани во Црна Гора и дел од Херцеговина, доаѓа до заклучок дека "истоветната природа на селската инокоштина и задругата е очигледна, а не помалу очигледна се јавува и разликата меѓу природата на селската инокоштина и природата на варошкото семејство". Со ваквата констатација, во нашата наука и практика како на своето време така и подоцна, Богишиќ останал осамен. Имено, со посматрањето на семејниот живот во селото не можело ди и не може да се прифати дека "ништо не е пообично

1/ стр. 34-5/.

отколку да се констатира преминот на семејството од задружната положба на инокосната положба и Vice versa од инокосната состојба во задружната состојба"1/, или пак тврдењата дека "нашето селско семејство кое го наречуваат инокосно е од поинаква природа од европското семејство, напротив што се однесува до неговата природа, тоа е истоветно со тоа кое обично го наречуваат задруга. би можело да се тврди дека овие две форми на семејството сочинуваат, може да се рече, една иста установа, бидејќи тие облици само се две главни фази во животот на селското семејство воопшто.... Исти карактер исто начело владее во селското семејство во минатото, тие во инокоштината на писателите; како и во сложеното семејство"2/.

Друга типологија на семејството кај нас е на професорот П. Костиќ3/. Откако набројува повеќе фактори потребни за разврстување на семејството, проф. Костиќ за одредување на нивните типови кај нас се задржува на стопанскиот рам, организацијата на сопственоста и традицијата, кои ги смета како основни фактори. Тргнувајќи од овие критериуми, проф. Костиќ ги дели семејствата кај нас на две основни вида: градски и селски семејства.

Во рамките на овие два основни вида на семејството, селско и градско, се врши и натамошна поделба на типови. За одредување типовите на селското семејство, проф. Костиќ, имајќи ја предвид разликата во економските рамки, организација на сопственоста и традицијата кои формираат посебна социјална атмосфера во разните краишта на нашата земја, се повикува на пет социолошки зони.

---

1. стр. 42.
2/ стр. 50-51.
3. Облици наших породица-Гласник етнографског института САН VII /Београд 1958/.

Социолошките зони претставуваат посебност и по наталитетот, бројот на разводите и реакцијата на новите законитости.

На алписката, динарската, приморската и тимочаката социолошка зона одговараат посебни типови на селско семејство.

Алпискиот тип на семејство ја опфаќа Словенија и словенечкиот дел на Истра, дел кој со векови бил под влијанието на Европа. Овој елемент многу придонел, тимоските села во многу да се разликуваат од другите села во нашата земја. /со векови немало значајни миграции, старото население останало, обичајот земјата да ја наследи само еден наследник се сочувал/. Семејството во тој крај е сведен на својот природен облик: маж, жена и деца. Алпискиот тип на семејството е тип на доста стабилно, семејство, со доста умерен природен прираст и смртност на населението; стопата на прирастот и на смртноста се движи во рамките на селата во Средна Европа".

Приморски тип на семејството е ограничен на острвата и тесниот појас покрај хрватскиот дел на Истра покрај море и далматинскиот брег. Во овој дел, постоеле замрсени земјишни односи /владал "колонатот" во кој сопственикот ја давал земјата на купецот во постојана обработка со тоа што тој добивал од една десетина до една половина од плодовите/ кои се раскинати дури во 1946 година, а нивното влијание врз семејните односи уште се чуствува.Овој тип на семејство е тип со намален наталитет и доста цврста кохезија, но денеска е изложено на се посилното влијание на туризмот и другите "модернизми" кои ги донесува современата цивилизација. Ова е семејство кое се наоѓа пред значајни структурни промени".

Динарскиот тип на семејството се простира во планинските предели во должината на Јадранското море и средината на државата. Овој тип ја опфаќа скоро целата Истра на Запад, Македонија на исток и просторот меѓу нив. Постоењето на еден тип на семејството на целото ова подрачје резултира од истите еколошки рамки и слична економија, особено стонарството и сличните општествени установи со кои семејството е тесно поврзано. Семејството одовој тип според просечната големина е помногубројно отколку семејствата од другите типови. На ова подрачје патријархалните односи доминираат во семејните сфаќања /раѓањето деца и задоволуваање на физиолошките и економските потреби на мажот е цел на бракот и на семејството/. Сепак, со оглед на големината и разновидноста на оваа област, проф. Костиќ, разликува"значајни нијанси во семејните односи." Тие дифенцирани нијанси се резултат на различната во оваа цела област. Разликата вои стабилноста на семејството од динарскиот тип проф. Костиќ вака ја аргументира. "На пример во Босна и Херцеговина е "уочено дека кај муслиманите без сомнение, разводите се најчести", додека кај католиците разводите се најретки. Истото може да се заклучи од судските документи во Косово, Метохија и Македонија. Напротив, во Србија, бројот на разводите на бракот кај православните е доста голем. Кои се причините на ваквата појава? Ги има и повеќе, а секако дека традицијата и наследувањето на земјишниот имот играат важна улога. Така, влијанието на традицијата и врз семејнитеходноси кај католиците е поголемо, а во источните предели жената со векови во поглед на наследување на земјишниот имот била многу запоставена... Меѓутоа, според денешните

законски прописи таа и во наследувањето на неподвижниот имот е изедначена со мажот, а тоа секако придонесвува да се забрза ситнењето на земјишниот посед, а тоа доведува до разводот на браковите и смалувањеобемот на семејството во овие краишта".

Кога го опишува динарскиот тип на семејството проф. Костиќ посегно се задржува на тешката положба на жената во Косово, Метохија и Западна Македонија. Тешката положба на жената во овие места е согледувана со оглед на нејзината пасивна улога во склучувањето на бракот, мешањето на родините /особено на свекорот и свекрвата/ во брачните односи, особено тешката положба во задругата, обичајот на "размена" истерување во случај да нема деца итн. Преобразбата на облиците и структурата на семејството е една од главните денешни карактеристики на динарскиот тип на семејството.

<u>Панонскиот тип на семејството</u> е распространет по селата во рамницата околу Сава и Дунав и нивните притоци. Овие места се со плодна земја и нејзината сопственост игра многу важна улога во семејните односи /земјата се донесува како мираз и често поради тоа доаѓа и до растурање на семејството/. Во овие места семејната задруга и неколективната земјишна сопственост речиси не постои, нивните траги повеќе се наоѓаат во свеста на луѓето. Природниот прираст на населението и влијанието на традицијата врз семејството се во опаѓање поради поголемото влијание на индустријата. И покрај значајните промени кои семејството од овој тип ги претрпе, односите во него се доста стабилизирани.

<u>Тимочкиот тип</u> на семејството се наоѓа во сливот на река Тимок. Тимочкиот тип на семејството проф. Костиќ одвојува; ќи го од приморскиот тип на семејството /иако по простор тој

~~простор~~ сочинува негов дел/, го смета како посебен со свои специфични облици во поглед и на структурата и на обликот. Во семејните односи сопственоста над земјата игра многу важна улога, целта на бракот често е зголемувањето на земјишниот посед. Семејствата често имаат само еден наследник, а и зетовите се доведуваат во куќата за да се изврши концетрација на земјата. Најважната одлика на овој тип на семејството е многу нискиот природен прираст на населението /еден од најниските во Европа/. Во однос на семејството од тимочки тип проф. Костиќ заклучува дека "тоа претрпело длабоки деформации и има потреба од коренита регенерација".

Откако укажува на присутната социјална атмосфера на социолошките зони во грдовите и на многу помалите разлики кои постојат меѓу градовите на нашата земја, професоро, Костиќ ги набројува следните типови на градското семејство: остатоци на буржоаското семејство , семејство на припадниците на слободните професии занаетчиско семејство

работничко семејство

службеничко семејство

семејство на селанец во град.

Остатоците на буржоаското семејство се повеќе се карактеризираат со економска несигурност и недоверба во сопствената иднина. "Бидејќи се поткопани темелите на неговата приватна сопственост, во негов посед останало само понешто од стариот накит, уметничките предмети, некој удобен стан и сл. Нему прилично му останало и од стариот менталитет и можеби тоа е една од неговите главни ознаки".

Занаетчиското семејство "во приватниот сектор", е семејство чиј доход произлегува од самото стоковно производство и од изнесувањето на стоката на пазар.

Семејството на припадниците на <u>слободните професии</u> ги опфаќаат лекарите со правата пракса, адвокатите, слободните уметници и сл. Овој тип на семејство има многу сличности со првите два типа на семејството од градот. Како и кај семејството од првиот тип и овие понекогаш од градот "планира" пгородот: има случаеви жената да се смета како украс и не работи надвор од куќата и тоа е причина за нејзината голема зависност од мажот. Со занаетчиското семејство ова семејство има сличности по релативно високиот доход, просечно повеќе троши на културните потреби и разонода".

Службеничкото и работничкото семејство чиј извор на приходите е "општествениот сектор", и покрај постоењето на повеќе нијанси кои произлегуваат од нивните квалификации, се многу слични во поглед на висината на својот доход и намената на неговото трошење. Во двата типови на ова семејство жената обично раб ти надвор од куќата и тоа се одразува на семејната кохезија. "Таквата жена заработува и "свој е човек", а тоа и дава материјална основа за вистинска рамноправност со мажот".

<u>Селското семејство во градот</u> е посебен тип на градското семејство кој во последно време е доста чест поради индустријализацијата и другите настанати промени. "Под влијание на новата средина овие семејства прилично се модифицирале, само доста задржало и од својот поранешен менталитет и од облиците на однесувањето. Сфаќањата за целите на семејството, за положбата на жената и децата во него, кај семејството од овој тип поблиску се до тие од селото отколку до тие во градот. Само благодарение на тој фак некои наши градови во последно време забележително ја зголемуваа стопата на наталитетот, па во тоа понекогаш ја надминуваат и својата непосредна селска околина. "Групите на семејствата кои не

можеле да бидат уврстени во ниеден од наведените типови поради своите специфични белези, проф. Костиќ ги одвоил во посебни варијетети. Посебни варијетети се следните семејства:

Печалбарско семејство е семејство кое води две економии /некои членови во обработуват имотот во селото, а други извесно време во годината работаат во разни места надвор од местовот на живеење/. Во овој варијетет спаѓаат семејствата на градежните работници од село; на индустриските работници, сплавари и разни други "печалбари".

Семејствата од малолетничките бракови често се сретнуваат во селата во некои рамничарски краишта, а ги има и во градовите. "Тие бракови се плод на обичаите или на некои економски сметки".

Семејствата на мешовитите бракови - каде мажот и жената припаѓаат на различни конфесии и националности.

Семејствата на селаните членови на работните задруги. /нивната егзистенција се базира врз приватна сопственост, и врз задружното земјиште/.

Колонистичкото семејство - Семејство оддинарски тип населенисто во подрачјето на панонската социолошка зона-непотполните семејства и пореметените семејства се почесто се сретнуваат во градовите.

Семејствата на лицата настрадани по војната, чиј бројпостојано се намалува.

Типологијата на семејството во Југославија која ја дава професрот Костиќ и покрај конкретните примери со

кои ја поткрепува, во целина не е прифатлива поради повеќе причини. Пред се кога се обработуваат типовите на селското семејство не е сосем оправдано изедначувањето на социолошките зони со географските области. Подиректно, во динарската социолошка зона на која и одговара динарскиот тип на семејство влегува Македонија, Јужно Поморавие и Косово и Метохија; што социолошки не може да задоволи ако се има предвид богаството и разновидноста на формите на семејниот живот во овие области. Во целата оваа област авторот но забележува постоењето само на еден тип на семејството кое го аргументира со исти еколошки рамки, слична економија и слични општествени установи, но без дах ги даде дури и најопштите карактеристики на ова семејство. Во обработката на динарскиот тип на семејството, констатирајќи ја невоедначеноста на семејството во целата "социолошка зона", проф. Костиќ ги спомнува значајните нијанси кои постојат во семејните односи, нијансите според авторот, произлегуваат од диференцираната стабилност на семејството / во Босна и Херцеговина, Косово и Метохија и Македонија кај муслиманите разводите се најчести" а додека кај католиците "најретки"/ и од тешката положба на жената / во селата на Косово, Метохија, Западна Македонија положбата на жената е особено тешка/. Ваквото нијансирање на семејните односи на овој простор не може да ја исцрпе поделбата на семејството бидејќи се работи за крупни разлики кои би требало да имаат поинакви консеквенции и за одредување типовите на семејството.

Поделбата на семејството на проф. Костиќ, може да биде еднострана поради тоа што судските материјали се користуваат како главен извор за познавањето и одредувањето типови

на семејството. /Заклучоците кои се однесуваат на внатрешната кохезија на семејството и положбата на жената се поднесени врз база на судските материјали само од некои места-ниедно место во Македонија не е опфатено, а бракоразводните парници водени во Призрен не би требало да дадат слика и за семејните односи во Македонија/.

Пред да помине на набројувањето типовите на градското семејство, проф. Костиќ укажува на малата разлика која постои меѓу помалите и поголемите граадови во разните краишта на нашата земја, поради што може да биде запоставена во изучувањето на семејството. Дали е оправдано запоставувањето на специфичностите на еден град како што е Гостивар или Куманово и Марибор или Нови Сад, кои уште колку се одразуваат на семејниот живот, тоа секако дека ќе го покажат резултатите на натамошните истражувања од областа на семејството кај нас. Набројувањето на толку типови на градско семејство не е доволно аргументирано, а исто така ни нивните особини не се доволно објаснети.

Излагањето на посебните варитети на семејството /печалбарски, малолетнички, мешовити, колонистички, непотполни/ толку детализирано, а без одредување на нивните битни аспекти и без испитувањето на деталите, доведува до парцијално и спорадично.

И покрај наведените недостатоци треба да се истакне и валидноста на трудот на проф. Костиќ кој може да се рече дека е меѓу првите којшто со голема сериозност ја обработува оваа проблематика.

Други напис за типовите на југословенското семејство е од В. Бонач.[1] За исцрпната типологија на југословенските семејства, имајќи ги предвид многу големите разлики во семејната организација во нашата земја, Бонач ги предлага следниве елементи:

1. Народноста: српска, словеначка, шиптарска и др.

2. Верска припадност /католици, православни, муслиманство/ односно арелигиозност.

3. Типот на населба /голем, среден, помал град, индустриска населба, збиено или разбиено село во рамница, во ридски или во горски крај/

4. Географско-економски услови/приморје, крас, словеначки ридски предели и Панонска низија итн./.

5. Степенот на индустријализацијата и сообраќајната поврзаност /односот на бројот на земјоделското и неземјоделското население, влијанието на запослувањето во фабриката, секојдневната миграција, иселувањето и доселувањето, густината на сообраќајот и тн./

6/Социјална припадност;

а/ професионалната поделба /работници и службеници земјоделци и останатите општествени групи/

б/ поделба спред квалификацијата и школската спрема /квалификувани - неквалификувани работници, службеници, меѓу нив посебно интелегенцијата, технички, просветните - непросветени земјолци/

---

1/ Типови југословенске породице, Рад, Београд, 1957.

д/ поделба според производните дејности /рударско, шоферско, учителско,семејство и др./

7/ Локални особености /посебни навики, обичаи, обреди, на пример при изборот на невестата, по повод свадбата, раѓање на првотодете/.

8. Посебните општествени групи /Цигани, Власи, безработните во градот инте/

По овој систематски преглед на начелата на типологијата на семејството, В. Бонач, се ограничува на шест гледишна за разврстување на семејството во Југославија. /Претходните изложени и условени критериуми не се реглектираат во целина во новата расподелба што и укажува на извесна недоследност на авторот./

1. Однос според сопственоста над средствата за производство.

2. Поделба според носителот на авторитетот /патријархално -современо семејство/

3. Градско и селско семејство како прва компонента во одредувањето социјалната припадност на семејството во Југославија.

4. Поделба на семејството по големина и состав како статистичко-социолошка постапка која покажува како семејството ги одржува општите животни услови.

5. Покрај потполните семејства денеска се многу чести и непотполните семејства во кои недостасува еден од родителите.

6. Како спротивност на интегрираното, во себе и кон себе урамнотежено семејство, стои дезинтегрираното семејство.

Тргнувајќи од првото и второто типолошко гледиште

Бонач разликува два основни типа на семејството: патријархално и современо за кои посебно го прикажува односот меѓу сопрузите пред бракот, односот на родителите спрема децата, односот на децата спрема родителите и односот на семејството спрема родниците.

Изнесувањето на проблематиката им методолошките напомени за понатамошното проучување на семејството кај нас кои ги предлага Бонач, придонесуваат начелата за типологијата на семејството кои тој ги предлага за сега, да бидат најприфатливи.

Книгата на В. Ерлих "Породица у трансформации"- Студија во триста југословенски села се одредени седум типови на семејства./ Материјалот за ваквата типологија е црпен од резултатите на анкетата спроведена 1937 год./

а/ македонско-шиптарско семејство

б/ муслиманско -босанско семејство

в/ македонско-христијанско семејство

г/ Христијанско -босанско семејство

д/ србијанско семејство

ѓ/ хрватско семејство

е/ приморско семејство /Приморје и Далмација/.

Наведените типови на семејството авторката ги добила откако ја одредила староста, т.е. ансиенитетот на поедините подрачја на Југославија /Ансјенитетот на поедините подрачја, Ерлих, го определува со оглед на датумот на еманципација од турската власт којашто кразните области настанува во различно време./ Различното стапало во развитокот на поедините

---

1/ Загреб 1964.

наши подрачја произлегуваат не само од својот посебен културен печат туку и од својот посебен историски печат. Така, таа ги определува следните седум регионални стилови на семејниот живот:

1. Црна Гора – Регионалниот стил на црногорското семејство го поврзува со племенскиот режим /племињата и братството/, крвната освета и другите обичаи на племенската сфера. Под влијание на историските збиднувања, настанати во 19 и началото на 20 век, настапиле големи промени како во јавниот така и во семејниот живот на Црногорците. "Нагло го напуштиле патријархалните односи. Екстремниот јуначки индивидуализам и племенскиот колективизам се измениле: се развил индивидуализмот од нов кое и колективизмот од нов вид. Статидиумот на либералните, рационалните или комерцијалните односи,кој во други краишта настанал по напуштање на натуралното стопанство и патријаргалниот начин на живеење / а кои во останала Европа траело со векови/ потполно е прескочен. Со еден скок се поминало од патријархалниот режим во многу модерни норми и односи. Специфичната атмосфера лежи во таа нагла промена од херојскиот индивидуаализам и племенски колективизам кон позрел индивидуализам и нов колективизам без преодни фомри[1]/.

2. Шиптарските населби. Во селата населени со Шиптари ориенталниот стил на животот бил доста нагласен. Сличноста меѓу Црногорците и Шиптарите. Ерлих ја наоѓа во нивната борбена усмереност, разликата во целите на нивната борба /Шиптарите се бореле за одржување на османлиската власт, а Црногорците за рушење на таа власт/, а оттука се и деферентните резултати во нивниот семеен живот.

"Во Шиптарскиот семеен живот во извесна смисла се согледува црногорскиот семеен живот во минатото".

1/ стр. 4267.

И покрај многубројните репресалии кои ги трпеле во почетокот на 20 век, во семејниот живот тие го дочувале патријархалното достоинство и одговорност.

"Многу сиромачни мажи и момчиња ги оставале своите села и оделе на печалба во далечни краишта на многу години, без да скршнат од патот на традицијата и патријархалната чест. Жените кои останувале во селата имале исто држење. Под тешкиот притисок се покажала големата стабилност на цврстите патријархални односи".

3. Македонија[1]/. Македонскиот семеен живот /патријархално обоен од изразито ориентална варијанта/, е одраз на старата земјоделска култура која бара интензивна, дисциплинирана и континуирана работа. Долгогодишната турска окупација придонела во голема мера да се чуствува изолацијата од културниот Запад/особено во големата смртност на жените и децата, во бедните услови за живеење и во општата неприлагоденост кон стоковно-паричните односи/. Големите промени настанати после Првата светска војна не можеле да ја променат ситуацијата дека Македонија била последна област која се прилагодила на паричното производство и на модерната цивилизација. И покрај влијанијата и тешкотиите во новата држава, патријархалниот стил во семејните односи останал доминантен. Специфичната атмосфера се покажува во смиреноста и дисциплинираноста на семејните односи и во особената положба на жената во која има елементи на старата принципиелна потчинетост, и фактичко барање[2]/.

1/ Македонија, Ерлих го нарекува целото подрачје јужно од српско турската граница од 1912 година, вклучени се и селата на Санџак и Косово и Метохија.

2/ стр. 430.

4. Босна И Херцеговина. Во Босна и Херцеговина, Ерлих наидува на вонредно чист и карактеристичен регионален стил и покрај тоа што на старото словенско наследство се накалемени и ориентални, австриски и нови југословенски елементи. Длабокиот и сјајниот релјеф не произлегува само од семејниот живот туку и од обичаите, движењата, гестовите, фразеологијата и песните. "Кај муслиманите, една специфична атмосфера го карактеризира преодот од патријархална строгост кој нови облици на саобраќај, а под концетричниот притисок на социјалноекономските непогодности: Песимизмот, насилието и очајувањето во семејството влегуваат спротивно од ситуацијата кај Шиптарите, кои стојат под сличен притисок само не подлегнуваат. Меѓутоа, општата криза на семејството во муслиманската Босна уште не ги беше зафатила сите краишта ниту пак сите домени од животот. Така, положбата на половите многу не се изменила. Жената била покриена и без лична слобода, а на мажот, особено на домакинот му се давала секаква слобода.

Во христијанскиот дел на врска Босна е специфична слична атмосфера како во муслиманските села, само што има помалу пауперизација и декласирање и објективно и во субјективните чуства. Во исказанта епоха на врв е преформирањето на патријархалните односи во индивидуализам од нов ков. Во атмосферата на православните села се покажува посебна комбинација на борбеност на патрихаргалните планински и босанскиот феудален фанатизам. Интензивноста на чуствата често е концетрирана на политичко поле, помалу на емотивно, а најмалу на економско1/.

5. Србија. Во Србија по еманципацијата од Турција, контактот со Запад и со паричната економија е воспоставен под многу поволно околности. Големи екојомски промени настапуваат

1/ стр. 434.

во селото во Србија по Првата светска војна/премин од сточарство на интензивно земјоделско производство за пазар/. Тие промени селанита ги чуствувале како товар, особено како ги споредувале своите напори со тие од минатото кога ритамот на работата бил умерен."Но и покрај тоа што семејните односи останале патријархални и конзервативни, го напуштиле конзервативниот став кога би се нашол во спротивност со практичните интереси"...[1]

6. Хрватска . Поради големото влијание на Австрија, Венеција, и католичката црква, семејните односи во Хрватска имаат јасно западно -европска обоеност. Специфичната атмосфера во Хрватска се покажува во "длабоката импресионираност на семејниот живот и на сите односи во стоковно-паричните односи. Изгледа дека интензивноста на чуствата првенствено не била концентрирана на политичко поле, уште помалку на еротско, туку најмногу на економското."

7. Приморје.- Дека селата покрај море во горното и далматиското приморје и и на острвата создаваат целина, јасно се гледа во семејните односи кои имаат најјака западно -европска нијанса и најјака спремност за адаптација.

Класификацијата на типовите на семејството со оглед на културно-историските детерминанти резултира и од изнесениот редослед на подрачјата како симбол на постепениот развиток. Вековното влијание на Исток и Запад и на долговременското навлегување на капитализмот во нееднаков ритам се причина за големите разлики во семејниот живот во разните краишта на нашата земја. На тој начин, В. Ерлих на југословенското географско и културноетничко подрачје го опфаќа процесот на

1/ стр. 436.

трансформацијата на семејството кој претставува спирален развиток и води од една стара стабилна структура низ една критична фаза кон една нова семејна структура.

Од овие појдовни точки В. Ерлих доаѓа до констатација на постоење три типови на семеен живот кај нас:

1. Патријархален тип на семеен живот /ги содржи муслиманската и христијанската варијанта"

2. Семеен живот од типот на "бурната преформација" /ги содржи српската и хрватската варијанта/

3. Семеен живот од типот на "новата стабилизација".

Најстабилно патријархално семејство е муслиманското-македонско, следува христијанското -македонско, а на крајот босанско-муслиманското семејство.

Кај типот на семеен живот на "нагла преформација" распаѓање на патријархалниот поредок- се приклучени христијанската Босна, Србија /овој процес е во кулминација/ и Хрватска /каде има опаѓање/.

Во типот на "новата стабилизација" / тоа е современото граѓанско семејство/ спаѓаат Приморјето, селата од западните краишта,а ниедно од Балкан.

Од кои индиции тргнала Ерлих кога ги поделила селата на различни еволуциони типови? Како најсигурни индикатори на патријархалниот поредок ги набројува следните појави:

1. Сите девојки се мажат. Стари девојки нема, до колку и ги има тие се исклучок.

2. Ограничување на раѓањето со абортуси нема или само во исклучителни случаеви.

3. Држењето на синовите спрема таткото е полно со почитување или бар помирно. Тешки судири меѓу таткото и синовите нема.

4. Братот и заповеда и на постарата сестра

5. Момчињата живееат апстинентно, предбрачни односи имаат само во исклучителни случаи.

За ограничување на типот од "бурна преформација" Ерлих ги одбира овие индиции:

1. Ограничувањето на раѓањата со абортуси е вообичаено.

2. Држењето на синовите спрема таткото е без почитување, конфликтите меѓу нив се чести.

3. Меѓу родителите и синовите има многу судири поради изборот на невестата.

4. Има многу неверни жени

5. Брачната неверност на мажите е во пораст.

За ограничување на типот на "новата стабилизација" кој настанал поради континуираниот развиток се најдени овие симптоматични белези:

1. Задруги нема. Женетите синови живееат одвоено или со родителите без задружен ред

2. Машките се женат сразмерно, касно, обично по отслужување на воениот рок

3. Има ногу немажени стари девојки

4. Многу момчиња имаат предбрачни односи

5. Мажените жени редовно им се верни на мажите .

Поделбата на југословенското семејство на седум типови, која ја прави В. Ерлих и која би требало да одговара на еден значаен и карактеристичен развоен циклус, има повеќе недостатоци.

Неоспорно дека вредноста на оваа типологија пред се лежи во нејзината изворност и сеопфатност од една страна

/скоро сите подрачјаа и етнички групи во Југославија/, но големата резерва во нејзиното прифаќање од друга страна да намет нува со самиот факт што одбраните села не можат да бидат ре пре резентивни, меѓудругото и поради нивниот мал број.Малиот број села /Словенија во целина е изоставена, а Војводина и Црна Гора многу малу се застапени/ - не можеле и не можат да го презенрираат обилството на хетерогените односи кои се карактеристични за формирањето и езистирањето на разните облици на југословенските семејства. Во таа смисла е неосновнован и ставот на авторката: конклузиите кои ги изведува треба да имаат значење и преку и надвор од југословенското селско семејство, така што објектот на истражување, донекаде да служи и како пример за демонстрација на некои општи тези".[1/]

Иако Ерлих на продлабочен начин ги зафаќа и ги фиксира семејните односи во Југславија пред самата социјалистичка револуција, не би можело да се сложиме со сите оценки кои таа ги дава за разните појави внатре во семејството. Преголемото внимание, кое таа и го посветува на внатрешната структура и на односите во семејството доведува до потенцирање на нивниот психолошки аспект за сметка на економскиот. Така на пример, тешката положба на жената со оглед на нејзината економска и општествена положба и запоставеност , жената е идеализирана само во однос на нејзините биолошки и психолошки функции. Исто така тргнувајќи оди овој аспект, В. Ерлих многу ја идеализира семејната задруга "Луѓето кои сдраснале во задругата по правило за неа зборуваат со љубов и носталгија. Во неа немало осаменост ниту несигурност, ниту тешка животна борба, Задругата секому давала можност да се прехрани, да се жени ли омажи и да одглед а деца. Давала углед и важност на поединците.

---
1/ стр. 21.

Без особен напор секој со време нараснувал во повисок ранг на нејзина хиерархија. Млафината живеела безгрижно и можела многу време да посвети на уметничката работа и пеење, играње и на состаноци. Животот во релативно изобилство, без големи маки и грижи и без многу тешка работа бил познат само во задругата".1/

Ваквиот став спрема семејната задруга произлегува од некритичната обработка на добиениот материјал од теренот.

Иако таа, сосем правилно, го констатирала влијанието на ориенталниот елемент, врз земјините односи во Југославија /согледувани во фаталистичките тенденции/, на западноевропскиот елемент /изразен во индивидуалистичките тенденции/ и на словенскиот елемент/ изразен во колективистичките тенденции/, сепак многу смели се заклучоците дека југословенското семејство - во еден дел - е толку патријархално, или пак доста дека се наоѓа- во друг дел - во таков длабок процес на трансформацијата и индивидуализирање на своите членови.

И статистиката изработила типологија на домаинството и семејствата2/. Од самата дефиниција на домакинствата, која ја дава статистиката, произлегува нивната основна подел-ба на семејни и колективни.

Семејните домакинства со оглед на нивниот внатрешен семеен состав се разврстени во шест категории:

1. Домакинството кое воедно е семејство во потесна смисла е составено од брачната двојка или од родителите /двајцата или еден/ и децата - кај французите" ~~ла фамилле~~ la famille conjugale ~~конјугале~~" кај американците "~~нуклеар фамилу~~", nuclear family.

1/ стр. 322.

2/ Д. Брезник: Типологија домакинства и породица у класификацијама пописа им 1953 год. Советовање о примени статистике у социологији, Београд 1958 год.

2. Домакинството, "семејство во поширока смисла се смета домакинството во чиј состав се наоѓаат лицата сродници со старешината на домакинството во сите степени на правата линија /родители деца, внуци итн./, и во втор степен на странична линија /браќа и сестри/ како и нивните брачни другари. Домакинството е семејство во поширока смисла и тогаш кога во него се наоѓаат и следните роднини од странична линија: стрико вујко, тетка, братанец, братанка, внук, внука, под услов тие во тоа домакинство да немаат свое посебно домаќинство.

3. Во категоријата на домакинствата "роднини" разврстени се домакинствата кои не можеа да бидат наброени во двете претходни категории, поради тоа што во нив се наоѓал член кој со старешината е во сродство со трет или подалечен степен на страничната линија.

4. Во категоријата на домакинството кое е "семејство во потесна" или поширока смисла или роднини и нероднини" се разврстени оние домакинства кои во својот склоп покрај роднини имаат и едно или повеќе лица кои не се род.

5. Како ""неродбинско" е карактеризирано домакинство кое се состои од двајца или повеќе кои не се род.

6. Во категоријата "неодредено" се разврстени домакинствата на кои не можело да им се одреди составот".

Понатамошната поделба на домакинствата се извршува според бројот на семејствата во потесна смисла кои живееат во домакинството. Така се разликуваат едносемејните и повеќесемејни те домакинства. Статистиката уште ги дели домакинствата и на земјоделски и неземјоделски. Земјоделски домакинства се тие чии повеќе од половина активни членови се наоѓаат во земјо-

делски дејности, додека неземјоделски домаќинства се тие чиј повеќе од половина активни членови се наоѓаат во неземјоделски дејности.

Ваквата типологија на домаќинствата и семејствата и покрај нејзината прецизност има доста недостатоци меѓу друго то ии поради запоставување на етничкиот конфесионалниот и професионалниот состав на домаќинствата и семејствата. Поради тоа, таа не го изразува комплексниот поим на овие општествени групи па не е погодна за едно комплексно изучување на семејството.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ТИПОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПОЛОГ

Гледано од социолошки аспект, семјството секогаш е единица врз која во различни видови влијаат мноштво меѓусебно испреплетени фактори. Општествената средина во која живее и се развива семејството е многу важна за комплексното посматрање на семејството, па затоа социологијата не смее да го истражува семејството како појава одвоена од средината.

Разврстувањето на семејството во типови, облици, треба да има предвид повеќе локални особености како што се типот на населби, степенот на стопанската развиеност, односот кон средствата за производство, етничката, религиозната и професионалната припадност, традицијата и обичаите. За одредување типовите и облиците на семејствата во одредени периоди поедините елементи се повеќе или помалу важни што зависи од регионалните одлики.

За класифицирање на семејството по типови во Полог се одбрани следниве критериуми:

I големината на семејството

II односот кон средствата за производство

III носителот на авторитетот во семејството

Големината на семејствата, оттука и на семејствата е елемент кој веднаш се уочува во посматрањето на семејството во Полог. Демографските движења како склопувањето и и разводите на бракот, наталитетот и морталитетот изразито влијаат врз големината на домакинствата и на семејствата. Оваа констатација се потврдува како со статистичките податоци, така и со резултатите на спроведената анкета.

Пред се во Полог уделот и бројот на самечките домакинства во вкупниот број на домакинства е многу мал во споредба со другите места во нашата земја./4.3 во цел Полог, 3,0 за селото, 7,1 за градот/, просечниот број лица во домакинство е многу поголем/6,2 во Полог, 6,7 село, 4,6 град/ отколку во другите места во нашата Република, а домакинствата се повеќе се застапени повеќе одошто домакинствата се 2 до 5 членови.[1]/.

1/ Поопширно во I дел. На пример просечниот број во домакинството и процентот на самечки домакинства /околу 1950 изнесува во Австрија 3,1 /1,5/, Франција 3,1/18,6/, Западна Германија 3,0/ 18,5/, Грција 4,1/8,7/,Холандија 3,7/9,2/,Норвешка 8,3/14,9/,Португалија 4,1/7,6/,Шведска 2,8/25,2/, Англија 3,2/10,7/. Податоци од СГЈ 1958 г. Цитирано од М. Мацура во "Друштво и васпитание Бг. 1958 г.,стр. 120.

Диференцирана големина на домаќинствата /како на просечниот број лица на едно домакинство така и за бројот на членовите на домаќинството/ и различна застапеност на самечките домаќинства имаме во разните типови населби.

Табела 55

Попис 1961 год.

| | ПОЛОГ | СЕЛО | ГРАД |
|---|---|---|---|
| Самечки домаќинства | 4,3 | 3,0 | 7,1 |
| Домаќинства со 2-5 членови | 46,3 | 38,6 | 82,1 |
| Домаќинства со 6-1 и повеќе членови | 49,4 | 58,3 | 30,8 |
| Просечен број членови на домаќинствата | 6,2 | 6,7 | 4,6 |

Различната големина на домаќинствата, посредно на семејствата /помалото семејство се разликува од поголемото не само квантитативно ами и квалитативно/ се елемент над кој се надоврзуваат многубројни особини и односи, важни за одредување типовите и обликите на семејството.

| КОЈ СЕ ГО СОЧИНУВААТ СЕМЕЈСТВОТО? | ПОЛОГ | СЕЛО | ГРАД |
|---|---|---|---|
| Брачните парови со неженети деца женети синови и други роднини | 38,7 | 69,1 | 8,2 |
| Брачните парови со неженети деца и со еден женет син | 24,1 | 28,5 | 19,6 |
| Брачните парови со неженети деца | 37,3 | 2,4 | 72,2 |

Односот кон средствата за производство, односот кон имотот, го сочинува најважниот критериум за одредување основните типови на семејството. Воедно односот кон средствата за производство ни овозможува развитокот на семејството да го согледаме социјално детерминиран од производните сили.

Обликот на сопственоста е значаен по тоа што го одредува видот на приходите и поделбата на трудот во семејството како и поведението на нејзините членови.

Од аспектот на односот спрема имотот, семејствата во Полог можеме да ги поделиме на две големи групи:

а/ семејства кои поседуваат средства за производство во кои имотот го сочинува најважниот услов за нивната егзистенција.

б/ Семејства кои не поседуваат средства за производство, кои живееат од работата на сопствените раце. Овие семејства доколку и имаат некоја сопственост, таа не служи како средство за пориизводство и претставува само дополна над редовните приходи кои се реализираат на работното место.

Во првата група подеднакво спаѓаат селаните кои живееат во потесните и во пошироките семејства.

Во Полошките села од вкупниот број домакинства само 9,1% се без земја, што го потврдува големото значеве на сопственоста врз средствата за производство за опстанокот на селско население.

Табела 57

Попис 1961 год.

| | СЕЛО | ГРАД | ПОЛОГ |
|---|---|---|---|
| Без земја | 1959 | 6173 | 7771 |
| | 9,1 | 75,4 | 30,2 |
| Вкупно домакинства | 17526 | 8193 | 25719 |

Додека на село сопственоста е многу значајна заживотот на неговото население, паралелно со намалувањето на аграрните елементи во стопанството, зголемувањe на влијанието на индустријата во градот, сопственоста врз средствата за производство ја губи својата улога во секојдневниот живот на неговото население. Во работничките и службеничките семејства, кои спаѓаат во втората група, главниот извор за опстанок се приходите и заработувачката надвор од семејството а не сопственоста врз средствата з за производство. Ваквите семејства повеќе не се претежно "продукциони заедници" туку "конзумни заедници". Изворите на приходите на овие семејства, по правилопроизлегуваат од редовниот работен однос. Дополнителните иизвори надвор од редовниот работен однос, од сопственоста врз неподвижниот имот се многу мати, поправо минимални.

Табела 58

| ГРАД | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Дали покрај примачките на работното место имате и приходи од неподвижен имот? | 6,0 | 94,0 |

Од односот на семејството спрема средствата за производство произлегуваат и овластувањата на нејзините поедини членови кон нив. Положбата на таткото, односно на мажот првенствено е детерминирана од неговите права во однос наимотот и над другите членови на семејството. Оттука, внатре во семејството може да се утврди држењето на сопственикот надсредствата за производство спрема тие кои не ги поседуваат,држењето на мажот спрема жената, на таткото спрема децата. Во таа смисла положбата на таткото кој е носител на семе~~јството~~

нмот

авторитет, е важен елемент за одредување типовите на семејството. Власта на мажот, односно на таткото во семејството, во Полог зависи од повеќе фактори и делува различно во селската и градската средина условено како од ни националната компонента така и од видот на дејност со која семејството се занимава. Мноштвото материјал даден во главите III и IV кој се однесува на мажите спрема жената и спрема децата, овозможува од апсолутното покорување спрема неговата волја да се следи тенденцијата на ограничување на неговата власт, кога односите во семејството се демократизирани.

Наведените битни елементи за разврсување на семејството со натамошна анализа и на посебни детали како односите во семејството, обичните моралните норми итн./, во многу ќе ни помогнат во одредувањето, облиците на семејството кои преставуваат посебни категории на ова подрачје.

Врз база на трите битни критериуми можеме да извршиме една основна поделба на семејството во Полог, од која понатаму ќе произлегуваат повеќе облици или варијанти. Ретко која област во нашата земја на такво склучено подрачје како што е Полог содржи и така сложена и разноврсна форма на семејството. Главно, како основни типови треба да ги разликуваме патријахалното и современото семејство. Патријархарното семејство доминира во селото, додека современото семејството го репрезентирааат работничките и службеничките семејства во градот, со што не се исклучува постоењето на патријархалното семејство во градот или на современото семејство во селото.

ОДЛИКИ НА ПАТРИЈАРХАЛНОТО И СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВО

Патријархалното семејство е еден од првите типови на семејството на цивилизацијата настаната со појавата на приватната сопственост, задржено до нашите денови.

"Штом еднаш богатствата поминале во приватна сопственост на семејствата и таму брзо растеле, му задале силенудар на општеството базирано насиндијасмичкиот брак и матријархалниот генс. Доколку богатствата растеле, тие, од еднастрана му давале на мажот поважна положба во семејството отколку на жената а од друга страна создавале поттик таазасилена положба да се ползува традиционалниот ред на наследувањето да се измени во полза на децата. Но тоа не било можно додека важело потеклото на мајката во матријархалот. Значи, тоа требало да се укине и укинато е... Со тоа било укинато сметањето на потеклото по женската лоза и матријархалнотонаследно право, а установена е машка лоза на потеклото и патријархалното наследно право."

Во патријархалното семејство мажот првпат се јавува како општествена фигура, децата првпат го носат неговото име и го наследуваат. Патрилокалноста и патрилинарната десценденција се битни особини на патријархалното семејство.

Економскиот елемент кој бил решавачки за појавата и развитокот на семејството ја одредува и внатрешната структура на семејството, тоа значи меѓусебните односи на членовите на семејството. Меѓусебните односи на мажот и жената во семејството

1/ Енглес: Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата". Маркс и Енглес: Изабрана дела Т. II 1950 г., стр. 208-9.

вото како однос на рамноправност или на потчинетост на еден пол спрема другиот, во текот на развитокот на општеството се менувал главно во зависност од улогата на половите во општественото производство, а не од живните физиолошки својства. Поконкретно, промените во начинот на производството - улогата во приватната домашна работа или во општественото производство-најмногу влијаеле врз структурата и односите на половите во семејството.Патријархалното семејство се базира врз заработувачката на таткото, поврзаноста на жената и децата за домашното огниште, па оттука иде и владеењето на таткото во семејството, потчинетоста и економската зависност на жената и децата од таткото. Во колку власта на мажот се намалува тоа значи дека патријархалното семејство ги губи своите основни карактеристики.

Општественото економски патријархалното семејство првенствено е произведувачка заедница.

Најважните карактеристични функции на патријархалното семејство би можеле вака да се сумираат:

1. Материјалната основа на патријархалното семејство е приватната сопственост. Економската функција е неговата најважна функција бидејќи патријархалното семејство е основна произведувачка заедница. Ваквите семејства воглавно се затворени целини, базирани врз натурално стопанство, доволни сами на себе, мали автархиски единици.

2. Во патријархалното семејство решавачка положба има мажот како сопруг, односно татко.

3. Жената е економски, а со тоа и воопшто, нерамноправна.

4. Важна карактеристика на патријархалното семе-

мејство е и големата плодност на жената која се огледува во не планираното и континуираното раѓање.

5. Воспитната функција на патријархалното семејство е важна поради тоа што членовите на ваквите семејства основните знаења ги стекнуваат во рамките на самото семејство. Патријархалното семејство се одликува и со голема неписменост.

6. Заштитната функција на семејството во патријархалното семејство има особено значење со тоа што им пружа потполна заштита на нејзините членови.

Економскиот развиток на општеството ги создава материјалните и општествените услови за постепеното разбивање на патријархалното семејство и неговото преминување во современо семејство. /Во таа смисла развитокот на семејството е огледало на економскиот развиток/. Промените условени од развитокот на производните сили, поправо индустрискиот развиток, се поголемата диференција на општествената поделба на трудот, доведуваат до промена на содржината на патријархалното семејство во тој правец што неговите поранешни важни функции се намалуваат, а во исто време патријархалното семејство се дезинтегрира, се расчленува на помали семејни групи дури и на најмала група - родители и деца /нуклеарно семејство/.

Современото семејство претставува повисока етапа во развитокот на семејството кое се јавува во условите на индустрискиот развиток /индустриско семејство/. Додека патријархалното семејство претставува во исто време производувачка и потрошувачка заедница, современото, семејство, во економски поглед, е редуцирано на заедничко трошење на тоа што се стекнува надвор од семејството во јавниот работен однос. Додека во патријархалното семејство, постои строга поделна на работ-

тата во самото семејство во современото семејство, поделбата на трудот се врши вон семејството.

Економската база на семејството, улогата на поедините членови и меѓусебниот однос на членовите на семејството се менуваат со вклучувањето на жената и на младината во општественото производство, а во исто време расте и независноста на членовите на семејството.

"Секое регулирање на т.н. домашна работа веднаш се претставува како директно навлегување во патриа потестас /татковото право/ т.е. модерно речено, во родителскиот авторитет. Сепак, силата на фактите најпосле присили да се признае дека крупната индустрија ги разрушува заедно со економската основа на старата фамилија и соответната на нејзе фамилијарна работа, и самите стари фамилијарни односи... Крупната индустрија, со решителната рола што им ја дава таа на жените, младите лица и децата од обжата пола во општествено организираните процеси на производството надвор од областа на куќата создава нова економска основа за повисока форма на фамилијата и на односите меѓу обата пола.[1]/

Патријархалната зависност на жената од мажот и на децата од таткото постепено исчезнува со пренесувањето на економското стопанисување на жената и на младите надвор од семејството. На тој начин односот меѓу мажот и жената од однос на еднострана зависност и потчинетост се претвора во однос на рамноправност, а во исто време расте и независноста на членовите на семејството. Современото семејство се карактеризира со рамноправност меѓу мажот и жената врз база на економските и јав-

---

1/ К. Маркс: Капиталот I, Скопје, 1953 г. стр. 385-6.

ните функции кај жената ги стекнува во општеството.

Кога со доминацијата на приватната сопственост врз сопстве носта жи и со интересот во поглед на наследувањето дошле до превласт на патријархалното семејство и моногамијата, тогаш склучувањето на бракот, станало наполно зависно од економските обзири... Власта на мажот во семејството е едноставно последица на неговата економска власт и исчезнува во неа само по себе"1/. Атмосферата на договарање и рамноправно одлучување ја заменува власта на таткото и на мажот. Економскиот мотив за склучување на брачната врска е заменет со индивидуалните наклоности, а со тоа брачните односи претежно стануваат детерминирани,од емотивните и моралните елементи. Општествено-економски, современото семејство престанува да биде производувачка заедница претежно јавувајќи се како потрошувачка заедница.

Соответно на наведените битни карактеристики на патријархалното семејство, истите за современото семејство изгледаат вака:

1. Основна карактеристика на современото семејство што не поседува средства за производство. Современото семејство се повеќе -посредно или непосредно - лежи врз општествените средства за производство.

2. Современото семејство се базира врз рамноправноста меѓу мажот и жената и врз другарски однос меѓу родителите и децата /односите во семејството се демократизираат -егалитирано семејство/.

3. Воспитната функција во современото општество е поделено меѓу општествената заедница, државата и семејството.Воспитувањето и школувањето не исклучува грижа на семејството, но тие поминуваат и во рацете на општеството. Воспитната улога

на семејството, се дополнува со школото, работното место и разни-те организации во кои поединецот се повеќе се вклучува.

4. Заштитната функција на современото семејство се намалува во тоа што општата општествена грижа се повеќе расте особено во социјалистичките земји /правните, социјалните и морално-политичката заштита се во секојдневен постојан пораст 1/.

---

1/ Производните функции се губат и поминуваат на општеството.
Карактеристиките на содржината на современото семејство, подетално можат и вака да се изложуваат:

2/ Потрошувачките функции на семејството се развиваат. Семејството станува важна консумна единица во економијата на земјата.

3/ Структурата на семејниот буџет се менува за сметка на издатоците за храна, во полза на потрошувачката на другите потреби.

4/ Се врши механизација на домаќинството, со што се скусува работното време потребно за извршување на домашните работи.

5/ Нестанува сегрегацијата во извршување на домашните работи. Се губи чисто машката и чисто женската сфера, сите членови на семејството можат да се занимаваат со сите домашни работи. Настанува девалоризација на женските улоги кои се однесувале само на домашните работи.

6/ Жените во голем број одат на работа надвор од куќата. Конечно мажени жени и мајки. Општеството почнува позитивно да ги цени новите улоги кои жените ги отекнале со своето запослување.

7/ Структурата на семејството се менува. Поширокото семејство се сведува на потесно, како што некои го наречуваат "нуклеарно семејство". Поблиските и подалечните роднини излегуваат од рамките на семејство." Поблиските и подалечните роднини излегуваат од рамките на семејството, врските со нив се повеќе истакнуваат само емотивни.

8. Бројот на децата во семејството се намалува бидејќи раѓањето се планира.

9. Годините на сопрузите при склучувањето на браковите растат. Се зголемува разликата меѓу сексуалната зрелост за стапување во брак и социјалната зрелост за реализација на бракот./ Меѓутоа, оваа генерализација зан повисоките стадиуми на развитокот на индустриските земји изгледа дека не важи. Вох развиените капиталистички земји на пример повторно расте бројот на децата во семејството и се намалуваат годините на старост при склучување на бракот/.

10. Браковите не се одржуваат по секоја цена, па се зголемува бројот на разводите.

11. Егзистенцијата надвор од семејната организација е возможна, па се зголемува бројот на нежењети и немажени.

12. Сексуалните односи надвор од семејството се возможи, па расте бројот на вонбрачни мајки и деца, без големи последици за децата.

13. Детската делинквенција во некои земји расте до таа мера што станува национален проблем.

14. Рекреацијата станува важна семејна функција. Во нејзиното спроведување исчезнува сегрегацијата по полови. Разликата меѓу чисто женската и машката забава се брише.

15. Емотивните функции на семејството и бракот се развиваат и се повеќе стануваат основи на брачната заедница и цел на нејзиното егзистирање.

16. Семејните авторитети отстапуваат место на атмосферата на рамноправност. Договорување наместо наредување.

17. Децата уживаат поголема слобода.

18. Голем број воспитни фунции преминува на општеството.

19. Расте интервенцијата на општеството во помошта на семејството и во усмерувањето на неговиот развиток.

20. Под влијанието на индустријализацијата, особено на урбанизацијата, животот во градовите станува анонимен, а семејствата се повеќе индустријализирани и изолирани.

О. Бурић "Некои основни елементи савремени социологије породице"- Списание гледишта бр. 5-1961 г.

## ОДБРАНИ ИНДИКАТОРИ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА СЕМЕЈНИТЕ ОБЛИЦИ ВО ПОЛОГ

Класификацијата на семејните облици во Полог, ќе се изврши според извесни одбрани индикатори: од една страна локацијата и структурата на домакинсвото, од друга страна врз однова на некои елементи на семејниот живот. Амбиенатот во кој живее семејството, функционирањето на семејството спрема неговите членови, различно се одразуваат врз општата структура и улогата на семејството во целина.Одредени елементи можат да претставуваат граница во контактирање појавните облици на семејството.

Имајќи ја предвид основната поделба на семејствата во Полог на типови и појдувајќи од типот на населба во кој тие егзистираат како и од целокупниот претходно наведен материјал,за разврстување на семејството во облици се одбрани следните индикатори:

а/ структура на семејството

б/ возраст на која се склучува бракот

в/ избор на брачниот другар

г. положба на жената во семејството.

Сами по себе, без претходниот материјал кој го опишува семејниот живот во Полог, наведните елементи не би можеле да не доведат до одредување на семејните облици.

Патријархалниот тип н а семејството кој во Полог е застапен во селото, во себе крие повеќе појавни облици: Релативно недоволно развиена област со сите свои атрибути, чини поволен амбиент за одржување на конзервативизмот и општата заостанатост. Отстапувањата во хомогеноста на патријархалното семејство произлегуваат од диференцираните национални социјални групи кои ги опфаќа /Шиптари, Турци и Македонци/.

И покрај тоа што бројот на лицата кои го сочинуваат семејството е еден од сигурните показатели на патријархалниот поредок, структурата на семејството во селото, покажува отстапување кај поединците општествени групи.

Графикон 99

КОЈ ГО СОЧИНУВА СЕМЕЈСТВОТО



Средината која смета дека егзистенцијата на поединецот е возможна едино во семејната организација, врши притисок во смисла на рано склучување на браковите.

Возраста на која се склучува бракот како за девојките така и за момчињата варира со оглед на полот и на националноста.

Графикон 100

НА КОЈА ВОЗРАСТ СЕ СКЛУЧУВААТ БРАКОВИТЕ?




Графикон [illegible]



Начинот на избор на брачниот другар, односно во која мерка улогата на младите е активна или пасивна, при тој избор земен во целина, ги одразува патријархалните односи. Но и тука обичаите на разните националности го даваат својот белег.

Графикон 102

ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОТ ОДЛУЧУВААТ?




Што се однесува до положбата на жената, скоро во цел Полог, таа се карактеризира со нејзина потчинетост во брачните односи.

Стриктната поделба во обавувањето на домашните работи доведува до постоење на строго одвоени "машки" и "женски" работи во семејството, што впрочем и се одразува врз положбата на жената.

Графикон 103

ДАЛИ СЕ ПОДЕЛЕНИ РАБОТИТЕ МЕЃУ МАЖОТ И ЖЕНАТА?




Непостоењето на другарска атмосфера во односот меѓу мажот и жената/ со оглед на националните разлики/ произлегува и од неможноста таа јавно да му проговара на својот маж.

Графикон 104

ДАЛИ ЖЕНАТА СМЕЕ ЈАВНО ДА МУ ПРИГОВАРА НА
НА СВОЈОТ МАЖ?



И покрај постоењето на многу сличности во семејните односи и семејниот живот воопшто /детално обработени во II, III и IV глава/ се наметнува натамошно диференцирање на семејството според општествените групи. Неоспорно дека во селската средина наведените елементи имаат големо влијание врз формирањето и функционирањето на семејните односи и овозможуваат нивно подетално обликување.

Врз база на наведениот материјал можеме да констатираме дека патријархалното семејство во Полог не претставува хомогена појава туку се појавува во два облика:

а/ "чисто", "стабилно" патријархално семејство задржано кај муслиманското население

б/ "умерено" - патријархално семејство, кое го опфаќа семејниот живот на македонското население.

Современото семејство во Полог /доминира во градот/, за разлика од патријархалното кое веќе е изградено, постепено се формира во склад со старите и новите општествени правила. Позитивното законодаство и јакнењето на индустријата имаат особено длабоки последици на градскиот живот воопшто, а посебно вр семејните односи во него. Оттука искоренувањето на многу предрасуди, појавата на нови сфаќања и изедначувањето на постапките во семејниот живот кај неговите различни општествени групи.

Ако појдеме од истиот материјал и индикатори кои доведо до утврдување на два облика на семејството во рамките на патријархалниот, тип, произлезени од националните разлики, во современото семејство можеме да го констатираме нивното скоро незабележително егзистирање. Во рамките на современото семејство, во градската средина, хомогеноста е на -

рушена нея поради националните туку поради професионалните разлики кои во овие услови им даваат специфичен белег на семејните односи.

Во градската средина, семејството покажува тенденција на се поголемо стеснување. Подалечните на и поблиските роднини излегуваат од неговите рамки.

Графикон 105

КОЈ ГО СОЧИНУВА ВАШЕТО СЕМЕЈСТВО?




Редукцијата на семејството во градот не се одвива само по пат на негово сведување на биолошката група, туку и по пат на намалување бројот на децата. Како последица на економско-политичката социјалната ситуација во градот, кај родителите надвладува желбата на своите деца да им создадат поволни услови за издржување ия и воспитување. Отстапувањата во бројот на децата во семејствата, пред се се резултат на различниот просветенниво на поедините групи. Развитокот на населението и неговиот општо образовен ниво стоеле под влијанието на многу различни услови /економски, социјални, етнички, здраствени и тн./, поради што и населението на ова подрачје многу се раз-

ликува по својот демографски состав. /Демографскиот фактор има посебна активност која особено се изразува во високата стопа на прирастот на населението на овој крај. Додека во патријархалното семејство се сретнуваат по пет, шест, седум па и повеќе деца /особено кај муслиманското население/, во градот доминираат семејствата со три деца /кај работниците/ или со едно или две деца /кај службениците/.

Графикон 106

КОЛКУ ДЕЦА ИМАТЕ?




Сеќако дека повисокиот образовен и културен ниво, од една страна, му овозможува на населението во градот да ги применува средствата и постапките за ограничување на раѓањата, а од друга страна под неговотовлијание и под влијанието на други фактори /економски, социјални, итн./, кај поедините слоеви се формира одреден став спрема раѓањата кој непосредно се одразува на бројот на децата во семејството. Не само тоа, во условите кога децата не се само средство за продолжување на видот и за очување на имотот, се менува и идеалот на семејстфото во однос на бројот на децата.

## Графикон 107

### ШТО МИСЛИТЕ , КОЛКУ ДЕЦА ТРЕБА ДА ИМА ЕДНО СЕМЕЈСТВО?




Возраста на која се склучува бракот во редот на работниците и службениците во градот покажува ситуација на зголемување разликата меѓу сексуалната зрелост за брак и социјалната зрелост за неговото реализирање што и е една од карактеристиките на современото семејство /Види II дел стр. 93-97/.

## Графикон 108

### НА КОЛКУ ГОДИНИ СТЕ СКЛУЧИЛЕ БРАК?



Графикон 109

НА КОЛКУ ГОДИНИ СТЕ СКЛУЧИЛЕ БРАК?



Што се однесува до начинот на избор на брачниот другар во современото семејство, разликите се многу поупадливи кога се однесуваат на професионалната отколку на националната компонента. /Види II дел, стр. 74-5/.

Графикон 110

ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОТ ОДЛУЧУВАЛЕ



Отварањето на индустриски претпријатија, поголемиот просветен и културен ниво во градот, ги создаваат најважните предуслови за еманципацијата на македонската, шиптарската или турската жена. Но, во реализирањето на таа еманципација многу често тие сеспречени од патријархалните норми на општествениот живот, чиј интензитет на делување зависи како од националната, така и од школската спрема на членовите на семејството во кое таа живее.

Релативно малиот број наш жени во постојн работен однос /особено кај муслиманското население/, нивниот низок културен ниво наследен од минатото како и општите економски прилики на овој крај, на разни начини влијаат на успорување темпото на нивната еманципација, односно трансформација на семејството.

Положбата на жената во семејството, иако наполно не задоволна, сепак таа е многу подобра отколку на селската жена.

Стрикната поделба на работите меѓу мажот и жената е намалена во зависност од самата улога на жената.

Графикон 111

ДАЛИ СЕ ПОДЕЛЕНИ РАБОТИТЕ МЕЃУ МАЖОТ И ЖЕНАТА?



Покрај зголемувањето на женското учество во донесувањето на семејните одлуки, жената во работничкото и службеничкото семејство може и јавно да му се спротитстави на мажот./Види III дел. стр. 125/.

Трафикон 112

ДАЛИ ЖЕНАТА СМЕЕ ЈАВНО ДА МУ ПРИГОВАРА НА МАЖОТ?




Обработката на целокупниот матаријал и одбраните индикатори овозможуваат современото семејство во Полог да се дели на два облика:

а/ работничко семејство
б/ службеничко семејство[1]/

Во градската средина каде последиците на индустр лизацијата, урбанизацијата и позитивно-правните прописи

1/ Не би смеело да се тврди дека со работничкото и службени семејство се исцрпуваат појавните облици на семејството градот, во Полог. Секако дека натамошни истражувања би мо да доведат до утврдување и на други облици /селско работ чко, како преодно, занаетчиско ( од вкупниот број на акт лица, 1962 година, 4,6% во Полог се занаетчии, 10,8 во пр ииххяица и тн./ што ќе треба да бидат предмет на посебно тување , но за сега како форми на современото семејство Полог ќе бидат третирани само наведените две.

многу подиректно се чувствуваат, националните особености ја губат својата значајна улога во регулирањето на семејните односи и го отстапуваат местото на други елементи /промена во структурата на населението според занимањето, школската спрема, квалификација, итн./. Оттука иде и оправданоста на поделбата на семејството на работничко и службеничко. Со тоа не се тврди дека градскиот живот наполно ги отстранува националните разлики TMV дека само придонесува постепено да се ужине видното влијание врз семејниот живот. Воено, натамошно развивање на тој процес секако дека ке доведе и до нивелација на овие форми на семејниот живот како и на сите наследени семејни вариетети. Но, за сега диференцијата меѓу работничкото и службеничкото семејство во Полог, има свое оправдување.

Пред се, со оглед на стартната основа на ова подрачје /степенот на развитокот на производните сили, кој социјалистичката револуција го затекнала/, релативно големиот број на индустриски работници е од скорашна дата. Индустриските мануелни и немануелни работници се новајлии, тие ја сочинуваат првата генерација на работници, многу ретко втора генерација.

- Најзначајните индустриски објекти како хидроенергетскиот систем Маврово, хромниот комбинат во Јегуновце, Југохром, текстилниот комбинат Т.Ц. Мерцан, Фабриката за силикати па и други се подигнати во повоениот период.-

Додека работниците обично се новајлии, службениците повеќе се градски староседелци, што се одразува на нивниот семеен живот.

Од друга страна не е без значење и околноста што земјоделието е постојан извор од кој индустријата ја црпе работната сила. Поминувајќи од аграрната дејност во индустриската

дејност оваа работна сила со себе носи многу белези, обичаи и работни навики кои ги стекнувала долго време во селската средина. Затоа, влијанието на заостанатата рурална средина со сите нејзини негативни последици врз семејниот живот на работничките семејства се чуствува и веројатно дека уште долго ќе се чуствува.

Затоа во работничкото семејство наоѓаме современи елементи споени со извесни елементи на патријархалноста, па некогаш тоа е современо само од социолошко гледиште додека во меѓусобните односи на своите членови тоа останува патријархална /на пример во односи маж-жена, родители - детца и тн./ Иако разликите меѓу работничкото и службеничкото семејство со развитокот на социјализмот постепено се намалуваат, со оглед на понатамошниот трансфер на населението од аграрните во неаграрните дејности сепак нивната присутноса за сега има дава посебни белези. Покрај нивното правно изедначување овие карактеристики уште оневозможуваат нивното фактичко изедначување.

Стручните и школските квалификации на работниците во неразвиените краишта - како што е и Полог- доведуваат до помали приходи во работничките семејства во однос службеничките, што исто така ја оправдува разликата меѓу овие форми на семејниот живот 1/.

ПАРАЛЕЛНО ПОСТОЕЊЕ НА РАЗЛИЧНИ ОБЛИЦИ НА СЕМЕЈСТВО

Досега изложениот материјал ни овозможува да констатираме дека во Полог не постои еден единствен тип на

---

1/ Наведените разлики меѓу службеничките и работничките семејства на се сретнуваат во индустриски развиените центри во нашата земја, на пример Крањ, Мариборх, па таму би можело да се зборува за единствено работничко -службеничко семејство.

семејството, туку два основни типа кои имаат четири појавни облици /натамошно проучување би довело и до утврдување на повеќе семејни варијетети/. Паралелно, во Полог постојат овие облици на семејство:

Службеничко

Работничко

"умерено" патријархално

"чисто патријархално"

Низ овој пресек облиците на семејството во Полог се распоредени, од најниското "чисто" патријархално кон "умерено" патријархално, "преку работничкото до службеничкото семејство како најразвиен облик на современото семејство.

Првите два облика особено првиот , се преземени одминатото и живееат меѓу селаните. Спротивно на овие облици е правото современо семејство, кое се ослободува од земјата и традициите врзани за нea. Во социолошка смисла и современото семејство не ни се јавува во единствен облик туку се диференцира на работничко и службеничко.

Според добиените податоци и одбраните индикатори ни овие форми на семејството не го сочинуваат, вистинско во права смисла на зборот, современо семејство. Тоа може да се види и по тоа што принципите на современото семејство доследно и во целина не се спроведуваат, особено кога се бара фактичко признавање и рамноправноста на двата пола. Тоа значи дека формирањето и развиткот на современото семејство не зависи само од степенот на индустријализацијата туку и од културното и историското наследство.

И фактот што муслиманското население /Шиптарите и Турците / по обликот на семејниот живот ги наоѓаме на нај-

ниската точка со оглед на развојните етапи на семејството /од една страна произлегува од тоа што тие претежно го сочинуваат селското население /74,2%/, а од друга страна произлегува од нивната вековна културни заостанатост, традицијата, обичаите и навиките во начинот на живеење. Земено во целина, во зависност од досегашното стапало на развитокот на производните сили и од социјалистичките општествени односи, може да се рече дека Шиптарското и турското население во Полог постигнувало вонредни резултати. Додека во предвоениот период Шиптари и Турци речиси не се сретнувале како индустриски или културно-просветни работници[1]/ сега се забележува не само нивното бројно зголемување, ами и подобрување на нивната квалификациона структура и забележителни успеси на културно -просветно поле. Во повоениот период постојано се преземаат сериозни мерки, во вкупниот број на запослени да се обезбеди учеството на сите националности пропорционално со нивниот број. Од табелата може да се види дека индексот на запослување е поголем кај Шиптарското и турското население, отколку кај македонскоото население, што е оправдано со оглед на нивната бројна застапеност во оваа област.

1/ Еве како Р. Петровиќ непосредно пред војната ја опишува положбата на Шиптарите во Полог: /"Сточарството, земјоделството и работата за иднина се главни занимања на шиптарското население Само многу мал, готово незабележителен дел, се занимава со трговија низ Гостивар и Тетово.
Всушност тоа реткост, Меѓу тие кои одат на печалба, се случува почесто и поединците да се задржуваат како трговци во други краишта. Во интелектуалните занимања ги нема никако. Школата и описменувањето меѓу нив досега многу малу навлегле. Во тој поглед се на ниско стапало. Затоа, во многу е крива и околноста што биле присилени наставата да ја следат на јазик за нив туѓ, кој тешко можеле да го учат, наместо на својот јазик.
Р. Петровиќ: Полог стр. 25.

Табела 59

Лица кои барале работа и се запослиле /по националност/

Податоци од заводите за запослување Тетово и Гостивар.

| | | Македонци | Шиптари и Турци |
|---|---|---|---|
| 1959 | Барале работа | 862 | 1.008 |
| | Се запослиле | 473 | 838 |
| | % запослени | 54% | 77% |
| 1963 | Барале работа | 1.290 | 1.506 |
| | Се запослиле | 561 | 1.149 |
| | % запослени | 43% | 76% |

Табела 60

ЗАПОСЛЕНИ ПО ПОЛ И НАЦИОНАЛНОСТ

Тетовска околија без Мавровска општина податоци од општините, 1962 г.

| | | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|
| Македонци останали | 1963 | 10.598 | 7.688 | 2.910 |
| Шиптари | 1963 | 4.670 | 4.493 | 177 |
| Турци | 1963 | 1.242 | 1.069 | 153 |
| ВКУПНО: | 1964 | 16.510 | 13.270 | 3.240 |
| | 1964 | 16.782 | 13.362 | 3.420 |

Ако се анализираат податоците за запослените лица ке се види дека структурата особено е неповолна кај Шиптарите и Турците кои најчесто се запослени како обични работници. Но, при разгледувањето на табелата треба да се има предвид дека се работи за стручни квалификации кои возрасната генерација не можела да ги постигне поради објективни услови /како општесвени така и политички / во минатото, додека

младата генерација со крупни чекори се здобива со потребните квалификации.

Табела 61

СТРУКТУРА НА ЗАПОСЛЕНИТЕ ШИПТАРИ И ТУРЦИ - 1963 г.

/Податоци од општините/

| | | ВКВ. | Квал. | ПКВ. | Неkв. | Со факултет | Со виша шк. | Со Ср. | Ниже | Пом. служ. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно Шиптари | м. | 103 | 332 | 1285 | 1373 | 14 | 14 | 327 | 293 | 299 | 4670 |
| | ж. | 2 | 8 | 32 | 62 | 1 | - | 27 | 11 | 24 | 177 |
| Вкупно Турци | м. | 75 | 320 | 365 | 286 | - | 2 | 48 | 57 | 89 | 1242 |
| | ж. | 1 | 6 | 83 | 25 | - | - | 8 | 7 | 23 | 153 |

Исто така з а време на ова испитување јасно се забележува дека прогресивните процеси кои ги покренале индустријализацијата и промената на општествените односи со сите свои последици многу придонеле за промената на структурата на семејството и односите во него кај шиптарското и турското население.

Социјалистичките општествени односи развиваат многу јаки општествени сили кои делуваат во правец на изедначување на семејните облици. Но, на нееднаква подлога, развојниот процес не ги опфаќа рамномерно сите места па оттука и диференцираните резултати кои тој ги дава.

Може да се уочи дека поранешните облици на семејството уште имаат значајно влијание врз семејниот живот. Од една страна тие делуваат како израз на недоволно развиеното стопанство, особено на неговиот аграрен дел, а од друга страна

како резултат на долговременските демографски прописи кои во релативно краток временски период не можеле да се изменат.

Меѓутоа, неоспорен е фактот дека семејството во Полог интензивно се менува и ги напушта патријархалните позиции. Во таа смисла, присуството на заостанатите и примитивните појави покрај напредните, современите, не може поинаку да се третираат освен како динамично и прогресивно менување на семејството.

Како што една индустриски развиена земја, на др друга послаба и ја покажува сликата на својата сопствена иднина /"индустриски поразвиената земја и ја покажува на помалку развиената земја само сликата на нејзината иднина" /Маркс/, можеме да речеме дека и во Полог современото семејство ја дава сликата на понатамошниот развиток на патријархалното семејство, дека во најнискиот облик на патријархалното семејство се согледува минатиот живот на современите и идните облици на семејството.

Библиографија на трудовите за темата
"Облици на семејството во околината на
Тетово"

I


1. Архо Нико и Андрија Таубер - Младината и бракот во Словенија, Социологија, бр. 1-2, 1963.

2. Бакиќ д-р Војислав - Семејството и семејноправните односи во Југославија, Белград, Современа администрација, 1960.

3. Бонач -д-р Владимир - Типови на југословенското семејство, Рад, Белград, 1957;

- Разводите на Југославија, Социјална политика, година VI, 1958.

4. Богишиќ Валтавар - За формата наречена инокоштина во селското семејство на Србите и Хрватите, Белград 1884.

5. Брезник д-р Душан - Диференциран фертилитет кај населението на Југославија спрема школската наобразба, Социологија 2-3, 1959.

- Типологија на домакинствата и семејствата во семејствата во класификациите на пописот од 1953 год. Советување на примената на статистиката во социолошките истражувања, Беград, 1958.

6. Бичаниќ д-р Рудолф - Типови на мешовити селско-работнички семејства со оглед на приходите, Социологија, 1, 1958.

7. Бебел Аугуст - Жена и социјализам, Рад, Белград, 1956.

8. Буриќ Оливера - Некои основни елементи на современата социологија на семејството, Гледишта, бр. 5, 1961.

Годините за склучување брак и раните бракови во Југославија - Социологија бр. 1-2, 1953.

- Мислењата на работничката младина за бракот и и најповолните години за склучување брак, Социологија, бр. 1-2, 1963.

- Влијанието на запосленоста на жената врз семејството. Социологија, бр. 2, 1961.
- Современото америчко семејство, Гледишта, бр. 1,1962.

9. Вукосавлевиќ Сретен - Писма са села, Савремена школа, Белград, 1962.

10. Димитриевиќ Јован - Причините за развод, Рад,Белград. 1959.

11. Драгиќ д-р Милорад - Воспитување за брак, Рад, Белград,1959

12. Бурановиќ д-р Саша- Жената во работен однос, Напријед, Загреб, 1960.

13. Енгелс Фридрих - Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата, Маркс - Енгелс, Избрани дела, кн. друга, Белград, 1960.

14. Ерлиж Вера - Трансформацијата на семејството, Напријед, Загреб, 1964.

15. Зечевиќ Анѓелко - Средношколците и нивните ставови спрема бракот, Социологија бр. 1-2, 1962.

16. Караџиќ Вук - За општеството, Избор на социолошки текстови, Белград, 1964.

17. Костиќ д-р Цветко - Облици на нашите семејства, Гласник на етнографскиот институт САНУ VII.1958.

- Заавторитетот на семејството -Гласник на етнографскиот институт САН IX-X.1960-61 г.

- Вариетете на нашето селско семејство, Наша стварност бр. 11-12, 1957.

- Социолошкото проучување на селските и семејните заедници во СССР, Наша стварност, бр. 4,1963.

- Бор и околина, Белград 1960.

- Селаните индустриски работници, Белград 1955.

18. Красниќи д-р Марк и Современи општествено-географски промени на Косово и Метохија. Приштина 1963.

18. Кулишић Шпиро - Траговите на архајчната родовска организација и прашањето на балканската словенска симбиоза.

19. Мацура д-р Милош-Населението и работната сила, Белград, 1957.

-Структурата и развојните тенденции на домакинсвото и воспитувањето, Белград, 1958.

20. Брезник -др. Душан- Домакинствата и семејствата во пописот на населението 1953. Статистички ревија, бр. 3, 1959. Мацура д - Милош 1957.

21. Маркс Енгелс, Ленин - За воспитувањето и образованието, Култура, Скопје, 1963.

22. Милиќ Војин - Скиучувањето и разводите на Балканот спрема занимањето, статистичка ревија, бр. 1, 1957.

23. Живовка Деса- Семејството,воспитанието и работата со родителите; Детето,наша грижа,Скопје,1960.

24. Мирковиќ д-р Александар - Штетата на раните бракови, Белград, 1958.

25. Митровиќ Митра - Положбата на жената во современиот свет Белград,1960.

26. Младеновиќ д-р Марко - Семејството и семејните односи,Белград,1963.

- Разводите - Белград , 1964.

- Од патријархално до социјалистичко семејство, Социјална политика, б р. 1, 1961.

27. Мојиќ д-р Ангелина -,Психичката зрелост, за брак,Бел град 1958.

28. Најденовски Кузман-Тетово во минатото, Тетово 1964.

29. Николиќ Видосава - Српската семејна задруга во Метохиските села, Гласник на етнографскиот институт, VII.1958.

30. Општеството и воспитувањето, Белград,1958.

31. Петровиќ д-р Рудолф, - Полоф, антропогеографски приказ,Загреб 1942.

34. Петроска Блага-Класицитe на марксизмот за бракот и семејството, Култура,1962.

- Проблемите на семејствата и родителит во заостанатите селски населби/околината на Тетово/-кореферат на Советувањето за работата со родителите,Белград 1961 г.

Местото и улогата на жената во семејството и општеството /резултати на пробното анкетирање извршено во Скопје/. Просветена жена, април 1964.

35. Поповиќ д-р Васил - Задругата. Историска расправа, Белград, 1921.

36. Пешиќ Загорка - Моралната проблематика на односот меѓу мажот и жената, Белград, 1956.

- Судирот меѓу старото и новото во бракот и семејството, Белград, 1958.

37. Пуриќ Зорана- За општествената положба на жената в село - Социологија, бр. 3-4,1953.

38. Потрч д- Јоже - За бракот и семејството, Филозовски факултет, бр. 2, 1957.

39. Пусиќ д-р - Буген- Семејството и општествените служби, Наша стварност, бр. 11-12,1956.

40. Рибар Велко - За бракотх и семејството,Белград,1956.

- Родителите и децата,Белград 1957.

41. Сејфула Кемал - Сојузот на комунистите на Југославија и националните малцинства, Скопје, 1960.

42. Селинчев А. - Полог и неговото бугарско население, Софија, 1929 г.

43. Силајџиќ д-р Алија - Разводите како општествен проблем- Преглед, бр. 9,1960.

44. Станојчиќ д-р - Илија - Перспективата и моралната улога на семејството во социјализмот, Наша стварност, бр. 11-12,1955.

- Тенденциите на развитокот на семејството кај нас, Наша стварност, бр. 9, 1959.

45. СТојановиќ Светозар - Етичкиот аспект на бракот и семејството денеска, Наша стварност, бр. 10,1956.

46. Ступар Михајло - Семејството во социјализмот, Социјална политика бр. -7-8, 1959.

47. Супек Руди - Психологијата на работната акција, Белград, 1963.

- Испитување на јавното мнение, Загреб,1961.

- изборите на брачниот другар, Белград, 1958.
- Психологијата на семејството во предониот период, Преглед, бр. 2-3, 1957.

48. Савиќ Бранка - Семејството и општеството, Белград, 1958.

49. Томшиќ Вида- Едно мерило за напредокот на демократијата и социјализмот, Скопје, 1960.

- Семејството и социјализмот, Белград, 1956.

- Проблемите на општествената положба на жената, Социјализам, бр. 5-6, 1961.

50. Трифуновски Д-р Јован - За името и поделбата на областа Полог, Скопје, 1955.

- За турското население во Полошките села, Скопје, 1953.

- Типовите на жената во Полог
- Гостивар, Белград, 1947.

51. Податоци за потеклото и миграциите на поедини албански родови во северозападна Македонија, Трифуновски д-р Јован, Скопје, 1952

- Врвиќ и Јеловјане, Белград, 1952
- Села на Сува Гора, Белград, 1952.
- Села кои сега не постојат на Полог, Скопје 1949.

52. Фиаменго д-р Анте и Прашањето на бракото посматрано од аспектот на националноста. Религиозната припадност и од аспектот на степенот на образование на брачните другари, Социологија, бр. 2.1960.

53. Филиповиќ Миленко-Бракот меѓу првите роднини, кај српско-хрватските муслимани, Социологија, бр. 3-4, 1960.

- Последните денови на куќната задруга во Босна, Социологија, бр. 3-4, 1961.

54. Хаџи-Василевиќ д-р Јован - По тетовската област, Братство, XXIX, Белград, 1938.

55. Хаџиомеровиќ д-р Хасан - Економијата на женската работа и положбата на жената во општеството, Сарајево, 1959.

56. Цвијиќ Јован-Балканскиот Полуостров и јужнословенските народи - книга друга, Белград, 1931.

V

57. Broom i Selznick - Sociology, New-York, 1963.
58. Butterfield Oliver - Planning for marriage, New-York, 1957.
59. Chombart de Lauwe - Famille et habitation, I, II, Paris, 1954.
60. Cuvillier A.- Manuel de sociologie, tome second, Paris, 1954.
61. Sociologie comparée de la famille conteporaine, Paris, 1954.
62. Talkott Parsons and Robert Bales - Family, socializacion and interaction process, London, 1956.

# С О Д Р Ж И Н А


| | | СТРАНА |
|---|---|---|
| | У В О Д | 1 |
| I | Социо-економските прилики кои го детерминираат семејниот живот во Полог.................... | 7 |
| 1. | Географска положба, граници и големи на Полог ..... | 8 |
| 2. | Население по народност........................... | 9 |
| 3. | Економските прилики пред Втората светска војна................................ | 12 |
| | а/ Печалбарството.............................. | 14 |
| 4. | Општествено економскиот развиток по војната......... | 18 |
| | а/ печалбарството.............................. | 38 |
| 5. | Некои демографски карактеристики на Полог............ | 34 |
| | а/ големина на домакинствата.................. | 34 |
| | б/ семејни задруги.............................. | 38 |
| | в/ наталитет, морталитет...................... | 50 |
| | г/ неписмено население ....................... | 53 |
| II. | Маж - жена пред бракот......................... | 56 |
| III. | Маж - жена во бракот........................... | 106 |
| IV. | Односот меѓу родителите и децата............... | 153 |
| V. | Облици на семејството ......................... | 192 |
| 1. | Поимите брак и семејство наблудувани од различни аспекти.................... | 193 |
| 2. | Типологии на семејството во Југославија....... | 203 |
| 3. | Критериуми за одредување типовите во семејството во Полог................................ | 229 |
| 4. | Одлики на патријархалното и современото семејство ........................................ | 235 |
| 5. | Одбрани индикатори за класификација на семејните облици во Полог....... ............ | 241 |
| 6. | Паралелно постоење на различни облици на сем. во Полог | 254 |

# ПРЕГЛЕДНА КАРТА
## на населбите во Полошката котлина

